**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Триесет и четвртата**

**на Собранието на Република Македонија,одржана**

**на 12 септември 2003 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со работа по 34-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Зоран Крстевски, Али Ахмети, Теута Арифи, Љупчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Марија Којзеклиска, Илија Китановски, Ѓорѓи Трендафилов, Ганка Самоиловска-Цветанова и Сашко Кедев, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање и да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Благодарам.

Застанавме на 16-та точка од дневниот ред.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон за водостопанство.

Процедурално за збор се јавува господинот Слободан Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Мене ми е жал што не сме во поголем број заради тоа што ова што сакам да го споделам со вас е навистина тешко, но мислам дека не смее да помине без и ние да го одбележиме.

Господо, Ана Линд, мојата некогашна колешка е дел од историјата на оваа држава, на овој наш народ и на сите граѓани на Република Македонија. Ние со неа ја

потпишавме Спогодбата за асоцијација и стабилизација која ни ја отвори портата кон Европа. Ние заедно со неа, како претставник на Унијата, во времето кога претседаваше Шведска, изнајдовме компромисно решение за мракобесието на граѓанската војна која ни стоеше пред врати и која се закануваше да ни ја однесе иднината, да ни ги однесе децата.

Не сакам многу да зборувам. Таа мене ми беше личен пријател и извонредно ми е тешко. Во случајов кој живее од зборовите, но денес се наоѓам со извонредно голема мака. Затоа ви предлагам, ние како Собрание на суверена Република Македонија, на нашиот граѓанин кој трагично загина, иако цел живот стоеше во борба против насилството, стоеше како дипломат, стоеше како политичар, да и оддадеме почит со едноминутно молчење. Јас мислам дека ќе ме поддржите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Чашуле.

Ги повикувам пратениците да и оддадеме последна почит на госпоѓата Ана Линд.

(Пратениците и оддаваат последна почит на Ана Линд, министер за надворешни работи на Шведска).

Слава и.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон за водостопанство.

За збор се јави господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Госпоѓо потпретседателке, господин министре, господа пратеници,

Сакам прво процедурално да се јавам во врска со дневниот ред од оваа седница. Тука не е ни претседателот, ни генералниот секретар, но сепак би сакал да кажам дека во иднина присуството на министри да биде поврзано со точките од дневниот ред, да не ги прескокнуваме точките затоа што и ние имаме некои обврски и поради тоа останува одредени дискусии да бидат прескокнати. Мислам дека ова ќе се има предвид и присуството на соодветните министри, додека трае расправата по тие точки би било пожелно да биде континуирано.

Во однос на законот за водостопанство, во оваа прва фаза, тешко е после излагањето на екс министерот и експерти од оваа област да се каже нешто повеќе. Но чувствувам обврска кон моите гласачи од Битола, посебно од ЈП Стрежево, да изнесам дел од нивните видувања што мислам дека не се опфатени со овој закон, со надеж дека за истото Владата ќе има слух.

Водостопанските претпријатија можат да работат и да стопанисуваат со наводнувањето, од прилика пет месеци, а другиот период секое водостопанско претпријатие треба да се одржува и да обезбедува плати за вработените. Токму поради тоа се вршени вон водостопански активности и дејности за овие организации да можат да преживуваат. Токму во тој контекст е и нивниот предлог кој гласи - водостопанските организации кои досега извршуваа вонводостопански дејности и има изградено соодветни објекти со вложување на сопствен капитал, во рок од три месеци од датата на донесување на овој закон, да извршат економско техничка анализа за постоење, како засебни независни целини, ангажирајќи соодветни институции. Согласно донесените заклучоци од економско-техничката анализа, водостопанските организации можат и понатаму да ги вршат овие вон водостопански дејности кои ги вршеа до моментот на стапување на овој закон.

Зошто се предлага ова?

Во досегашниот период на постоењето и работата на водостопанските организации, во повеќе наврати се вложувало во објекти со кои се извршувале вон водостопански дејности кои во најголем број случаи се директно поврзани со водните количини и сливните подрачја на водостопанските организации. Вон водостопанските дејности кои немаат допирна точка со водите со кои стопанисуваат водостопанските организации, мора да се одвојат или пренесат на други субјекти.Образложувањето, посебно за вон водостопанските дејности е следното: се работи за туристички објекти, хотели и ски лифтови.

Бидејќи најчесто, гореспоменатите објекти се изведуваат на места кои се дел од локални сливни подрачја со кои управуваат водостопанските организации, најчесто во близина на заштитни зони и на изворишта, од еколошки аспект контролата на количините на вода и нивното загадување  најдобро ќе ја извршува соодветната водостопанска организација, со натамошно стопанисување со објектите.

Контролата, при евентуалното одвојување или пренесување на други субјекти, и покрај постојните органи за контрола и инспекција, нема да биде директна, со што се отвара можност за појава на несакани последици по водите. Конкретно, за ЈП

Стрежево е фактот дека после добивањето концесија на ХЕЦ Сапунчица, од страна на приватна фирма од Чешка, согласно распишаниот тендер според закон, во текот на најсушните години во Република Македонија, 2001 и 2002 година, се испушти неповратно голема количина на вода за производство на електрична енергија, без можност истата да се акумулира во акомулацијата Стрежево. Податоците за количините се наоѓаат во ХЕЦ Сапунчица и ЈП Водовод. Повеќе се нема контрола на количините на вода од сливот на реката Драгор.

Постојните ресторани во сопственост на водостопанските организации, во најчест случај, покрај редовните ресторантски услуги за индивидуални лица, се користат и за извршување на дел од наплатата на корисниците на вода.

При изработката на економско-техничката анализа и донесување на заклучок, потребно е да се земе и овој податок.

Конкретно за јавното водостопанско претпријатие Стрежево е фактот дека дел од индустриските корисници на вода се од делот на прехранбената индустрија, па дел од долгот спрема јавното претпријатие се извршува преку ресторанот Доблеџик, со користење на производи кои се користат за услугите на ресторанот. Од друга страна дел од долгот спрема правни физички лица со кои се соработува, се извршува со давање услуги, после заеднички договор. Базените за капење, конкретно за Стрежево е фактот дека базенот Доблежик, иако е компензационен базен и служи за потребите за регулација, со својата местоположба во градот Битола, во текот на летните месеци привлекува голем број на посетители, и покрај сите преземени заштити. Со контролираната посета истовремено се врши контрола и на количините на вода кои мора да преливаат, заради обезбедување на потребна чистота.

Комерцијалното рибарство исто така е дел од ова стопанисување. До колку, браните со кои стопанисуваат водостопанските роганизации, постојат секојдневни количини како провирни низ телото на браната, низводни извори по боковите на коритата и евентуално води за обезбедување на биолошки минимум во реките, во сушните месеци, потребна е економско-техничка анализа со која ќе се определи количината на риба која може да се произведе.

После донесувањето на заклучокот ќе се одлучи дали оваа вон водостопанска дејност ќе се одвои или ќе се пренесе на друг субјект.

Евентуалното вршење на овие дејности се доволно контролирани и со овој закон, преку предложениот управен одбор, со донесување на годишната програма за работа на организацијата, директно ги контролира активностите и вложувањата на

организацијата спрема вон водостопанските дејности каде што според предложениот состав на управниот одбор и во двете варијанти овозможува контрола на сите активности кои би се покренале во вон водостопанските дејности од страна на надворешни лица и најпосле каде што и приходите од Буџетот на Република Македонија се точно наменски искористени.

Другата забелешка се однесува во однос на управните одбори каде што се предлата 1/3 членови кои ги претставуваат заедниците, водокорисниците и општините од територијата на организацијата и 1/3 членови кои ги претставуваат вработените во водостопанската организација.

Образложението е согласно активностите на управниот одбор. Се појавува потреба од членови на организацијата кои се директни составувачи на програмата за работа, годишен финансиски план, висината на водниот надомест, организационата структура и други активности кои произлегуваат од работата на организацијата. На овој начин управниот одбор директно, навремено и целосно ќе биде запознаен со активностите на организацијата. Значи овие се две директни забелешки кои доаѓаат од јавното водостопанско претпријатие Стрежево. Мислам дека Владата ќе има слух да ги вгради во претстојниот закон за водостопанство.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Агим Џелили.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници,

Предлог-законот за стопанисвуање со води е едне нов пристап што верувам дека ќе внесе некои новини во тој правец.

Од досегашното искуство на овој план сите сме загрижени, почнувајќи од стопанисувањето со водата за пиење, како едно големо богатство за потребите на животот.

Инкасаторите и раководителите на овие организации повеќе биле заинтересирани да ги земат платите отколку да ја одржуваат мрежата.

Состојбата е поболна во организациите кои се занимаваат со вода за наводнување. Овде со години се нема инвестирано во мрежата за наводнување, додека денес имаме многу тужби во судовите за бнепочитување на таксата. Се бара од сопственикот да ја плати водата.

Со овој предог првенствено треба да се инвестира, а потоа да се бара. Земјата е без вода а вода имаме се помалку поради нерационална употреба. Сега овие предлози и нормативи треба да бидат стимуланс во тој правец.

Кога станува збор за администрирањето со вода предност треба да им се даде на организациите кои се во зоната на изворите на вода.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за водостопанство.

2. Владата на Република Макеоднија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на РМ.

3. Овој заклучок заедно со извештаите и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на РМ и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Предложениот заклучок го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Присутни се 74 пратеници. Гласале 58 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека Собранието едногласно го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на 17 точка - Предлог за донесување на закон за финансирање на политичките партии.

Предлогот за донесување на закон, Мислењето на Владата, Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет и дописите на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, како и на Законодавно-правната комисија, ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави предлагачот на законот,  господин Андреј Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Јас ја имам таа чест и задоволство во име на предлагачите да објаснам која беше нашата намера што денес до вас, до Парламентот дадовме еден проект

наречен закон за финансирање на политичките партии и да објаснам кои заправо беа нашите мотиви и кои се причините зошто ние се одлучивме на еден ваков чекор.

Ова е еден закон кој дефинитивно нема да им одговара на еден круг политичари во нашите политички партии, нема да одговара посебно на оние благајници или на оние луѓе кои се задолжени да ги собираат парите за време на изборите.

Овој предлог дефинитивно нема да одговара и на одреден круг бизнисмени во Република Македонија, без разлика дали работат во јавниот или во приватниот сектор. Но ова е предлог кој дефинитивно ќе одговара на државата, на нејзините интереси и што е најважно на интересите на граѓаните на Република Македонија.

Факт е дека поминаа речиси 10 години од функционирањето, живеењето, односно постоењето на законот за политички партии и мислам дека нема да бидам единствен или нема да бидеме единствени кои можеме да донесеме еден јасен заклучок дека тој покажа низа недоследности, низа недоречености, дека тој овозможи, навистина, една голема нетранспарентност во работењето на политичките партии и ако сакате уште подиректно, остави голем простор за злоупотреба, посебно во оној дел кој нас како политички партии многу не интересираше, а тоа беше финансирањето на политичките партии, или ако сакате попрецизно начинот на финансирање, изворите на финансирање и она што најмалку го сакавме контролата на финансирањето на политичките партии.

Јас, и кога го обелоденувавме овој предлог и сега ќе кажам сосема отворено и искрено дека од почетокот на плурализмот, финансирањето на политичките партии во Република Македонија се одвива во една сива зона, една зона која одговара на политичките партии, но дефинитивно не одговараше на државата или ако сакате на системот што се обидуваме да функционира така како што треба да функционира. Ова е еден обид за посеопфатно регулирање на финансиското работење на политичките партии.

Која е нашата намера? Нашата намера е прво да добиеме транспрарентно финансиско работење, или ако сакате, да имаме јавност во работењето на политичките партии особено начинот на кој тие се финансираат.

Понатаму, сакаме, што е мошне битно да извршиме елиминаре на зависноста на политичките партии од одредени центри на моќ, со цел да ја спречиме партиската корупција која, според сите анкети на јавното мислење и според сите оние сугестии што ни доаѓаат од Меѓународната заедница, партиската корупција, заедно со

корупцијата во државната администрација е проблем број еден во Република Македонија и водечко место на листата на она што се нарекува корупција во Република Македонија. Од таму сите овие низа решенија што ги нудиме пред вас, всушност имаат една антикорупциска природа и се надевам дека со едно заедничко изгласување на овој предлог, откако заеднички ќе ги донесеме најдобрите решенија, навистина ќе застанеме на патот на сите бизниси или олигархиски интереси, на сите бизниси и олигархиски кругови во нашата држава кои многу добро знаеја дека инвестирањето во политичката партија всушност занае да донесе и профит во најпрофитабилната бизнис можност во Република Македонија, а тоа е државата да се корумпира.

Имаме намера да донесеме закон со кој ќе има многу повеќе контрола со која ќе се финансираат политичките партии, се разбира д аима санкции и н акрајот она што е логично што е сосема нормално да има казнени одредби за сите оние политички партии кои нема да го почитуваат донесениот закон.

Понатаму, нашата намера е да предложиме решенија исти, или слични на оние кои што ги препорачува Европа, кон која што се стремиме, затоа мошне кратко е ја прочитам препораката на Советот на Европа, дека , цитирам, политичките партии треба да добијат финансиска контрибуција од страна на државниот буџет, со цел да се спречи зависноста од приватни донации и да се гарантира еднаква шанса за сите политички партии.

Јавната, буџетска финансиска контрибуција, треба да биде контролирана во процентот на политичката подршка која што политичката партија ја проследува или ја добива со објективни критериуми, како што е бројто на усвоени парламентарни седишта, но исто така , од друга страна да овозможи новите партии да влезат во политичката арена и да се натпреваруваат со фер услови во однос на избраните политичките партии. Значи самата препорака од Советот на Европа број 1,5,6,прекорачува да имаме финансирање на политичките партии од Буџетот, ова го кажувам сосема јасно, затоа што се разбира, се појавија дилеми во јавноста, дали сега треба политичките партии да се финансираат од Буџетот.

Јас ќе се обидам да објаснам зошто е тоа подобро за самите граѓани. Значи, доколку сакаме во Европа треба да ја оспособиме законската регулатива, тоа значи дека треба да ги донесеме овие препораки, за жал, консултирајки се со сите оние земји законите што ги донеле земјите од Европа и во нашето сосетство можеме да заклучиме дека само Република Македонија и наиот западен сосед Албанија, го немаат регулирано тоа прашање. Држави кои имаат механизми на јавно

финансирање, се почитувани дами и господа, Австрија, Белгија, Бугарија, Данска, Финска, Франција, Германија, Грција, Унгарија, Италија, Пртугалија, Шпанија и Шветска. Од нашето сосетство Словенија, БИХ, Хрватска и неодамна Југославија го регулираше ова прашање.

Од оние механизми кои ги имавме на располагање, ние ги земавме оние модели кои што ги има во нашето соседство, затоа што и таму владее корупцијата. Така во Хрватска се одвојуваат средства од Буџетот во висина од 0,056, а во БИХ , тие се проценти од предвидените средства кои се распоредуваат на сите парламентарни групи подеднакво, а 70% сразмерно на бројот на пратениците.

Ние како предлагачи понудивме средно решение, а тоа е вкупните средства што се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за финансирање на политичките партии се во висина од 0,08% од вкупните средства на Буџетот или алтернативно 0,06% . Претпоставувам дека во текот на дискусијата ќе се оцени дека можеби и оваа сума не е најпрецизна, односно најдобра и понатаму, имаме уште една распределба, а тоа се средствата што се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за финансирање на политичките партии во висина од 20% да се распоредуваат подеднакво на сит епарламентарни и вонпарламентарни политичките партии кои усвоиле најмалку 1% на гласовите од последните парламентарни избори, а останатите 80% или во варијанта 70% да се распоредуваат на политичките партии чии кандидати се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија , сразмерно на бројот на нивните пратеници, значи она што го сугерираше Советот на Европа.

Што носи овој предлог? Овој предлог носи стрикно дефинирање на секој приватен извор на финансирање на политичката партија: членарината, прилозите од правни и физички лица, подароците и т.н.

Понатаму, ограничување на износот кој што го примаат политичките партии. Понатаму, политичките партии морат и должни се да го приајват надминвуањето на лимитот кој што им е дозволен согласно законот. Змачи моментот кога ќе имаме надминување мора тоа да биде пријавено од страна н аполитичката партија, односно одговорното лице политичката партија на надлежниот контролен орган.

Понатаму забрана на средствата, кои што се добиваат од определени субјекти. Значи, политичките партии не можат да стекнуваат материјални средства од влади, од меѓународни институции, органи и организации од странски држави и други странски лица, понатаму и од државни локални органи, надвор од средствата предвидени од Буџетот на Република Македонија и се разбира од буџетите на

Локалната самоуправа. Понатаму, претпријатија кои имаат најмалку 20% учество на државен капитал, јавни установи и институции вклучувајки ги и тие кои што го започнале процесот на приватизација. И приватни претпријатија кои во моментот на давање прилог за политичката партија, вршат јавниоуслуги за државни органи и јавни установи по пат на договор. Да кажеме, доколку Министерството за труд и социјална политика некоја фирма во моментот набавува клупи и столчиња во една градинка, таа фирма не смее да даде прилог за политичка апртија, со цел да не изврши влијание или злоупотреба преку тој механизам.

Понатаму, за прв пат се регулира внатрешната партиска контрола. Овде мнозинството од пратениците се членови на раководствата на политичките партии, или е многу добро, односно ние многу добро знаеме дека никогаш на нашите централни раководства, централни комитети не било поставено прашањето од ниту еден член како се финансира политичката партија. Сме имале една одредба дека се потрошени толку и толку пари. Ниту еден член не смеел да праша како се добиени парите и како се потрошени, бидејќи тоа би му било последното прашање што би го поставил во таа политичка партија и повеќе нема да биде активен. Овој пат предвидуваме внатрешна контрола. Значи мора органот надлежен да даде отчет прво пред своите членови од каде му се парите и како ги потрошил и за што ги потрошил.

Понатаму, не смее член на политичка партија да врши контрола доколку е вработен во органот кој што е надлежен за контрола, ние предлагаме тоа да биде Управата за јавни приходи. Според некои решенија има и други органи и можеме тоа во текот на дискусијата да го примениме, меѓутоа, за да се одбегне злоупотреба од тој член на политичка партија тој не може да биде во органот кој што ќе ја контролира политичката партија. Денеска во печатените медиуми можевме да прочитаме во врска со оваа проблематика што мене ме радува што се покрена оваа иницијатива. Таму е предложено и опозицијата да учествува во контролата. Тоа за нас е апсолутно прифатливо, бидејќи сакаме да донесеме заедно како парламент закон кој што ќе држи, кој што ќе остане и кој што е биде не само на политичките партии, туку и на граѓанит ена Република Македонија .

На крајот, сосема кратко и јасно , бидејќи не мислам да го узурпирам времето денеска, денеска не треба да зборуваат толку предлагачите, туку треба да зборуваат парламентарците, да го кажат своето мислење.

Три работи сакам да кажам сосема јасно.

Прво, овој текст нема амбиција да биде конечен. Овој текст кој што е предложен во три фази. Предлагачите воопшто немаат илузија дека се ова најдобрите решенија, дека се ова идеалните решенија, затоа секоја дискусија која што ќе дојде од вас како пратеници ќе биде се разбира, земена предвид, доколку се покаже како добра, ќе биде инкорпорирана. Значи, ова ќе биде еден закон, кој што не само што е усвоен од Парламентот туку е и предложен од страна на Парламентот всуност. Понатаму, бидејки добивме подршка од Советот на Европа од Американскиот ЕМБИЈАИ, од неколку меѓународни институции, од неколку фондации , ќе се организираат низа трибини, на кои ќе бидат вклучени експертите, што значи освен парламентарците се разбира, ќе биде земено предвид и она што ќе го каже Владата на Република Македонија , односно ресорните министерства.

Второ, што сакам мошне јасно да кажам е дека ова решение граѓаните ќе ги чини многу помалку. Разбирлива беше првата реакција, имаше такви наслови во електронските и печатените медиуми дека сега политичките партии бркнуваат во џебот на граѓаните и така ќе се финансираат. Но јас отворено ќе кажам она што верувам дека сите ние го знаеме. И досега политичките партии се финансираа всушност, од Буџетот на Република Македонија. Многу едноставно фирмата што ќе ај добиеше работата преку некое министерство, преку некое јавно претпријатие, преку некој фонд и т.н., понатаму мораше да има благодарница до фирмата, односно политичката партија што и ја овозможува работата, тоа значи добиен е тендер, парите од тендерот се знае доаѓаат од Буџетот на Република Македонија , значи од граѓаните, благодарницата е митото и верувајте дкеа во однос на предвидените средства што се предлагаат овде, многу повеќе парите се црпеа на еден суптилен, на еден валкан начин од Буџетот на Република Македонија . Дефинитивно овој начин граѓанит еќе ги чини многу помалку, многу помалку ќе одвојуваат всушност средства и од друга страна се овозможува контрола од нивна страна и јавност за работењето на политичката партија, односно да имаат увид како се трошат на крајот на криаштата нивните средства.

И на крајот како трето, за целата скепса што се јави во моментот кои како предлагачи го обелоденивме ова на ПРЕС конференција, имаше навистина , скепса од колегите пратеници, имаше скепса и од новинарите, кои што се сега горе, дека овој закон нема да добие позитивно мислење од Владата поради разни околности, кои сме имале можност да ги проследиме низ сите овие години. Јас ќе кажам да, ова е поен за Парламентот, ова е голем поен за Владата која што успеала полека полека да се ослободи од она што цело време го замерувавме на сите досегашни политички

влади, а тоа што навистина предложите што доаѓаат во вид на закони милуваше да не ги третира на соодветно ниво. Овој пат добивме позитивно мислење, за што, се разбира, и се заблагодарувам на Владата, се разбира, Владата ќе биде вклучена и ние ќе соработуваме со она што ќе го кажат надлежните министерства. Но она што е битно што заедно како парламентарен состав , но овој пат и Владата се бориме овој наш Парламент да го заземе вистинското место во државата. Ова е законодавен дом и мора како пратеници да не почитуваат сите субјекти во Република Македонија . Јас и понатаму ќе кажам и секогаш ќе кажам ова е оној состав кој што може да го подигне нивото на Парламентот на вистинското место.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, збор има господинот Ангел Димитров.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Почитуван госпоѓо потпретседател, почитувани колеги пратеници,

Јас ќе се приклучам кон оние мои колеги кои сметаат дека е потребно донесување закон за финансирање на политичките партии , а во продолжение ќе се обидам и да го образложам овој мој став.

Согласно член 3 од Законот за политичките партии, граѓаните слободно основаат политичките партии со цел да ги остваруваат и заштитуваат своит еполитички, економски , социјални, културни и други права и уверувања на своите членови и учествуваат во процесот на донесување на политички одлуки. Ова значи дека целта на овие граѓански здруженија е од глобална, општествена и тоа политичка, економска, социјална, културна и друга природа, а не од интерес само на поединци и на групи како дел од општеството.

За разлика од трговските друштва, каде основниот мотив е материјалниот интерес, т.е. борбата за остварување на што поголем профит, дејствувањето на политичките партии, односно на граѓаните кои членуваат во таа партија е од идејна или од духовна природа, а не од непосредно материјален интерес. Затоа политичките партии не се тие кои треба да купуваат акции од банки, од трговски друштва, да основаат сопствени фирми, да се бават со трговска дејност и д аостваруваат профит. Во суштина, политичките партии треба да бидат против тежа на трговските друштва, кои нормално имаат интерес од материјален карактер и тоа само на оние лица кои учествуваат во основањето на фирмата со свои капитал и затоа нивните интереси, нормално не секогаш се поклопуваат со интересите на

партиите и глобалните општествени интереси. А можат некогаш да бидат и спротивно на нив. Натпреварот помеѓу овие две категории треба да биде во корист на напредокот на целото општество во целина.

Согласно карактеристиките на политичките партии што ги наведов, нормално е тие да имаат и поинаков начин на дејствување, па затоа и нивното финансирање мора да се уреди поинаку.

Последниве неколку години во Македонија се случија многу неправилности и злоупотреби во оваа област од страна на извршната власт, со цел да се оствари материјален интерес на поединци или на членови на партијата која ги поставила овие лица на тие функции. не можам да сватам некои колеги од опозицијата ког аденес со таква леснотија изјавуваат дека навистина е крајно време да се донесе ваков закон и дека требало тоа да се случи многу порано. Зошто вакви изјави не даваа тогаш ког аи тие самите учествуваа во таа власт која ја злоупотребуваше својата позиција во извршната, па ако сакате и во законодавната власт. Јас сумдлабоко свесен дека на овој степен на развој на демократијата на политичкиот систем, па и на економската развиеност на Македонија многу граѓани се зачленуваат во политичките партии, особено во партиите кои се на власт, само заради остварување на своите егзистенционални потреби. Како на пример потребата од вработување или остварување на некој друг материјален интерес. Но нашите лични интереси преку зачленување во политичките партии можеме да ги оствaруваме само преку остварување на нашите глобални интереси, интереси на сите граѓани на Република Македонија .

Предложениот закон се обидува овие противречности да ги регулира и да ги стави во една законска рамка која ќе биде брана или штит од злоупотреби кои се појавија во минатото.

Читајки го редлог законот забележав неколку недоречености и непрецизности, кои би сакал да ги истакнам.

Најпрвин во членот 17 став 1, алинеја 2, каде се наведуваат институциите кои не смејат да ги финансираат политичките партии и се употребува изразот државни и локални органи. Додека во законто за избор на пратеници се употребува изразот: “јавни претпријатија и установи”, а во законот за спречување на корупцијата се употребува изразот:”јавни фондови” и јавни претпријатија. Би требло овие одредби да се усогласат.

Понатаму, во законот за избор на пратеници во членот 62 каде се наброени средствата од кои не смее да се финансира изборната кампања влегуваат ис

редствата од претпријатиајта со мешовит капитал каде доминантен сопственик е странски вложувач.

Во законот за политичките партии , законот за спречување на корупцијата, како и во предложениот закон што денеска го гледаме вакви одредби не се ограничуваат, т.е. не се спомнуваат никакви забрани.

Мојата следна забелешка се однесува на член 8 став 3 од предложениот закон, каде као можни извори за финансирање на политичките партии се спомнати и приходите од имотот на партијата.

Потребно е прецизирање на оваа одредба и конкретно да се наведат кои приходи од имот партиите можат да ги користат за нивно финансирање. Во спротивно, партиите можат различно да ја интерпретираат и применуваат оваа норма и да вршат нивна злоупотреба. На пример, приходите од имот можат да бидат во вид на приходи од продажба на недвижен имот или подвижен имот, приходи од наемнини, т.е. закупнини, но исто така и во вид на приходи од имотни права и од вложувања.

Моето мислење е дека согласно карактерот на дејноста на политичките партии тие треба своите недвижни и подвижни работи да ги користат единствено, значи само за вршење на дејноста, а не и за остварување на приходи во спротивно лесно може набавката на разни градежни објекти наместо за одржување на состаноци на членовите на партијата или вршење на административни работи да се изврши заради натамошно издавање и остварување на приходи од закупнини, дури и набавка на недвижности да се врши заради една идна продажба и остварување на приходи од промет на недвижности.

Како што истакнува Уставниот суд на Република Македонија во образложението на Одлуката за поништување на ваквата одредба во постојниот закон за политички партии, на тој начин ќе се изврши нарушување на уставниот концепт за функциите, правата и обврските и целите на политичките партии и ќе се доведе во прашање слободата на пазарот и претприемништвото, односно еднаквата положба на субјектите на пазарот.

Следната моја забелешка се однесува на ограничувањето на приватните претпријатија кои во моментот на давањето на прилог на политичката партија вршат јавни услуги на државни органи или јавни установи по пат на некаков договор. Тоа е предвидено во членот 17 став 1 алинеја 4 од Предлог законот.

Сметам дека оваа одредба не може да се контролира и лесно ќе се изигрува затоа што претпријатието кое врши услуга на државен орган или на јавна

установа не мора својот прилог да го даде на политичката партија во истиот момент кога ја врши услугата, за да се смета дека станува збор за некаква злоупотреба. Дали, ако прилогот т.е. спонзорството е дадено два, три месеци пред вршењето на услугата или после тоа, не подлежи на таков сомнеж.

Предлагам ваквата одредба од Предлог законот да се избрише, затоа што ако не се обезбеди начин за нејзинот спроведување, тогаш е подобро воопшто да не стои или целосно да ги забраниме донациите, помоштите од приватните трговски друштва кон партиите.

Бидејќи во Република Македонија постојат многу добри закони кои, за жал, не се спроведуваат, ваквите неправилности многу подобро и полесно ќе се решат со поефикасна контрола на спроведувањето на јавните тендери отколку со некоја ваква одредба.

На крај, да го искажам и мојот став во врска со висината и распоредот на средствата што се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за финансирање на политичките партии.

Овие одредби, разбирливо, предизвикаа најмногу внимание кај медиумите, но и кај граѓаните на Република Македонија, така некој од нив си направија своја математика, па висината на овие средства ја зголемија дури за 100 пати. Факт е дека тие со првиот предлог од 0,08% од вкупните средства на Буџетот зафаќаат над 90% од вкупните трансфери кои здруженијата на граѓани ги добиваат со Буџетот за 20032 година. Секако овој момент на севкупна економска состојба во државата не треба да се предвидува зголемување на средствата наменети за финансирање на политичките партии над предвидените од Буџетот за 2003 година. Но, за мене е многу поинтересна распределбата на овие средства која е предвидена во член 9 од предложениот закон на дел кој се распоредува подеднакво на секоја политичка партија која освоила најмалку 1%, а до сега 3% од гласовите на последните избори и на дел кој се распоредува на политичките партии чии кандидати се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија.

И покрај дадената алтернатива првиот дел да изнесува 20 или 30% од вкупните средства од буџетот, сепак сметам дека предлагачите на законот во образложението требало да се потрудат да објаснат која е целта која треба да се постигне со вакиот распоред. Дали нашата цел е да овозможиме постоење и делување на што поголем број политички партии за да се зголеми политичката борба или демократскиот амбиент во државата, или нашата цел е да го намалиме бројот на политичките партии кои ќе ја играат главната улога во изборните битки, а

да го спречиме основањето и постоењето на мали партии чиј интерес е материјално обезбедување на неколку членови во раководството на таа партија, без постоење на никакви услови за некоја позначителна улога во политичката борба.

Ако вака ги утврдиме нашите цели, тогаш лесно ќе го утврдиме и процентот од член 9 од предложениот закон.

Се надевам дека предлагачите во наредната фаза видно ќе го подобрат законот и ќе ги земат во предвид сите мислења и сугестии од денешната расправа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Би сакала накратко да го изнесам своето мислење околу овој предлог.

Најпрвин да кажам дека потребата од донесување на закон за финансирање на политичките партии е преку потребна, а во секој случај задоцнета, бидејќи повеќе од 10 години имаме повеќепартиско живеење во државата, меѓутоа, немавме донесено ваков закон за финансирање на политичките партии.

До сега, секако требало да се донесе ваков закон како би се избегнале досегашните недоразбирања во сферата на финансирањето на политичките партии кое претставува доста суптилна сфера која побудува голем интерес кај јавноста.

Досегашните решенија во оваа сфера покажаа многу слабости и се надевам дека со новиот предлог кој денеска го имаме на дневен ред, ќе ги отстраиме сите недоразбирања во оваа сфера. Меѓутоа, како што би рекол нашиот народ, подобро некогаш да се донесе отколку никогаш и сега нашата задача е да донесеме што поквалитетно решение.

Финансирањето на политичките партии предизвикува голем интерес кај јавноста и затоа е потребно со закон да се регулира оваа област и тоа да се донесе квалитетно и транспарентно.

Со внимание го разгледав предлогот и со доста решенија на предлагачите се согласувам, меѓутоа, би изнела некои свои забелешки.

Пред се да кажам дека во членот 8 каде што се предлага зафаќата од буџетот да бидат 0,08% и алтератива 0,06%, јас мислам дека членот 8 е во ред без алтернативата од 0,06% затоа што не се работи за многу голема разлика во зафаќањата од буџетот и ќе се обезбедат доволно средства за квалитетно политичко живеење во државата.

Сосема сум согласна со членот 9,  20% од зафаќањата во буџетот да бидат распоредувани подеднакво на парламентарните и вонпарламентарните политички партии кои освоиле по 1% од гласовите на последните парламентарни избори, а останатите 80% да се распоредуваат сразмерно според освоените мандати во парламентот. Алтернативата од членот 9 да се исфрли од предлогот.

Тоа би било за распроедувањето на средствата кои ќе се зафаќаат од буџетот.

Понатаму, би имала некои забелешки околу членот 15. Таму е кажано дека износот на прилозите и подароците не може да помине 100 просечни плати ако се од правни лица и 50 просечни плати од физички лица и во последниот дел од членот вели дека не смее да биде кумулиран повеќе од еднаш годишно. Мислам дека овој член треба малку да се дотера бидејќи не е допрецизирано колкава сума односно колкав ќе биде лимитот до кој можат да се даваат прилози и подароци.

Меѓутоа, повеќе би се задржала на членовите 17 и 18 каде во член 17 се вели дека политичките партии не можат и таксативно е набројано како политичките партии не можат да стекнуваат материјални и финансиски средства, е во членот 18 е дадена забрана за вршење било какви притисоци на правни и физички лица со цел прибирање на финансиски средства.

Ова е сосема во ред, меѓутоа, никаде во Предлогот не гледам што ќе се случи доколку политичките субјекти ги прекршат овие норми односно не гледам никаде казнени одредби како ќе се регулираат работите за прекршителите на членот 17 и членот 18 и мислам дека е потребно да биде внесено казнени одредби за оние што ќе ги пворедат овие норми, бидејќи по логиката на нештата во правото ако нешто забрануваш треба да предвидиш и што ќе се случи со прекршителите на ваквата забрана.

Околу текстот сега за сега имам толку да кажам, го задржувам правото понатаму во следните фази, бидејќи законот ќе се донесува во три фази, да продискутирам и за нови предлози односно нови решенија кои ќе бидат предложени инаку очекувам дека секако позитивни резултати од донесувањето на ваквиот закон и како најголема придобивка очекувам да биде јавноста во финансирањето на политичките партии и нормално транспарентноста која секој граѓанин во Република Македонија ја очекува, бидејќи секогаш финансирањето на политичките партии било завиткано со превез на мистерија што секако побудувало негодување на јавноста и се плетеле разни приказни околу тоа како се финансираат и од каде политичките партии.

Една од поголемите придобивки очекувам од овој закон еднаквоста на сите политички субјекти, бидејќи предложените решенија нудат еднаквост на сите политички субјекти во државата.

Јас лично како и членовите на Либералната партија ќе го подржиме овој предлог и се надеваме дека во фазите кои следуваат ќе најдеме квалитетни решенија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Треба да изнајдеме начин за пријавување на реплики. Тука беше прозвана опозицијата за претходните четири години и мислам дека цело време претеходните дискутанти зборуваа само за претходните четири години како да пред тоа немало ни партии и ништо. Јас мислам дека периодот кога требаше да се зборува за финансирање на партиите беше многу порано кога навистина постоеше простор и време да се зборува за такви работи, посебно приватизациониот период до 1998 година кога се приватизира се или речиси се, 85% од сите фирми во Република Македонија и тие беа доделени на заслужни граѓани и членови на тогашниот СДСМ кој сега се мултимилионери и за жал не се членови. Слушнавме од нивната партија дека тие не покажуваат некој имот, можеби се откажаа идеолошки и од имотот од претходните 50 години кој го стекнаа како Сојуз на комунисти нема да се откажат, го имаат, го поседуваат, тоа најдобро го видоа граѓаните на Република Македонија во последната изборна кампања кога воопшто не знаеја кој е позиција кој опозиција на начинот на кој беа презентирани и едните и другите и мислам СДСМ најдобро знае како ја финансираше таа кампања. Јас се сомневам дека е точно од членарината на членовите на СДСМ.

Благодарам,

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Мавровски, само едно укажување, сега ве оставив да се изјасните, ова е всушност реплика на претходниот дискутант на господинот Жерновски, меѓутоа, во иднина кога сакате реплика треба едноставно да се пријавите и да реагирате. Можеби треба да најдеме начин електронски тоа да се регистрира кога е во прашање реплика. Вие се пријавивте за реплика, но беше јасно

како да е реплика на госпоѓата Ристана, не објаснивте дека е на претходниот дискутант. Во ред, овој пат ќе направам преседан, меѓутоа, пардон, репликата била на Ангел Димитров.

Господинот Ангел Димитров има право на контрареплика.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Благодарам госпоѓо потпретседател. Незнам дали е нормално, но до сега многу пати господинот Спиро Мавровски и некои други колеги од опозицијата без разлика дали сум ги спомнасл по име или не, некогаш се препознаваат во дискусијата, а некогаш не. Ако зборуваме за некакви криминали не се препознаваат, а кога зборуваме дека прифаќаат некоја грешка од минатото, или дека сега се измениле нивните ставови, тогаш се препознаваат. Но, тоа е нивна работа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со дискусија.

На ред е госпоѓа Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници,

Предлогот за донесување закон за финансирање на политичките партии предложен од колегите пратеници Жерновски и Шапуриќ го поздравувам и сметам дека треба да се прифати од едноставна причина што материјата што со овој предлог се регулира е прилично деликатна, предизвикува внимание и интерес кај јавноста што е сосема оправдано и затоа финансирањето на политичките партии треба да е транспарентно и да се стави во законски рамки.

Со оглед на тоа дека е ова е прва фаза, накратко ќе ги изнесам моите забелешки кои ги изнесов на Комисијата за финансирање и буџет, а кои предлагачот ги прифати.

Имено, даденото образложение од пратениците предлагачи кој е составен дел на Предлогот за донесување на закон за финансирање на политичките партии го прифаќам во целост. Но, сметам дека истото е недоволно затоа што во образложението предлагачите не се обиделе да направат анализа со цифрени показатели со кои ќе ни илустрираат за колкаво зафаќање од буџетот ќе се работи во апсолутен износ.

Кога се работи за така чувствително прашање како што е нови зафаќања од народните пари, секако дека и најмал износ предизвикува лавина од реакции. Со предложените алтернативи како процент за финансирање на политичките партии во членот 8 првата алтернатива од 0,08% или втората алтернатива од 0,06% од вкупните буџетски средства немаме конкретно сознание дали со тие предлози обезбедените средства ќе бидат доволни или не за покривање на расходите на политичките партии. Дали со тој износ ќе се покрие 1/3, ½, 100% или незнам кој процент од нивните расходи.

Со оглед на тоа да е ова прв обид, финансирањето на политичките партии да се регулира со буџетски средства, сметам дека е неопходно потребно за да можеме да се одлучиме дали да ја прифатиме првата или втората алтернатива или некоја треба пониска или повисока дека во образложението недостасуваат податоци барем приближно колкави се расходите на политичките партии, барем официјалните искажани во завршните пресметки на 31.12.2002 година. Предлагачот можел тие податоци да ги обезбеди во соработка со Министерството за финансии или Управата за јавни приходи за да можеме со мирна совест да одлучиме кој предлог да го прифатиме. Со дадениот предлог јас би се обидела тоа цифрено да го илустрирам низ неколку показатели и тоа:

Со сегашниот предлог буџет за 2003 година кој ќе го разгледуваме на закажаната седница на 17.09.2003 година проектираните вкупни буџетски приходи изнесуваат 55 милијарди 786 милиони денари, имајќи ја во предвид како појдовна основа оваа бројка како овој предлог закон сега би стапил во сила по првата алтернатива, зафаќањата од буџетот за финансирање на политичките партии би изнесувале околу 44.629.000 денари, односно приближно 720 илјади евра.

Ако втората алтернатива од 0,06% тој износ би бил околу 33 милиони 471 милиони денари, или околу 540 илјади евра. Дали тоа е многу или малку, во овој момент не можам да бидам сигурна и да се одлучам дали да ја прифатам едната или другата варијанта, или да предложам некоја трета од веќе напред споменатите причини.

Спрема предлогот во членот 9 - 80% од тие средства треба да се распоредат на политичките партии што ги освоиле пратеничките места во Парламентот и по првата алтернатива тоа би изнесувало околу 35 милиони 703 илјади денари, или по пратеник околу 297 илјади денари, односно повторена алтернатива, 70% од 0,008% по пратеник би добиле политичките партии средства во износ од 260 илјади денари. Истото може да се пресмета и за втората алтернатива,

но да ја обременувам мојата дискусија со цифрени показатели сметам дека тоа требаше да го дадат предлагачите во образложението, а ние да бидеме убедени дека го даваме својот глас за вистинскиот предлог односно пореалната алтернатива.

При сегашната состојба кога ни се познати последните освоени пратенички места, лесно можеме да пресметаме која политичка партија колку средства ќе добие, дали тоа ќе биде доволно за нејзино финансирање и ние со мирна совест да го прифатиме предлогот.

Истата забелешка ја имам и на финансирањето на политичките партии на локално ниво, што во предлогот е регулирано во член 11 и 12.

Исто така сметам дека во предлогот членот 15 став 2 не е доволно прецизен и треба да се преформулира со цел да не се створа забуна дали тие 100 просечни плати од правни лица што може да се донираат на политичка партија и кои што според сегашната состојба да изнесуваат околу еден милион денари и 50 просечни плати од физички лица, или околу 500 илјади денари се однесуваат поединечно или кумулативно за цела година од еден донатор или повеќе донатори.

Сметам дека во предлогот со ниеден член ништо не е кажано што со имотот на политичката партија што во моментот на донесување на овој закон ќе биде затекнат како незаконски стекнат. Дали со стапувањето во сила на овој закон тој имот ќе се легализира, ќе се конфискува и слично.

Во член 6 став 2 е кажано дека политичката партија може да располага со сопствен имот (згради, превозни средства и слично), но не е кажано дека тој имот треба да е стекнат соглансо закони што важеле пред донесувањето на овој закон, а за понатаму согласно одредбите од овој закон.

Имам и одредени посебни забелешки на текстот, но со оглед на тоа дека ова е прва фаза истите ќе ги доставам писмено во некоја од наредните фази.

Сега предлогот го прифаќам со забелешките што ги изнесов.

Комисијата за финансирање и буџет го прифати предлогот, предлагачот ги прифати забелешките, а и мислењето на Владата е дека овој предлог треба да се прифати но во соработка на предлагачите со ресорните министерства.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г. Слободан Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги и колешки,

Опозиционата коалиција е од редот на оние политичари кои сесрдно го подржуваат донесувањето на овој закон. И не само тоа, бидејќи го гледаме во три фази ние активно ќе се вклучиме во неговото доизградување за да и личи на новата демократска демократија која треба да не зацврсти во Европа и да не́ вклучи во Унијата.

Не треба да се бараат многу аргументи за квалитетот на овој наш пристап. Доволно е да се погледне Законот за спречување на корупција, Законот за спречување на перење на пари, да се види дека има сили кои можат навистина и во овој закон, кој е еден од темелните за нашата демократија да се вградат и да изнудиме едно заедничко решение во овој Парламент кое ќе служи за натамошната хармонизација на демократијата во нашата држава.

Со овој закон нема да осиромаши државата, ќе се збогати демократијата. Точно дека во една сиромашка држава тешко е од буџетските издвојувања кои недостигаат за сите потреби на државата да се издвојува за оваа намена, но факт е и тука се согласувам со аргументацијата на претходниците дека во простор кој не е дефиниран секогаш за оваа намена ќе се најдат пари, а ќе има токму каде што државата навистина треба да вложи максимум солидарни сили.

Од таму регулирањето ќе помогне, она малку што го имаме да го трошиме рационално.

Почитувани колеги и колешки, она што ме побуди, да станам и да кажам збор два е фактот што ние всушност ќе овозможиме она што е темел во ваквите општества кон кое ние се стремиме, а тоа е на граѓаните преку нивната артикулација во најширок можен број на политички партии да им овозможиме рамноправен старт во политичката борба.

Еден од најголемите дефекти на нашиот досегашен демократски развој беше што во битката меѓу големите граѓаните кои не умееја или не можеа, или заради немање на средства не можеа да дојдат до израз сакаји да се артикулираат на поинаков начин беа заточеници на секои избори, така што ни се случуваше и тоа е хронична болка на нашата демократија да имаме избори на кои граѓаните ќе гласат против казнено, а не за проактивно и конструктивно за изградба на нови вредности врз основа на нови понуди.

Овој закон нашиот систем кој го градиме полека кон тоа да биде што порепрезентативен и затоа 2002 година одевме на сосема пропорционални избори, ќе овозможи богатството на партии да се зголеми во нашата држава и сите тие да можат врз основа на егзистенцијата што се овозможува со овој закон, врз основа на

солидарно издвојување на сите граѓани за остварување на нивните политички права ќе можат да се вклучат порамноправно во политичката борба, да бидат овде заедно со нас застапени во Парламентот и да можеме во едно општество кое по дефиниција е предодредено да биде управувано со коалиции, што е во крајна линија за еден развоен период за мене извонредно добро, извонредно позитивно ќе овозможи создавање на политички коалиции кои ќе се темелат врз вистинскиот израз на граѓаните а не врз бизнис, близината на една, друга, трета политичка партија, на еден, друг, трет политичар.

Мислам дека треба да се поддржи фактот, тоа го истакна предлагачот, а и ние го истакнуваме досега почесто, односно од самиот почеток што Парламентот, група пратеници се јавува како предлагач на овој закон. Тоа зборува за две работи. Ние постојано повторуваме дека овој Парламент ќе ја има таа историска улога од законодавната функција на власта да направи столб на македонската демократија, меѓутоа исто така зборува за тоа дека треба Парламентот ваквите закони да ги носи и дека тешко заради системот кој го имаме, а кој ќе биде длабински видоизменет со овој закон генерира незаинтересираност кај владеачката елита да го донесе законот, бидејќи на еден одреден начин пореметува еден стекнат сплет на околности кој доведе до градањето на ваква пирамида или на ваква хиерархија кај нас.

Оттаму мислам дека овие два аспекта - демократското богатство и Парламентот како самостојба функција на власта, која ја гради демократијата, имено овде каде што не се работи за борба на власт, туку за обезбедување на услови за демократска трка ја добива својата вистинска улога и се надевам дека ќе го прифатиме овој предлог.

На крајот, уште една работа, бидејќи до овој мандат животот го минував во мали партии би сакал да предложам и од овде од трибинава да го искористам тој свој минат труд прво од вас да побарам, од предлагачите, од Владата и од мнозинството, се надевам и ние сите заедно да им се овозможи на малите партии кои егзистираат во оваа наша демократија рамноправно учество во јавната расправа. Парламентот да го отвориме. Ако веќе не можевме на избоарите заради еден цел сплет на системски прашања, да го товориме сега Парламентот и да ги чуеме и нив, и да ги видиме и нив, затоа што во крајна линија овој закон ги засега и нив ако го усвоиме онака како што е зацртано со овој закон, кој е повеќе рамка, отколку содржина во која треба допрва да вградиме вредности. Тогаш тој закон се однесува и за нивната политичка судбина и добро би било и нив да ги чуеме.

Мислам дека е премногу рано сега да се навлегува во детало. Јас го прочитав многу продлабочено законот, го споредив со некои други во соседството и од европски демократии и вон европски демократии, има работи каде што сериозно може да се догради, но убаво би било да бидеме неформално, туку суштински отворени за сугестиите на јавноста, затоа што ние во овој закон ако сакаме навистина да ја доградуваме и да ја усовршиме нашата демократија треба да му го вградиме нашиот живот. Колку и да е совршена една шветска демократија таа е на швеѓаните. Колку и да не е совршена демократијата во Македонија таа е наша демократија и ние треба врз основа на нашиот опит, на нашите средства, на човечките ресурси со кои располагаме и на волјата да ја изградиме онака како што нам многу ни прилега.

Јас лично, а и опозицијата врз основа на досегашните искази и изјави, консултации овој предлог за донесување на законот посредно го поддржуваме и во него ќе се вградиме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпретседателки, колеги пратеници,

Денес после толку години парламентарен живот во Македонија имаме Предлог за донесување на закон за финансирање на политичките партии, што е прв пат ваков предлог што го имаме добиено. Значи досега воопшто не се зборувало, ниту пак имало ваков закон. Значи се прави прв обид и прва можност овде да се изјасниме. Ние како сите единки и постојани субјекти на политички парии во однос на идеата што ни ја предлагаат предлагачите. Факт е дека дел од оваа материја на одреден начин беше регулирана во Законот за политичките партии донесен 1994 година, а со мали измени во 2001 година, што значи дека по однос на потребата од донесување на овој закон апсолутно нема ниту дилема, ниту таа е спорна. Самиот факт што предлагачот во своето излагање, а и на комисиите, особено во Комисијата за финансирање и буџет се изјасни дека нивната намера и цел е да ги слушнат сите мислења, како од нас пратениците, така и од сите релевантни субјекти во Република Македонија со што на некој начин беа јасни и категорични дека целта и намерата им е овој закон да оди во процедура од три фази. Тоа е добро и во секој случај за

поздравување, што значи дека секоја добра сугестија ќе биде и начин како да се инкорпорира во законот.

Интересна е работата во делот на тоа колку ни беше потребно време да го дочекаме мислењето на Владата. Да не заборавиме дека овој Предлог за донесување на Закон го добивме уште пред годишните одмори, заради одморите не работеше Собранието, еве завршија одморите и цело тоа време ние немавме мислење на Владата. Ги закажавме и седниците на комисиите, и одредени комисии одржаа седници без мислење на Владата, што значи не ги одржавме, за да во текот на вчерашниот ден ни биде поделење мислењето од Владата кое во основа го поддржува овој Предлог за донесување на закон, меѓутоа дава и сугестии дека и Владата отпочнала со одредена процедура за носење на еден ваков закон и упатува на предлагачите сугестија дека во никој случај не треба да си дозволат сами да го креираат, туку во најмалал рака треба да се советуваат со претставниците на Владата поточно ресорите каде што е нивна ингеренција. Предлагачите тоа сигурно ќе го прифатат, за да нема дуплирање, па да имаме два закони, еден закон на Андреј Жерновски и Зоран Шапуриќ, а друг закон на Владата на Република Македонија што ќе биде интересна ситуација бидејќи и двајцата припаѓаат на парламентарното мнозинство или на коалициониот партнер.

Некој од пратениците истакна дека претходната позиција, сегашната опозиција во целиот период додека беше на власт ниту имала храброст, ниту желба да предложи еден ваков закон, што значи дека директното обвинување зошто некој не се сетил за еден ваков закон падна на сегашната опозиција, дури одредени пратеници се зачудиле колку сегашната опозиција, со каква леснотија го поддржува Предлгот за донесување на ваков закон.

На таквите колеги би им одговорил следно. Не сме свесни сите како пратеници и опозицијата и колегата од таа политичка партија на која што и припаѓа колку сме срећни што во овој момент имаме двајца пратеници како Андреј Жерновски и Зоран Шапуриќ кои се досетија дека треба една ваква иницијатива. На крајот на краиштата се досетија дека треба една ваква иницијатива. Сега ако некој ја обвинува опозицијата кога била на власт логично е обвинувањето зошто и позицијата и во тоа време кога беше опозиција не му сметаше и не му тежеше да поднесе една ваква иницијатива, тоа право го имаа, ниту сега преку Владата која во најголем дел на случаи е предлагач.

Да бидеме искрени и да бидеме отворени кога зборуваме и СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ со оглед дека припаѓаат на поголемите политички субјекти, блокови

на партии кои во секој случај се сметаат за големи, во секој случај му е повредена суетата кога една помала партија се сетила и ја покренува иницијативата и наместо во пракса како што е помалите на некој начин да се придружуваат на поголемит, сега испадна обратна ситуација, поголемите да се придружат на помалите. Зборувам за бројност, не зборувам за авторитет на партиите, туку бројност на членство. Тоа е на крајот на краиштата добро. На крај краишта затоа е ЛДП во коалиција со СДСМ, ако нешто друго барем да служи како коректив и да го сигнализира и потсетува во кои делови треба да реагира, затоа што ако нема таков коректив бидете сигурни и убедени дека ваков закон сигурно немаше да добиеме ниту од пратениците на СДСМ ниту од Владата. Тоа е кога зборуваме за иницијативата.

Јас вчера дадов и изјави и кажав отворено дека нашата политичка партија во основа го поддржуваме овој предлог за донесување на овој закон. Сметаме дека иницијативата е добра, навремена, можеби задоцнета, но подобро некогаш отколку никогаш.

По однос на решенијата многу колеги се впуштија во толкувањето на членовите, што сметам дека не толку потребно за да се занимаваме со она што е предвидено во овој или оној член, затоа што предлагачите беа отворени и кажаа дека ова не е завршна верзија на текстот за да мора да го цитираме секој член посебно, туку секој еден каква идеја и какво размислување има може да го искаже, а тие се расположени да го префатат се она што сметаат дека е потребно. Господинот Жерновски беше толку отворен да читајќи го сабајле весникот Дневник дури го префати она што го предложиле експертите, а во тој контекст и даде своја изјава дека во делот на контролата на финансирањето на политичките партии не е лошо да се размисли дека сепак органите на Државната управа се органи на Владата па да не се доведеме во ситуација оние политички партии кои ќе припаѓаат на парламентарното мнозинство да не испадне да го контролираат само оние кои не припаѓаат, затоа што многу пати се повикуваме на рамноправна примена на правото, меѓутоа факт е, последните настани зборуваат како се применува правото во Република Македонија. Различни аршини, зависно кој од каде иде. Така да за ВМРО-ДПМНЕ во таа политичка партија буквално не постои субјект кој што додека бил на власт не направил злоупотреба на службена позиција, што не е случај кај позицијата, иако оној настан што имав прилика да го кажам на прес конференцијата, а сега би го повторил и пред вас, во Студентскиот дом во Охрид се врши дератизација и дезинфекција за 62 илјади евра наместо за 500. Тука нема

злоупотреба на службена положба затоа што сите оние кои што тоа го направиле не припаѓаат на опозицијата односно на ВМРО-ДПМНЕ. Заради тоа е предлогот да не оставиме се некој да контролира што припаѓа на некој начин во институциите на власта, туку да оформиме, дали ќе биде ревизорска куќа или не знам како, каде што ќе имаме можност и опозицијата поточно и оние политички партии кои припаѓаат на опозицијата за повеќе контрола врз работатана партиите што припаѓаат во позицијата. Тоа е една од забелешките. Голем дел од забелешките се искажаа од другите колеги, по однос на процентите што ги предлагате, начинот на процентуално финансирање на секоја политичка партија која е застапена дали со 1%, како што предлагате или тој процент треба да биде поголем 2 или 3%, што исто така е дискутабилно. Во Комисијата за финансирање и буџет отворивме дискусија каде што побаравме од предлагачите да се изведе аналитички пристап, затоа што, еве конкретно господинот Петар Гошев личномене ми вели дека на разбирам проценти и можеби навистина не ги разбирам процентите и затоа е добро тоа да го прикажете математички, бидејќи проценти сите не знаеме да рачунаме, но очигледно е дека некој и од министерството не може да рачуна, а и Владата да има подобар пристап, заради тоа да му кажете низ бројки колку тоа ќе го чини буџетот, бидејќи процентите различно се множат. Конкретно за министерот за финансии сето ова покачување на ДДВ е 0,05% покачување на животните трошоци, што за нас обичните што не знаеме да сметаме не можеме да го сватиме. Затоа конкретно низ бројки да кажеме на пример процентот 0,08% за оваа проекција буџетот ќе го кошта толк и толку. Или процентот 0,06 итн и мислам дека така сите пратеници, меѓутоа и во јавната дебата ќе имаме подобра слика дали е тоа оптеретување на буџетот, дали се тие пари партиите можат да ги покријат трошоците итн. Предлгачите тоа го прифатија и мислам дека во втората фаза, кога ќе има нацрт ќе има поголема сликовитост или поголем пристап кон односот на процентите. Тоа е истото се однесува и за единиците на локалната самоуправа.

Тоа беа некои од дилемите што се искажаа и во комисијата и овде во самата расправа.

Во делот на контролата, кажавме. И, сега, во оној дел, значи, постои разграничување, имаме начин со јавно финансирање и со приватно. Доста дискутабилни се оние прилози кои што се наведуваат како приватно финансирање, членарина, прилози итн. Тука е утврден некој процент, да речеме, 100 просечни плати, 50 просечни плати од физички лица, исто така, и тоа е дискутабилно и тоа е добро да се прикаже врз база на аналитички пристап и да се види колку е тоа

математички вредносно за да знаеме што во суштина прифаќаме. Знач, за ВМРО ДПМНЕ, за нашата политичка партија, за сите нас како пратеници, кои припаѓаме тука, оваа иницијатива е за поздравување и ние ќе ја поддржиме. Се надеваме дека предлагачите од сето ова што го искажавме ќе го земат предвид и при изготвувањето на нацртот на текстот на Законот за финансирање на политичките партии, ќе ги вградат и овие наши забелешки. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има г-динот Абдулаким Адеми.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Ви благодарам.

Пред нас денес има еден предлог закон за финансирање на политичките партии, па затоа јас би сакал да го кажам нашиот став во врска со овој предлог закон. Наша оценка е дека има потреба за донесување на овој закон и оваа материја да се регулира со закон. Последно време, е за финансирањето на политичките партии да се регулира со закон. Ова го велам, имајќи го предвид фактот дека РМ учествува во една група со Р.Албанија, што го немаат регулирано прашањето за финансирање на политичките партии со закон.

Друг факт е со актуелниот закон за политички партии, оваа област не била на адекватен начин регулирана, оставајќи простор за манипулација и лошо интерпретирање на тие законски одредби, кои го регулираат финансирањето на политичките партии, како што се членовите 27 до 32 од Законот за политички партии. И покрај тоа во текот на усвојувањето на овој закон или во текот на изготвувањето на овој закон треба да се има предвид дека овој треба да биде во согласност со Законот за политички партии, Законот за избор на пратеници, Законот за локални избори, Законот за избор на претседател на држава, како и во согласност со законодавството на ЕУ.

За истиот предлог вчера имавме и позитивно мислење од Владата. Мислам дека со усвојувањето на овој закон ефектите ќе бидат позитивни и од аспект на независност на политичките партии, поголемата транспарентност во врска со имотот што го поседува една политичка партија. Но, сметам дека ефектот нема да изостане и од аспектот на намалувањето на корупцијата,

Во врска со текстот на Предлог законот ќе истакнам неколку забелешки, иако се искажаа неколку забелешки од претходните колеги во членот 6, алинеја 2, каде

што се вели дека: “Политичките партии имаат право во свои објекти, апаратура или опрема , материјали на канцеларии, транспортни средства и друг имот потребни за реализирање на целта и нивната дејност…”, мислам дека зборот имот односно “друг имот” е многу широк поим со што се остава простор за различни интерпретирања и злоупотреби во реализирањето на законот. Ова треба да се дефинира јасно. Ова го велам, имајќи го предвид фактот дека Уставниот суд со една одлука од 28 февруари 2001 година го анулира членот 28 алинеја 1 од Законот за политички партии. Потоа, во членот 9 каде се предлага 20% од општите средства да им се распределат на пропорционален начин на сите политички партии што во пооследните избори добија 1% од гласовите, мислиме со ова решение тоа е добро регулирано и на еден начин се фаворизира, се помагаат или се солидаризираме со малите партии. На ист начин треба да се регулира и член 12.

На крајот сакам да истакнам дека ние го поздравуваме овој Предлог закон, но е за поздравување исто така и поддршката што се даваа од сите политички партии. Од ова произлегува и обврската на предлагачот, во наредните фази во изготвувањето на овој закон да соработува со сите политички партии и парламентарните групи. Затоа што, Законот се предлага во три фази, ние ќе дадеме свој придонес во подобрувањето на квалитетот на овој закон и истиот ќе го оддржиме заедно со дадените забелешки.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има г-ѓа Ангелка Пеева Лауренчиќ.

АНГЕЛКА ПЕЕВА - ЛАУРЕНЧИЌ:

Благодарам.

Почитувани колеги, одлична атмосфера на дебатирање за тоа усогласување за прв пат и мислам дека тоа што го должиме, овој пат, го должиме спрема граѓаните кои што сум убедена дека не се докрај сигурни дека ова е вистинското решение во услови кога имаме сериозно намалување на јавните давачки, во услови кога се наоѓаме во атмосфера на колективно штедење, влегуваме со еден закон за финансирање на политичките партии, сосема разбирливо, поголем дел од нив ќе се запрашаат зошто овој закон го носиме токму во ова време? Јас ќе се согласам со секое такво прашање, и ќе навлезам во мотивацијата зошто тоа се прави. Затоа што почитувани колеги пратеници во овие 10 години многу малку политичари а уште помалку политички партии имаа храброст да роговорат за прашањето за

финансирање на политичките, секогаш ова беше жешка и затворена тема за разговор пред јавноста.

Колегите од мојата пратеничка група, ЛДП дадоа иницијатива тоа за прв пат да се стори во 12 години од постоењето на повеќепартизмот во Македонија и тоа е добро. Повеќе за граѓаните, а помалку за нас овде присутните би навела најмалку пет причини зошто е потребно да се донесе овој закон.

Прво, затоа што ќе озакониме еден дел од политичкото живеење, кој што е многу важен за самостојноста и независноста на политичките партии. финансирањето на политичките партии повеќе нема да биде изговор, ниту пак црна дупка во транспарентноста и работењето на политичарите и политичките партии. Од друга страна ќе се постигне јавност во финансирањето на секој политички субјект кон граѓаните.

Трето и најважно тоа е основа за развој на повеќепартизмот, што значи оваа власт и коалиционото мнозинство не водат сметка само за партиите кои што се на власт, туку и за негувањето на опозицијата и зза партиите кои што се наоѓаат надвор од парламентот. Со години наназад различни партии беа во опозиција и бараа во развојот на опозиционите партии, во развој на политичката мисла, за прв пат комплетно тоа се прави во овој парламентарен состав. сосема не е важно кој ја дал иницијативата, важно е дека тоа понатаму ќе заживее и ќе опстојува.

Модерна Европа одамна се одлучила за овој чекор. Многу малку држави, некои од нив соседни, не го вградиле ова решение во нивните законодавства. Се надевам дека не сме последни во тоа и дека ќе фатиме некаков чекор кон она што значи современ тек кон развојот на политижкиот плурализам. Добро е што Владата даде позитивно мислење на една пратеничка иницијатива и добро е што сите политички партии застанаа зад тоа, што зборува за уште една голема придобивка за развојот на демократските процеси во Македонија.

И, само фалби не се за арно, па затоа би му сугерирала на предлагачот да размисли околу казнените одредби кои се предложени во текстот, а особено да размисли за предложениот процент на зафаќањето од Буџетот, кој што не треба да бидете голем математичар и да изведете дека продолженото решение нуди околу 500 илјади евра годишно издвојнување од Буџетот за финансирање на сите политижки партии, јас би тргнала само на бројот на политички партии во парламентот, кој што е 12, а тоа значи дека во просек, недвоејќи ги големи и мали секоја партија би добила по околу 40 илјади евра годишно, што пак ако се сведе на месеци, би било околу 3 500 евра месечно и ако немате партиски простории, затоа

што не сме сите доволно заштедиле во минатиот период и немаме, тоа би било доволно да платиме кириите за партиските простории.

Затоа, би му предложила на предлагачот да размисли и навистина да направи една сериозна аналитика околуу предложениот процент на издвојување.

На крај, би сакала да го споделам со вас задоволството на консензусот во парламентот по ова прашање и да ги замолам граѓаните да ја разберат потребата од донесување на овој закон, затоа што на крајот на краиштата сите ние настапуваме во нивно име. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има г-динот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодрам потпретседателке, почитувани колеги јас ќе го дадам ставот на парламентарната група во врска со овој предлог на закон, поради тоа што нашата партија од причини што вие ги знаете не учествуваше во работата на соодветните комисии во врска со оваа тема за која што веќе комисиите дискутирале.

Нашата парламентарна група го поддржува продолжениeто, прижината за донесувањето на овој закон што се базира врз препораките на Советот на Европа, како и политичките партии на европско ниво, но и на државите кои што се аспиранти за членство во ЕУ. Навистина, ми е задоволство што и Владата ја даде својата поддршка на овој закон, но мислам дека Владата, освен што ја даде согласноста и визата на овој закон предложен од неколку пратеници, да имаше барем еден ретставник кој што може би ќе имаше можност да одговори на некои наши прашања од аспект на функционирањето досегашно на финансирањето на политичките партии. Но, ете, немаме ниту еден член претставник на Владата и мислам дека би било добро барем да се почитуваат пратениците кои што го предлагаат овој закон и да имаше присутен од соодветен ресор или пак од Владата на ова седница.

Овој закон е многу значаен, бидејќи со него се дефинираат начинот, изворите, и прометот на финансиските средства за работата и функционирањето на политичките партии.

На самиот почеток, согледувајќи го текстот на законот, јас мислам дека на сите ни е јасно дека не можеме да бидеме толку оптимисти дека само со еден закон, со еден законски проект ние од секој аспект ќе елиминираме злоупотреба на финансиски средства со работата на политичките партии кои досега се направени во овој период, а кои што, сепак, не се односно не сум оптимист дека со овој закон ние

ќе ги елиминираме корупцијата или пак партиската корупција, но сметам дека е чекор напред кон оваа цел.

Проблемот е во самиот менталитет, политички менталитет на функционирањето сега на политичките партии, бидејќи самиот предлагач наведе неколку аспекти како досега функционираат политижките партии, особено кога се на власт. Спомнаа на транспарентен и коректен начин работата околу тендерите и како се доделуваат тие тендери и како еден дел од финансиските средства тајно одаст на сметките на контото на политичките партии, така што политичките партии на власт секогаш многу подобро располагаат со финансиски средства за нивното функционирање.

Затоа, јас би апелирал до Владата и до предлагачите, кои се дел од парламентарното мнозинство, не само да се задоволат дека донесоа закон за функционирање на политичките партии и дека ние со тоа ја извршивме својата обврска, туку би побарал, би замолил да ги искористат сите други механизми потребни да се попречи да се спречи, барем во менталитетот на оние кои се на чело на политичките партии кои се во финансиските удели да се дистацираат од овие методи кои претходно беа спомнати.

Ние како опозиција ќе го следиме имплементирањето на овој закон, ќе следиме секоја афера, секое пишување што ќе води во врска со она дека се злоупотребуваат финансиските средства за финансирње на политичките партии, кои што доаѓаат од Буџетот.

Идејата е тука, но идејата е да не се дуплира сега Фондот на политичките партии од една страна им се обезбедува преку буџет, на политичките партии да им се доделат средства за функционирање, а од друга страна да продолжи праксата за финансирање на политичките парти од злоупотребата на функционирањето.

Се надевам дека ќе го дадеме својот придонес да остане функционирањето на политичките партии на тоа и ќе бидеме многу ригорозни на секоја афера, која што ќе се појави во однос на работењето и функционирањето на политичките партии.

Што се однесува до текстот на законот, има неколку места, некои алтернативи за износот на финансиските средства кои што треба да се доделат и како да се дистрибуираат, без оглед дали доаѓа од државниот буџет или пак од буџетот на општините.

Јас ќе поддржам дискусија на една колешка, која им предлага на предлагачите во наредните фази, по можност, да ни дадат и некои емпирички податоци за финансиската состојба на политичките партии, за да можеме на транспарентен

начин да се определиме за која алтернатива да бидеме убедени дека сме гласале за најдобрата алтернатива. Значи, да имаме повеќе алтернативи во врска со досегашната пракса на политичките партии. Интересно е да се дискутира и прагот, лимитот до колку гласа треба да добие една политичка партија, дали ќе биде тоа 1%, 2% или 3% што треба да ја добие една политичка партија. Значи, дилемите во оваа насока се дали треба на малите политички партии да се подржат или пак да се поддржи формирање на малите политички партии кои што ќе можат да се збогатат и да помогнат во изградбата на една поширока демократија внатре од политички аспект, или пак можеби ќе стимулира политижки партии за добивање на овие финансиски средства. Јас сум во дилема, што сметам дека ќе ја расчистиме во понатамошната фаза на дискусијата, значи ќе поддржам една нијанса во врска со еден процент од гласовите, бидејќи малите политички партии имаат една посебна улога во развојот на демократските вредности на државите, кои што се во транзиција.

Можеби понатаму со афирмирање, или доближување до европските интеграции, мислам дека ќе има некои промени. Но, тоа е мое лично мислење да остане оваа алтернатива. Исто така, врз основа на она дека скепсата е еден од првите елементи на нашите дискусии за да дадеме свои оценки по вакви значајни закони, начинот на контролирањето на работењето на финансиско материјалното работење на политичките партии дали има можности да се злоупотреби, бидејќи станува збор за државен орган и ги именуваат функционерите значи од страна на политичките партии кои што се на власт. Засега тоа е практика. Постои еден сомнеж дека може да се злоупотреби токму контролирањето или контролата, материјално финансиска на политички парти која што предвидува да влезе внатре во политичката партија. Се надевам дека и тука, значи немам некој конкретен предлог како може да изгледа овој механизам во врска со контролата во однос на финансико материјалната контрола на политичките партии. Но, во овој правец треба да се отвори една дебата квалитетна, и на крајот дефинитивно сите кога ќе гласаме за овој закон да бидеме убедени дека сме гласале еден закон кој што ќе ги заштити полилтичките партии на власт, но и оние кои што се во опозиција. Уште еднаш во името на мојата парламентарна група ја поддржуваме идејата за донесување на еден закон и во времето на дискутирањето да дадеме свое учество во врска со дискусија и амандмани.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас во целост би се согласил со дискусијата на колегата Замир Дика и голем дел од она што сакав да го кажам беше опфатено со неговата дискусија. Особено се согласувам дека мора да постои сомнеж во однос на целта што сака да се постигне со овој закон, односно дали тој во целост ќе може да ги оствари планираните цели за целосно контролиран начин на финансирање на политичките партии, со тоа што би се спречиле сите можности околу можните други начини на финансирање кои што беа присутни и досега, а кои што треба да се надминат во иднина. Меѓутоа, прво би го искажал тој мој сомнеж преку начинот на кој што дојде овој закон овде во Парламентот. Имено, многу интересна ситуација да биде прифатени од Владата во последен момент предлог на двајца пратеници што е мошне редок случај во овој Парламент, затоа што кога имаше предлози од одредени пратеници за донесување на некои закони, тогаш тие ги повлекуваа бидејќи немало мислење од Владата, или Владата дала негативно мислење, па потоа Владата се појавуваше како предлагач на исти такви, или слични такви закони. Меѓутоа, начинот на доаѓање на дневен ред на овој предлог за донесување на закон не е разгледуван во комисиите во Собранието, тоа би му го презентирал на колегата пратеник, затоа што немаше мислење од страна на Владата. Вчера беше прекината седницата на Собранието со цел да се одржи седница на Комисијата за финансирање и буџет и да се разгледа овој закон. Значи се оди многу набрзина, еден пристап кој што не треба да биде практикуван. Истовремено, на самата седница вчера ние го добивме мислењето на Владата кое што овој пат ја надмина својата суетност да не се појави таа како предлагач, туку прифаќа и пратеници да поднесат предлог за донесување на закон кој би бил поддржан од неа. Истовремено во своето мислење не пропушта да нагласи дека предлагачите мора да соработуваат со надлежните министерства во наредните фази од донесувањето на законот, што е и нормално. Меѓутоа, заборава да напомене дека за донесување на еден вака значаен закон потребно е да се реализира една многу поширока расправа, една многу поширока јавна дебата во која би биле присутни субјекти кои што се заинтересирани, или на кои што се однесува овој закон. Значи,несериозниот однос на Владата и овој пат се покажа како една од причините за вака недоволно да речам јавно презентирање на целите и на можностите и начините кои што би придонеле за целосно остварување на основната цел на овој закон, а тоа е контролирано финансирање на политичките партии врз основа на закон кој што ние овде треба да го дефинираме.

Втората работа за која што сакам да зборувам тоа е поентата на овој закон која што треба да биде контрола на начинот на финансирањето на политичките партии, односно да се оневозможи финансирање на политичките партии од државни пари на шпекулативен начин, туку на законски определен начин да се остварува ова финансирање. Оттука логично произлегува дека сомнеж за можна злоупотреба на државни пари за партиски цели може да постои само од оние кои се на власт, оние кои што се на власт на државно ниво, на локално ниво, или на ниво на градот Скопје. Затоа што тие што ја имаат власта, тие можат да управуваат со тие средства и тие можат да ги злоупотребат. Тој сомнеж за неостварување на контрола или за остварување на оваа контрола може да се надмине, или намали само со контрола на начинот на трошењето на државните пари каде што доминантно влијание би имала опозицијата зависно дали е тоа на државно, или на локално ниво. Меѓутоа, имајќи го предвид фактот и односот на Владата во однос на други прашања кон опозицијата која што немаше доблест  ниту да информира за основните случувања кои што беа во врска со нарушуваењето на безбедносната состојба, јас сметам дека фактот да биде контролирана од опозицијата во однос на трошењето на државните пари многу тешко би бил прифатлив за оваа власт. Ако е тоа така, а сигурен сум дека е така, како тогаш може да очекуваме дека власта може да прифати предлог во кој што опозицијата би имала доминантна улога во контролата на финансирањето на политичките партии и на трошењето на државните пари. А без прифаќањето на таков вид на контрола неможе да зборувме, ниту да очекуваме надминување на сомнежите за употреба на државни пари за партиски цели од едноставна причина што власта која ја сочинуваат политичките парти кои партиципираат во неа, нема никаква логична причина да вереуваме дека ќе се контролира самата себе.

Трето, при донесувањето на овој закон не треба да се занемари, или да не се слушне воопшто и мислењето и ставовите кон овој закон од страна на вонпарламентарните партии.Кога се работи за трошење на буџетски пари,пари кои се собираат од сиромашните македонски граѓани треба особено да се внимава на критериумите преку кои ќе се определуваат износите кои ќе ги добиваат политичките партии како и отчетот за трошењето на буџетските средства кои тие треба да го даваат. Како ќе се определуваат критериумите, како ќе се изгради консензуален став на политичките партии за критериумите, кој ќе биде органот, или телото пред кого ќе се дава отчет за трошењето на буџетските средства. Дали тоа треба да биде државен орган, или посебно тело суи генерис кое ќе биде независно

од Владата, кој ќе биде начинот на контрола на потрошените средства и кои државни институции и во која форма ќе треба да се вклучат во тоа и тн. Значи, има многу прашања кои треба преку јавни дебати со учество на сите политички партии во Република Македонија, парламентарни и вонпарламентарни, со учество на експерти од разни области со користење на искуствата кои ги имаат другите држави по ова прашање да се одговорат за да и овој закон да не претставува уште еден од оние кои пред да почнат да се применуваат да биде предмет на изменување и дополнување и предвреме да знаеме дека нема да може да ја оствари својата цел.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, Законот што е предложен за финансиање на политичките партии иако е во прва фаза можам да ви кажам право, уште на почеток ќе кажам во начело го поддржувам, затоа што од моите колеги е предложен, господинот Жерновски и господинот Шапуриќ и е предлог од Парламентот.Исто така, ми причинува задоволство дека има и позитивно мислење за овој закон. Сега треба да кажам дека е добро што се предлага еден ваков закон за финансирање на политичките партии, затоа што се разликува од Законот за политички партии од 1994 година и сакам да кажам дека и тој закон за политичките партии тој дел што беше за финансирањето за политичките партии со години и не е почитуван, дури така како што стои во тој актуелен закон. Но, овој пат боите се поутврдени со појасни одредби како треба да се направи финансирањето на политичките партии било во областа на изворот на средствата за нивно финансирање, било во контролата врз средствата за финансирање на политичките партии. Да ви кажам право овде има еден консензус за да се донесе еден ваков закон и има место и простор и шанса и можност овој закон и подобро да се изготви до завршната фаза. Јас ќе бидам отворен во оваа насока. Овој закон им одговара и на политичките партии кои сега многу добро се акомодирани што се однесува до просторот каде тие дејствуваат, зборот ми е за зградите кои ги поседуваат и имотот кој што го поседуваат, иако жалам што овде неможе да се дејствува со овој закон на ретроактивен начин за да се постави прашањето, уште еднаш да се добие одговор како некои политички партии толку добро и толку силно се акомодираа со згради, со објекти и со средства за да функционираат и како партии што на паралелен начин и во исти години и парламентарни партии до ден денешен не го имаат регулирано прашањето што се однесува до нивното згрижување и елементарни средства за

нивно фукнционирање. Овде можеби сум субјективен, но алудирам на мојата партија која како што изгледа со другите партии што се основани уште од почетокот заедно со нив е останата назад што се однесува до комодацијата и финансиските средства за функционирање. На крајот треба да се признае дека оваа партија или мојата партија не знаела да се снајде добро со сивите фондови. Исто така доаѓам до заклучок, треба да се поддржи овој закон затоа што дефинитивно овој закон ја дава можноста со поделбата на финансиските средства од буџетот на еден начин да обезбеди средства за функционирање или за елементрани функции на партиските активности и се разбира после и со овој закон не се спречени неколку можности на финансирањето на политичките партии, како што изгледа и тоа ќе зависи од тоа како ќе се снајдат самите политички партии во начинот на нивното финансирање или дополнителните средства за финансирање на политичките партии. Иако во исто време сме размислувале и ние да предложиме еден закон за финансирање на политички партии, сега изгледа треба да се сугерира и да се размислува во втората фаза да дадеме и ние свој поконкретен придонес и јас лично за да овој закон има и содржина и форма што ќе ги задоволи интересите на политичките партии, се разбира нивното функционирање во законските рамки, во рамките на одредбите дозволени на еден начин значи ако не се стави крај на сето она што се сиви фондови, разни манипулации во врска со финансирањето на политичките партии. Но, сигурно дека со одредбите од овој закон ќе се намали и ќе дојдеме до еден минимум на можности за недозволените маневрирања на политичките партии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Освен предлагачот дали некој друг се јавува за збор? (Никој)

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувнаи пратеници, за мене лично, односно за нас лично како предлагачи на овој закон се драгоцени сите изнесени сугестии во оваа расправа и воедно благодариме за подршката која што ја добивме од сите пратенички групи и од сите пратеници.

Овие сугестии ние активно ќе ги разгледаме и активно ќе ги вклучиме сите релевантни политички и други субјекти во изработка на понатамошната фаза. И ќе се согласам со претходниот дискутант дека овој закон навистина може да претрпи уште многу подобрувања, односно да биде надграден. Затоа, во понатамошните фази почитувани колеги, ние ќе соработуваме со сите парламентарни групи, со сите

пратеници поединечно кои се спремни да го дадат својот придонес во надградбата на овој закон со сите заинтересирани собраниски комисии, со Владата, со Министерството за правда, со Министерството за финансии, невладините организации, Комисијата за спречување на корупцијата, одредени експерти, државниот ревизор и другите органи и меѓународните организации, невладини организации кои изразија спремност да учествуваат во надградбата на овој закон. Како што кажавме ова е прва фаза , иницијална фаза, се утврдува потребата за донесување на закон и отвореноста ќе биде и понатаму во севкупната расправа. Секој закон, односно секоја правна норма се труди да нормира, односно да опфати одредени реални општествени односи. И беше кажано дека навистина е тешко со закон се да се нормира. Меѓутоа, со оваа правна норма, со овој закон ние ќе се потрудиме да изнајдеме што пооптимални решенија кои ќе бидат што поприфатливи, се разбира многу тешко ќе биде да бидат прифатливи за сите политички субјекти, меѓутоа за што поголем број на политички субјекти и што подетално да ја уредиме оваа материја, бидејки морам да потсетам дека и законот за политичките партии предвидува дека финансирањето на политичките партии ќе биде уредено со закон. Токму овој закон тоа го нуди за кој што веруваме дека ќе ја збогати македонската плуралистичка сцена, односно македонската демократија. Овој закон ќе настојува да ја зголеми транспарентноста и да ги намали шансите за анонимно финансирање на политичките партии, се разбира тоа можеби во праксата ќе се случува, но ќе бидат намалени шансите и ќе биде санкционирано.И се согласуваме со оние забелешки кои што укажуваат дека казнените одредби треба да се разработат во наредната фаза.

И, сосема на крај на мојата дискусија, да ви кажам дека доста се дискутираше околу тоа како и на кој начин да се финансираат оние политички партии, дали да се финансираат, кои не обезбедиле влез во Парламентот. Токму препораките на Советот на Европа се тие да бидат финансирани во духот на еднакви шанси и оние, условно кажано, помали политички субјекти. Сега, дали ќе биде тоа 20% или 30%, останува на политичка волја, останува на експертско мислење, дали е биде 1 или 1,5%, но во секој случај тоа прашање останува за дискусија.

Исто така, сакам да укажам дека ја имавме предвид Одлуката на Уставниот суд и се согласуваме со тоа да ги разработиме оние одредби во врска со имотот на политичките партии. Имавме предвид дека новиот Кривичен закон се изготвува каде се предвидени одредени санкции во врска со имотот. Така што уште еднаш ќе извршиме компаративна анализа на 20-те земји што беа веќе спомнати и на

препораките, значи на начинот на финансирањето на политичките партии во други земји како во транзиција, така и оние земји со развиена парламентарна демократија. Уште еднаш ќе ја провериме корелацијата, подлабински ќе ја анализираме корелацијата на овој закон со другите сродни закони што ја допираат оваа материја: Законот за политички партии, Законот за спречување на корупција и другите закони. Така што околу самата висина, исто така кажавме, повторно потенцирам дека таа е иницијална. Сите сме свесни за скромните материјални можности во овој момент на нашата држава, скромните можности на Буџетот, но во секој случај политичката волја и материјалните можности и експертските визии ќе укажат кој треба да биде оној, условно да кажам минимален односно оптимален процент.

На крајот, почитувани колеги, завршувајќи ја оваа расправа ви се заблагодарувам на поддршката и сугестиите и од името на двајцата предлагачи ветуваме дека ќе бидеме и понатаму на ваков начин подготвени за соработка и за вашите сугестии.

Благодарам.

НИКОЛА ОПОВСКИ:

Нема повеќе пријавено дискутанти.

Инаку, господине Шапуриќ не сум сигурен дека треба да ја збогатиме уште македонската плурална сцена. Во Парламентот, односно 20 пратеници, имаме 12 партии. Ако збогатуваме уште не знам до каде ќе стасаме.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за финансирање на политичките партии.

2. Предлагачите на законот ќе изготват и на Собранието ќе му достават нацрт на закон, при што ќе ги имаат предвид забелешките и мислењата во Извештајот на Комисиата за финансирање и буџет и расправата од седницата на Собранието.

3. Овој заклучок, заедно со Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет и стенографските белешки од расправата да се достават до предлагачите на законот пратениците Жерновски и Шапуриќ.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Молам, службите да утврдат број на присутни пратеници во салата пред да гласаме.

(Службите вршат пребројување на присутните пратеници).

Добро, ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Во салата се присутни 74 пратеници а гласале 73 пратеници.

Минуваме на точката 18 - Извештај за работа на Советот за радиодифузија за периодот од 1 јули 2001 до 31 декември 2002 година.

Извештајот на Советот и извештаите на работните тела ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитуван претседателе на Собранието, почитуван претседателе на Советот за радиодифузија, почитувани колешки и колеги пратеници,

Според Законот за радиодифузна дејност, покрај другите адлежности, главна улога на Советот е да ја креира стратегијата за развој на радиодифузијата и за тоа да дава предлози до Парламентот.

Општ впечаток е дека соработката со Парламентот е исклучително мала, а релациите со Владата се предимензионирани. Како независно регулаторно тело избрано од Парламентот, Советот за својата работа треба да поднесвуа исцрпни извештаи исклучиво до Парламентот преку ресорните комисии и тела. Но, неговата работа треба да се разгледува и да се даваат оценки за истата и од страна на јавноста. Креирањето и реалното функционирање на пруларизмот на електронските медиуми е заслуга на Советот за радиодифузија во неговото повеќегодишно дејствување. Но, и покрај тоа, во неговото работење се провлекуваа голем број на слабости и недоследности што не би било во ред а да не ги истакнеме, најповеќе како поука за во иднина.

Советот за радиодифузија е замислен како независно регулаторно тело од областа на радиодифузијата. Тоа е случај практично во сите европски земји со цел радиодифузните сервиси да се, во што е можно во помала мерка, подложни на политички влијанија. Но, во нашиот случај очигледно е дека ова тело може да се партизира, што доведе и до продукција на партиски и лични интереси на неговите членови и тоа:

- членови на Советот за радиодифузија на последните локални избори се појавуваа како кандидати за советници во општините,

- членови на Советот за радиодифузија лобираа за добивање концесии на радиотелевизиски или кабелски оператори за нивни блиски роднини или пак членови на потесното семејство,

- членови на Советот за радиодифузија, што им е работно место во одделот за мониторинг на програмата на трговските радиодифузни друштва во исто време соработуваа кај разни институции или приватни истражувачки агенции за медиуми,

- соработнците на Советот кои се јавуваат како експерти при анализата на проектите од јавен интерес се појавуваат лица вработени во извршната власт, па и функционери,

- стручни лица од Советот за радиодифузија кои ги анализираат изработените профили како предмет од јавен интерес, во исто време беа и приватни продуцентски соработници во приватни продуцентски куќи.

Со промена на тричлена во Советот за радиодифузија во јуни 199 година почна да се чувствува влијанието на новиот состав со промени на принципите на работењето. До тој момент сите одлуки се донесуваа со консензус, а потоа се промовираше принципот на демократско надгласување, што е согласно со Деловникот, но е спротивно на принципот на балансирано и неутрално креирање на медиумскиот пејсаж.

Ова посебно се истакна во процесот на доделување на концесии за земски радио и телевизиски станици. Во процесот на одлучување, воопшто не се почитуваа техничките стандарди, а во програмскиот дел се прифаќаа апликации што имаа специфична жанровска структура.

Покрај овие слабости, постоеше и одредено лицемерие со поставување на лица од Советот за координатор на следење на медиумското покривање на претседателските избори, а тој самиот беше член на изборниот штаб на господинот Борис Трајковски.

Ваквиот принцип на работа што достигна кулминација во процесот на доделување на концесии за кабелски оператори каде се селектираа фирми што требаа да добијат концесија. Во поедини подрачја се одеше со физички лица, а некаде беа формирани фирми што требаше да аплицираат. Поднесените проекти беа со многу слабости и недоследности. Во сите проекти не е исполнето тендерското барање за пренесување на радиоканали низ кабелската мрежа. Во сите проекти е приложена идентична компјутерска симулација што не се однесува на

територијата за која е поднесен проектот. Впрочем, и сите останати елементи во проектите се фотокопирно идентични, без оглед на тоа што како проектанти се јавуваат две, условно кажано, независни организации.

Во делот на регулирањето на авторските права на пренесуваните сателитски канали, се приложува согласност добиена на лично име како прелиминарна согласност на апликантот. Ова, за надворешниот програмски експерт се разбира воопшто не е спорно. Во целиот конкурс се провлекуваат проширени роднински релации. Како резултат на ваквиот коцепт на работа, во Скопје се јавуваат како апликанти домаќинки од Струмица или пак студенти.

Со дополнителен дил беа опфатени советници на кои им истече мандатот после 08.09.2001 година, така што на тој начин 80% од апликациите беа изгласани со 5 гласа, но тоа не се сака да се признае, бидејќи од записниците не можело прецизно да се согледа кој како гласал. Во записниците не се вклучени предлозите по кои се гласало, според кои се барало, но не се прифатило отвореност во работата на Советот, што е редовна пракса во повеќе земји, па дури и во земји од нашето соседство, како што е Бугарија.

Транспарентноста на Советот во изминатиот период се манифестираше преку одржување на конференции за медиумите. Но, во ниту еден случај не се даваат објаснувања или увид во документација за донесени одлуки, особено при доделување на средства за финансирање на проекти од јавен интерес или доделување концесии.

Во поглед на недоследноста на работењето, интересен е примерот со Делчево, каде единствено во цела Македонија не е легализирана постојна стара мрежа. Во апликацијата на избраниот кандидат нема предвидено пренесување на радио канали, не е вклучен филмски канал во програмската понуда, а бројот на предвидени канали е 30, и е помал од оној на постојниот оператор кој има 36 канали.

Во извештајот на надворешниот технички експерт, апликацијата што е одбиена е прогласена за една од најдобрите, а прифатената апликација е оценета како општа и без никаква корелација со конкурсното подрачје.

Практично, работата на Советот е сведена на распределба на 10% од радиодифузната такса, доделување на концесии за радиодифузна дејност под притисок, како и мониторинг на радио и телевизиските програми, што пак е посебна приказна.

Не се води доволно сметка и за бројот на доделени фреквенции за комерцијалните радиодифузери во одредени подрачја. Нормално би било да се

распределуваат, но само во исклучителни случаеви, најмногу до 70% од расположливите фреквенции. Овде, очигледно, својата улога за заштита на фреквентниот природен ресурс не ја исполнувала ниту Управата за телекомуникации.

Финансирањето на Советот, според Законот за радиодифузна дејност, предизвикуваше недоразбирање и различни толкувања, па дополнително неговото финансирање е регулирано со одлука на Владата. За независно регулаторно тело ова е недопусливо, затоа што овозможува директно влијание на извршната власт во неговата работа.

Тезата дека Советот треба да добие многу поголема регулаторна моќ и со тоа би требало да се разрешат сите проблеми во радиодифузијата, во услови на недоволна транспарентност во работата, без доволна отчетност во работата и подложност на партиски влијанија, не сум убеден дека би дала резултати адекватни на искуствата на одделни европски земји.

Но, за целокупната состојба во радиодифузната сфера, така на срце, не можеме да го обвинуваме само Советот за радиодифузија, туку голем број на недоречености во законската регулатива и измешаните и не до крај дефинирани ингеренции на институциите надлежни во сферата.

Почитувани пратеници,

Со оглед на тоа што пред извесно време го разгледувавме Извештајот за работа на МРТВ, ова е единствената прилика да прозбориме за трговските радиодифузни друштва што се потврдија како сериозен конкурент, не само според своите технички технолошки способности, туку пред се според квалитетот на емитуваната програма, реитингот кај гледачите и оценките кај домашниот и меѓународниот мониторинг. Тие ги остваруваат своите функции вистинско и навремено да информираат, но и да понудат забава, образовни и едукативни содржини во својата програма, како и да поттикнуваат мислења за одредени настани и прашања. Потврда за тоа дека тие се дел од развојот на демократијата се и изборите и оценките од гледачите и мониторингот спроведен од европските институци за медиуми и Советот за радиодифузија.

И покрај projавените слабости кај поедини трговски и радиодифузни друштва и тоа од технички, кадровски, а со тоа и содржински недоречености, сепак оценка е дека трговските радиодифузни друштва успешно се вклопуваат во демократските процеси на државата.

И за крај на моето излагање, уште еднаш да истакнам потребата од приоритетни измени на законот за радиодифузна дејност и негово усогласување со останатите закони што ја регулираат оваа сфера, каде ќе се дефинираат надлежностите на регулаторното тело и другите институции, согласно меѓународните норми и стандарди, а истовремено ќе се направи ревизија на постојните концесии според проектната документација и ќе се затворат дивите емитувачи.

Надевајќи се на поголем ред во радиодифузната сфера во наредниот период, пратеничката група на СДС ќе даде поддршка на Извештајот на Советот за радиодифузија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Михајловски.

Извинете господине Михајловски, прво ќе му дадам збор на предлагачот на Извештајот, па потоа вам ќе ви дадам збор.

ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:

Господине претседателе, дами и господо пратеници,

Јас очекував, бидејки добив покана, дека ќе добијам можност на кратко да образложам, но еве г-динот Тромбев покрена некои прашања. Би сакал да кажам дека со поголем дел од неговие критики и констатации се согласувам и ги сметам како многу значајни за идното работење на Советот.

Би дал едно образложение што ќе одговори, да речам на дел од тоа што беше изнесено и на она што е состојба во радијодифузијата во извештајниот период, но и во овој момент.

Советот за радиодифузија достави Извештај на Собранието на Република Македонија за неговото работење за време што го карактеризираат сериозни и значајни настани во Македонија. Во втората половина на 2001 година неколку месечната политичко-безбедносна криза беше разрешена со потпишување на Рамковниот договор. Печат на 2002 година дадоа парламентарните избори, на кои, со измените во Законот за избор на пратеници, Советот доби нагласено одговорна позиција. Предизвикот беше во организирање континуиран и сеопфатен мониторинг на покривање на изборната кампања од нејзиниот почеток и специфичен мониторинг

и процедура на одлучување и постапување на деновите на таканаречениот изборен молк и самиот ден на гласањето. Како и ДИК и некои други институции, и Советот доби јасни и недвосмислени пораки од набљудувачките мисии на ЕУ, Советот на Европа, ОБСЕ, Националниот демократски институт во САД и од други релевантни меѓународни институции во поглед на значењето и улогата на електронските медиуми за одржување на фер, слободни и демократски избори. Правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување за избор на пратеници, што му ги предложи на Собранието, во текот на кампањата, Советот за радиодифузија се погрижи да бидат остварени преку транспарентно соопштување на резултатите од мониторингот.

Периодот на кој се однесува Извештајот се карактеризира и со завршување на процесот на формално-правното конституирање на приватниот сектор во нашата радиодифузија, од преку 300 нелегални радио и телевизиски станици во време на донесувањето на Законот во 1997 година, бројто на земските емитувачи се стабилизира на околу 120. ЕУ и ОБСЕ, уште со првиот конкурс за доделување на концесии во 1998 година оценија дека во Македонија е создаден реален плурализам во радиодифузијата.

Процесот на развој на кабелската телевизија започна и се остварува во услови на нејасна стратегија на државата за моделот и во отсуство на правилници за технички стандарди и други подзаконски акти. Да потсетам дека со измените во Законот за телекомуникации во 1998 година , на идниот стратешки партнер, значи во случајот на МАТАФ, во Македонски телекомуникации му е дадена концесија за кабелска телевизија за период од 20 години. Пред тоа, со Законот со кој беше формирано ЈП Македонска радиодифузија му е дадена можност за формирање односно за изградба на јавна кабелска мрежа на ова Јавно претпријатие на територијата на цела држава. Во вакви услови, иако во Законот постојат само 5 премногу општи члена, Советот и без неопходната техничка и друга логистичка поддршка на надлежните министерства, управи и заводи самостојно подготви тендерска документација. Со тоа беа создадени претпоставки за развој на кабелската телевизија и формално-правно конституирање и на вториот сегмент на приватниот сектор во радиодифузијата.

Концесии за кабелска телевизија им се доделени на 64 оператори. Меѓутоа , кога станува збор за статусот на мрежите преку кои се врши дистрибуција на сигнал и за нивното проширување, отворено треба да се истакне дека тие во суштина и денес се градат без неопходните дозволи. После притисокот на Советот, сите

кабелски оператери до службите во Министерството за транспорт и врски поднесоа и во најголем дел добија дозволи за услови за градба. Дозволи за градба, врз основа на изведбени проекти и друга неопходна техничка документација, Министерството за транспорт и врски сеуште нема издадено на ниту еден оператер. За жал, во ова Министерство сеуште не се расчистени интерните спорови околу тоа кој за што и колку е надлежен. Советот постојано предлага усогласувања и други видови координација со цел изградбата на кабелските мрежи целосно да се легализира. Кабелската телевизија се покажа како атрактивен предизвик за граѓаните. За некои тоа е во прв ред заради можноста за подобрување на квалитетот на сигналот во местото на живеењето . За најголем број на граѓани, како можност за збогатување на програмската понуда и избор меѓу 130-те сателитски канали во пакетите на операторите. Кабелските оператери пријавија официјално околу 62 илјади приклучоци, но истражувањата врз репрезентативен примерок проценуваат дека реалниот број е меѓу 80 илјади и 100 илјади приклучоци.

Со цел да се попречи избегнувањето на плаќање на надоместок за концесија и можната даночна евазија , Советот на крајот на 2002 година од Управата за јавни приходи побара инспекциски надзор. Воспоставувањето на пазарни односи во кабелската телевизија, надминувањето на монополската положба поради законската одредба едно подрачје, една мрежа, односно воспоставвуањето на конкуренција што треба да се оствари со измените и дополнувањата на Законот за радиодифузна дејност, треба да придонесе за нејзин побрз развој на користењето и на другите можности за развој на нови сервиси и услуги што ги дава кабелската мрежа, како нова електронска мрежа во Република Македонија .

Почитувани пратеници,

Мониторингот и анализите на радио и телевизиските програми генерално ги покажуваат следните карактеристики:

1.Криза на сопствената односно домашната продукција и во јавниот и во приватниот сектор.

2.Меѓу најгледаните емисии и серии доминираат оние од странско потекло, во одделни периоди апсолутно доминантна е таканаречената ТВ новела од Латиснка Америка.

3.И оние радио програи што се форматирани како музички, со чест на исклучоци предност и даваат на музиката од странско потекло.

4.И јавните, но и новите приватни локални радија, наместо развој на информативни и други програмски содржини од сопственото подрачје, се повеќе се

ориентираат кон преземање, значи реемитување вести и други програми на македонски и албански јазик од големите светски радио сервиси.

5.Од гледна точка на жанровската структура кај телевизиите и кај МТВ, А-1 и Сител, се забележува намалување на учеството на емисии од областа на културата, уметноста, науката, не се профилираат содржини и програми за специфични делови од публиката, предшколски деца, ученици, тинејџери, лица со пречки во развојот и т.н., и

6.Програмските стандарди се повеќе се ориентираат односно се подредуваат на комерцијалните интереси на радиодифузерите, поради што се повеќе се соочуваме и со површност и сензационализам во програмите.

Советот за радиодифузија со повеќе препораки, јавни дебати и регулациско дејствување настојвуаше да се попречат порнографијата, емитувањето на содржини или цели програми, филмови, серии со насилство, нерпистоен јазик, таканречениот бедленгвиџ . Но и постојнито Закон на пример, во Програмата на радијата не утврдиле кај музиката квота, како што е на пример тоа во Франција или Канада. Кај оригиналната домашна играна телевизиска програма, како што е тоа во Шветска или Австралија. Интересно е што оваа земја на тој начин се штити од претераната моќ на американасната телевизиска индустрија.

Со измените и дополнувањата на Законот за радиодифузна дејност треба да се утврдат нови поконзистентни програмски стандарди, според кои, зависно од форматот на радио и телевизиската компанија , сопствената продукција ќе биде основниот услов за добивање и задржување на правото за емитување на програма.

Во овој контекст, би скал да укажам и на едне специфичен елемент, на таканареченото структуирање на програмите, односно приоритетите на темите. Имено, освен редовниот мониторинг на програмите, Советот врши и анализа на одделни нивни сегменти. Анализата на таканареченото структуирање на информативните програми и приоритетите на темите покажуваат состојби кои заслужуваат да бидат истакнати пред Собранието. Темите од политиката се пред економијата апсолутно и неспоредливо пред темите од образованието, културата или наката. Во централнит еинформативни телевизиски емисии, кои патем речено излегоа од европските рамки на времетраење од 30 минути, вестите за афери, грабежи или други криминогени појави во општеството се поместуваат во нивниот ударен дел, а често се обремени и со посебни најави. Но она што посебно треба да се истакне е загрижувачки малиот квантум и видови на информации за ЕУ, НАТО и за другите институции, како дел од нашата ориентација за евроантлакси интеграции.

Постои политички и најширокопштествен консензус дека интегрирањето на Македонија во овие две евроатлански асоцијации има стратешки карактер и иднинско значење за Македонија. Во земјите кои оствариjа брз влез во Унијата, односно асоцирање, електронските медиуми за работата на Европската комисија, на пример, или за нејзините други тела, или за најзначајните одлуки поврзани со трговијата, земјоделството или другите стопански гранки известуваат на начин на кој јавноста, значи слушателите и гледачите , во исто време властите и компаниите ги соочуваат со предизвиците на приспособувањето на европските стандарди, квалитети или конкуренција на производи и услуги. Разумно е да се очекува, дами и господа дека електронските медиуми и кај нас , а во прв ред оние што емитуваат програма на територијата на целата држава ќе направат таков пресврт кој на темите од евроатланската интеграција ќе им даде приоритет што одговара на политичките определби на Македонија, и тоа и во двете клучни функции, информативна и едукативна.

Дами и господа, кога станува збор за економското работење, состојбите вор адиодифузијата не само што бавно се менуваат туку и се усложнуваат. Поради опаѓањето на процентот на наплата на радиодифузната такса и МРТ и 29-те јавни локални радиодифузни претпријатија запаѓаат во се поголема програмска и финансиска криза. За опаѓањето на наплатата на таксата главно постојат два фактора. Прво, различното однесување на Електростопанство на Македониај кон неа во различни периоди, одделни подружници од самиот почеток апсолутен приоритет и даваат само на наплатата на струјата и второ, непотребното политичирање на радиодифузната такса.

Како членка на Советот на Европа наскоро да се надеваме, и тоа велам наскоро и на ЕУ, Македонија има обврска на граѓаните , врз принцип на општа достапност да им гарантира и да им обезбеди информативни, образовни, културни и други содржини од најновата генерација на човекови права и слободи поврзани со информирањето и комуницирањето. Дали тоа ќе биде со такса или друга јавна давачка, преку Буџет или индирекно од него, тоа е прашање на правно и финансиско регулирање.

Во минатата година Советот иницира јавни дебати за трансформација и на МРТ и на 20-те локални јавни претпријатија во вистински радиодифузен сервис на граѓаните. Собранието на Република Македонија , како основач на МРТВ, наскоро ќе го разгледува предлогот за нејзината трансформација. Иако на прв поглед полесна, состојбата во Јавната локална радиодифузија може да се покаже како

потешко решлива. Новито Закон за Локална самоуправа неа воопшто не ја утврди како сегмент на локалната самоуправа. Идеите за комбинирано решавање, вклучувајки и определениидеи за таканаречено комјунити радио се елаборираат, но тие не се вистинската излезна позиција. Во исто време, позицијата на Здужението на јавнит елокални радиодифузни претприајтија во исто врем еда бидат локални јавни радиодифузни сервиси, но поврзани и финансирани од радиодифузната такса или дирекно од Буџетот не гарантира дека тие ќе бидат навистина сервиси на локалната самоуправа. Платформата на заедницата на единиците на локалната самоуправа во врска со ова не е позната или не е јавно презентирана, при што ние во Советот сметаме дека јавната локална радиодифузија треба консеквентно да се позиционира во локалната самоуправа.

Процесот на конституирање на пазарот на електронски медиуми тече бавно и со значајни тешкотии. кризите во 1999 и 2001 година и опаѓањето на индустриското производство и општествениот производ не создаваат реални претпоставки радиодифузијата реално да се конституира и да функционир акако индустрија. Во ИзвеШтаот има повеЌе податоци за економското работење и во јавнито и во приватниот сектор. Македонија е една од ретките земји во Европа во која официјалната државна статистика или некој друг државен орган има обврска да го утврдува и искажува таканаречениот рекламен колач. На неколкукратната иницијатива на Советот за измени на законите за економско и финансиско работење за да се утврди висината на рекламниот колач и врз основа на тоа да се предлагаат односно преземаат определени мерки за поттикнвуање на компаниите за поголемо рекламирање, во минатата година ни беше одговорено дека сето тоа не било во согласност наводно со директивит ена Европската комисија. Се разбира во интерес на времето сега ова нема да го коментирам.

Меѓутоа, треба да се укаже и на еден друг сериозен, според Советот, факт. Имено, наспроти незадоволството од состојбата на пазарот или учеството во рекламите, веќе петта година се избегнува обврската за доставување на податоци за финансиското работење. Од Извештајот ќе видите дека само 38 од 126 трговски радиодифузни друштва доставија вакви податоци. Еден број меѓу нив и национални концесионери тоа го прогласуваат за некаква деловна тајна од телото кое ги авторизира односно ги рецензира за работа, а тоа е впрочем и нивна обврска утврдена со Договорот за концесија.

Делот, можниот одговор на прашањето зошто се избегнува оваа обврска, евентуалната капиталска поврзаност на трговските радиодифузни друштва,

со други трговски друштва, зошто господинот Тромбев зборуваше и каде што се можни повеќе компаниски поврзувања.

Вториот можен одговор е во настојувањето да се избегне прикажувањето на приходот од странски донации, што пак упатува на потребата државата да го уреди дејствувањето на медиумските фондации и транспарентноста на нивното работење, форми на донирања, средства, техничка опрема и т.н. Во секој случај, односите на пазарот и рекламирањето мора да бидат јасно уредени, без задржување на привилегии на старите, но и без создавање на нови монополисти. Со измените во Законот за радиодифузија, но и на други закони, согласно директивите на Европската унија, Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија треба да креирааат наполно нов економски амбиент, имајќи ги во предвид конвегирачките елементи на радиодифузијата, телекомуникациите и информатиката. Во контекст на иницијативата за финансирање на политичките партии и предлогот што Собранието на Република Македонија го усвои денес, дозволете да кажам е исклучително значајно да се уреди и платената политичка програма. Според бројот на медиумите што емитуваа ваква програма на последните парламентарни избори, а особено според обемот, тие го привлекоа вниманието и на странските набљудувачи и на истражувачките институции на регулаторните тела. Дури една од темите на европската платформа на регулаторните тела во ноември во Љубљана минатата година беше посветено токму на македонското искуство. Прашањата одеа во насока дали политичките партии во Република Македонија се многу богати, или пак цените за закуп на време се ниски, или пак платената политичка програма всушност понекогаш или воопшто не е платеан.

Второ, дали медиумите и економски профитираат од вака обемната платена политичка програма. Со оглед на изнесениот факт за тоа колку се остваруваат законските обврски за доставување на податоци, ние за жал ваков податок не можеме да ви соопштиме, дури би рекол и во некаква проксимативна форма. Уредувањето на овие прашања меѓу другото треба да се гледа и во контекст со ширењето на политичкиот маркетинг на електронските медиуми, освен во изборниот процес, и кон маркетинг на невладините организации, синдикатите, таканаречениот корпоративен маркетинг во врска со одделни интересни групи, прикриени политички пораки и тн.

Дозволете да кажам неколку зборови и за надзорот. Тоа е најлошата и најслабата страна на постојниот закон. Комплицирана, неефикасна, со можност за

прогласување на ненадлежност, а сето тоа најчесто на штета на Советот за радиодифузија.

Во член 80, 82, 83 и 84 од Законот, се регулира постапката на надзорот, меѓутоа за сите повреди што се однесуваат на програмски содржини, ниту еден надлежен инспекторат не е подготвен да поведе постапка, ниту да поднесе прекршочна или кривична пријава. Такви повреди имавме и такви повреди има, таква повреда е на пример емитувањето на порнографија и на земските и на кабелските телевизии.

Со ништо, се согласувам сосема со господин Тромбев, наспроти еве, неколкукратните повторени заклучоци на Владата на Република Македонија и барањата на Советот за радиодифузија, денеска програма емитуваат 70 диви радио и телевизиски станици. Во поглед на уредувањето на авторските или правата од интелектуалната сопственост, Советот за радиодифузија мака мачи да најде партнер во државната администрација. Нашиот предлог - Одделот за управно правен надзор, во Министерството за култура, да учествува во посредувањето за уредување на односите меѓу земските емитувачи и кабелските оператори, не беше прифатен. Па така, спротивставените позиции меѓу нив, се заканувaат со појава сега на исклучување на земските емитувачи од програмските пакети на кабелските телевизии, судски спорови и тн. За да ја надмине оваа состојба, Советот за радиодифузија на една од своите последни седници утврди еден предлог за износите за надомест меѓу земските емитувачи и кабелските оператори, со цел да се воспостави однос на соработка, кој што потоа ќе биде регулиран самостојно меѓу нив.

Државата мора серизно да го уреди надзорот и да ја подобри неговата ефикасност. Освен прогласување на надлежност, некои органи наместо да постапат според барањето на Советот за радиодифузија најчесто не подучуваат дека треба едноставно да се одземат концесиите. Постапката за одземање на концесии особено на земските емитувачи, дами и господа, значи тие што емитуваат сопствена програма, според препораките на Совето на Европа и според искуството на другите регулаторни тела, односно практиката во европските земји, е последното средство. Таа треба да биде легитимна, јавно образложена и да не претставува во некаква, во било каква и да е форма, повреда или загрозување на слободата на изразувањето на информирањето и комуницирањето. Советот за радиодифузија имаше една привилегија да креира еден проект за финансирање на програми од јавен интерес,

јас без, се разбира, да давам било каква полемичка нота на искажувањата, сакам да ги изнесам ставовите на Советот.

Прво, вие податоците ги имате во извештајот на членовите на Комисијата за транспорт и врски и ги доставивме и одлуките на Владата на Република Македонија, со наслови и други податоци за финансирање на проектите од двата конкурса, што се однесуваат на ивештајниот период, а на сите пратеници им го доставивме каталогот за завршени проекти заклучно со септември месец.

Дозволете само неколку работи да изнесам. Во Конвенцијата за прекугранична телевизија на која Република Македонија и пристапи, се истакнува потребата земните потписнички да ја поттикнуваат и финансиски новата независна и оригинална аудио визуелна продукција.

Второ, при донесувањето на законот е предвидено 10% од радиодифузната такса во Република Македонија да бидат наменети за ваква продукција. Советот разработи методологија, со жаровска номенклатура, стандарди, цени на финансирање и постапка за евалуација и сето тоа заедно со тендерската документација е усвоена од страна на Владата на Република Македонија, а тие беа јавно презентирани. До сега, од сите одобрени проекти, само еден не е реализиран. На ниту еден субјект, не му е ислатен ниту еден денар повеќе од тоа колку што е утврдено со одлуката и со тоа, еве дозволете да кажеме, ние сметаме дека во Република Македонија се става крај на една грда навика да се започне некој филм, или друг видео, односно аудио проект, па потоа постојано да се бараат нови и нови средства.

Четврто, мислењата околу проектите од јавен интерес се поделени. Има и експлицитни критики. Респектирајќи го целосно правото на поинакво мислење, би сакал да искажам јас што мислам во врска со тоа.

Поддршката на независната продукција треба да продолжи и таа да се издвои од Советот како фонд или институционализирана поинака, бидејќи ниту Советот, ниту Владата на Република Македонија треба да бидат продуценти. Средствата од проектите од јавен интерес кај некои трговски радиодифузни друштва во помалите средини, еве ќе ги споменам само реканските подрачја, Ростуше, Жировница, Дебарска Жупа, учествуваат и со повеќе од 70% во нивните вкупни приходи. Во регионите опфатени со последниците од бегалската и воено - политичката криза, проектите од јавен интерес го одржуваат финансискиот баланс меѓу медиумите што емитуваат програма на македонски и албански, односно на јазиците на другите заедници. Во Европа и во светот има голем број на радио и

телевизиски часови, на македонски има и на албански јазик, за кое што во овој момент никој не нуди никаква понуда. Во последните две години, директно преку интернт, или со посебни порачки, тие се повеќе ги користат овие проекти. Создадени се голем број телевизиски проекти, кои можат да послужат и за промоција на македонските економски потенцијали, на нејзината култура и наследство, на туризмот и се разбира и на претприемаштвото и на бизнис климата во Република Македонија. Дозволете, нека не биде нескромно, да кажам дека дел од тие проекти во средните училишта се дел од наставниот процес. Се разбира, со ова не сакам да ги оспорам можните погрешни, да речам или недоволно консеквентно рализирани проекти. Во врска со експертите, ние од сите баравме дас потпишат изјава дека не се членови на ниедна политичка партија, дека немаат учество во удели и тн., во ниту една од трговските радио друштва и апликантите, можно е да имавме и такви прикриени експерти, но би сакал да ви кажам и неколку имиња кои што учествуваа во таа експертиза - Петре М. Андреевски, Анте Поповски, Венко Андоновски, Мурат Исаку, Илхами Емин и тн. Се трудевме секогаш да имаме меѓу експертите имиња кои што својот творечки интегритет ветуваат независност. Јас се разбира, денеска ризикувам да го злоупотребам вашето трпение и да зборувам премногу, меѓутоа дозволете ми да кажам дека ние како прво преку независна регулациско тело во Република Македонија сме свесни за шансата да бидеме први, но да ги минеме и сите искушенија низ кои што тоа им се случува на тие што се први. Се разбира, нас често ни сметаат како советодавно тело на Владата, понекогаш не сметаат и како собраниско тело, а и кај оние особено да речеме во државната администрација кои што би требало да бидат наши партнери или да учествуваат во реализацијата на законот заедно со нас, нема доволно знаење, па така тие најчесто сметаат дека сме ние само дел од декорот на демократската транзиција.

Независноста на резгулациското тело, колку што е во правните и во законскикте решенија, толку или можеби повеќе е и во персоналниот состав, компетентноста, интегритетот и всушност, ова или друго тело неможе да биде независно, доколку членовите не се подготвени за тоа, односно немаат капацитет за тоа. Јас ги уважувам сите критички забелешки и би сакал да, еве тука е и мојот заменик, да ви кажам дека ние минатата година на денот на изборите имавме едно критичко соочување со состојбата на независноста, бидејќи во тој момент една погрешна одлука, а имаше прекршувања на денот на гласањето од повеќе од 10 електронски медиуми, велам еднас погрешна одлука можеше да значи не само

информативен мрак во Република Македонија, туку и пореметување на денот на гласањето, односно на самите избори.

Од таа гледна точка, јас сметам дека во иднина на ова ќе се посвети исклучително сериозно внимание. Дозволете сега без некое критичко така да речам опсервирање на соседите, а премнгоу фалење за нас, да кажам дека ние имаме сепак пристојни перформанси во радиодифузијата. Во Бугарија и во Албанија сеуште не е завршен процесот на легализирање на субјектите и во земската и во кабелската телевизија. Во Србија и Црна Гора се формирани регулаторни тела, но во Србија Советот со месеци не може да се конституира, иако навидум има многу силен персонален состав. Во Грција, членка на Европската унија исто така не можат да се пофалат дека ги уредиле сосема работите. Во Хрватска се подготвува закон за радиодифузија, а во Словенија Советот и Агенцијата за телекомуникации иако во еден формациски состав, судирите кои што се меѓу нив евидентни станаа тема и на една европска дебата во ноември минатата година во Љубљана.

Накратко, бидејќи имаше повеќе опсервации на комисиите, за тоа што се нови одлуки на Советот за радиодифузија. Јас би сакал да ви кажам дека е точно тоа дека ние се до вториот конкурс за кабелските концесии одлучувавме консенсуално, потоа се случи она што господин Тромбев од прилика го опиша, меѓутоа, Советот сепак покажува дека има капацитет да ги следи и да ги поправа работите. Ние на последната седница на Советот, имајќи ги во предвид сите обврски од договорите за концесија, утврдивме одлука за одземање на концесијата на кабелскиот оператор во Пехчево, заради непочитување на роковите за изградба. На четири кабелски оператори, на еден во Кичево и на уште на еден во Свети Николе им дадовме рок од три дена, локалните телевизии кои што се на тоа подрачје да бидат во програмските пакети, кабелскиот оператор во Кичево да престане да емитува сопствена програма, бидејќи е спротивно на законот и доколку не постапи според ова последно укажување на Советот, ќе се смета дека е донесена одлука за одземање на концесиите. За Битола и за Охрид утврдивме дека еден од концесионерите има недозволено мал број на приклучоци, има само пет, присуството на другиот, на подрачјето е само алиби за тоа да не се развива мрежата и ние во рок од седум дена ќе го разрешиме и ова прашање. Исто така постапуваме и во Охрид и имаше уште во Гевгелија и во неколку други подрачја. Со ова сакам, дами и господа, да ви кажам дека ние формиравме навистина заедничка комисија со Управата за телекомуникации, но знаеме дека работата мораме сами да си ја завршиме. Јас сакам да ве уверам дека наспроти пројавените слабости и

недоследности, кои што за еден дел се согласувам сосема и сметам дека е значајно тие да бидат јавно соопштени, бидејќи секој треба да се соочи со одговорноста за одлуките што ги носи, а не да речеме претседателот на Советот за радиодифузија да биде напаѓан од член на Советот заради тоа што не дозволувал да биде надгласуван и слични на тоа форми.

Но имаме други отворени проблеми. На 58 трговски радиодифузни друштва, се согласувам сосема со констатацијата на господинот Тромбев, за огромното значење на нивната појава во развојот на медиумите и на демократијата во Република Македонија. Или им е истечен рокот за плаќање надоместок, или не го платиле во целост. Меѓу нив има и такви кои што емитуваат програма на територијата.

На Владата и предложивме и очекувавме на последната седница таа да донесе одлука, неплатениот надоместок за концесија да биде подмирен во рок од 15 дена.

Сакам да ви кажам дека регулацијата е многу на прв поглед би рекол привлечна работа, но таа е со висок степен на ризик. Ние често пати сме изложени на критика дека не сме доволно решителни. Но јас ве уверувам дека доколку за покренување на постапка за одземање на концесија особено на тие што емитуваат програма на територијата, или позначајни подрачја, поголеми градови и т.н., само врз таа основа дека тоа всушност, ќе биде сериозен проблем не само за Советот за радиодифузија, туку и за Република Македонија.

Но, финансиската дисциплина и почитувањето на законите и договорите мора да се почитуваат.

Јас би сакал да заклучам со тоа дека Советот за радиодифузија иамше светли, помалку светли, има и страни за кои што денеска еве јас отворено реков дека се согласувам со дел од критиките. Но тоа е она што Советот за радиодифузија можеше да го направи. Многу често претседателот на Советот за радиодифузија е предмет на опсервација и тн. Тоа е само прв меѓу еднаквите. Тој не учествува во предлагањето на кандидати, нема таков статус и добро е што нема таков статус. Јас би сакал дами и господа, да ве уверам дека ние настојуваме на тоа што направивме да му дадеме објективна рамка, тоа што е добро да го негуваме, а она што е наша регулациска способност и законска обврска да го оствaруваме.

Ви благодарам, се извинувам господине претседателе ако бев малку подолг, но ова е прв пат, иако ние редовно ги доставуваме извештаите, Собранието прв пат расправа по извештајот на Советот за радиодифузија.

Ви благодарам на вниманието дами и господа пратеници.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Михајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван претседателе на Советот за радиодифузија, почитувани колеги пратеници,

Пред нас се наоѓа извештај кој според својата содржина низ аналитички приод не само ги резимира активностите во оваа суптилна дејност, како што е радиодифузијата, туку сака да укаже на отворените проблеми со конкретни насоки за развој на радиодифузијата, што нас посебно како Парламент не интересира, со конкретни насоки за развој на радиодифузната регулатива и предлози за измени и дополнувања на постојната правна радиодифузна рамка.

Од аспект, извештајот за работа на Советот за радиодифузија јули 2001, декември 2002 година заслужува политички приод и од законодавниот дом многу повеќе што во сферата на радиодифузијата, од аспект на нејзиното организирање, имаме сепак доволно искуства, без докрај изградени стандарди и неусогласеност со Законот за телекомуникациите и Законот за концесија.

Искуството на другите покажуваат дека е добро радиодифузната дејност да се уреди со еден закон. Кај нас тоа го нема. Сегашното уредување на оваа дејност со повеќе прописи има негативни практични импликации кои доаѓаат од дуализмот во дефинирањето на концесиите во оваа сфера, со одлука на Владата од една страна, но според Законот за телекомуникациите и ингеренциите на ресорниот министер.

Постојната правна рамка за јавниот радиодифузен сервис за МРТВ, сеуште не е усогласен со документите на Европската унија и Советот на Европа. Тоа паѓа во очи од извештајот. Според обврските од нашето асоцирање треба да се направи целосна трансформација до нивото на целосно гарантирање на независноста со јавниот сервис при што ќе се издефенираат и неговите задачи од јавен интерес, а со тоа и системот на финансирање кој нема да се проблематизира како досега.

Ние најверојатно ќе го начнеме и ова прашање за трансформација на Македонската радио телевизија, која во моментот заради познатите причини, од која

јас ја апострофирам радиодифузната такса која се собира со потребната динамика и се остварува некаде со 30 и нешто проценти, заостанува зад стандардите на современиот развој на медиумите во технолошка, но и во програмска смисла. Стериосигналот сеуште не е усвоен како предизвик на новото време, телетекст не постои, намалена е сопствената игра на програма и сеуште естетски и содржински програмата што е емитувана на сателитскиот канал мислам дека е сиромашна. Исто така тематски канал за Македонската радио телевизија и за овие простори во радиодифузниот простор сеуште останува непознаница. Програмата преку сателит ја емитува Македонската радио телевизија и сеуште не се изградени условите за добивање на дозвола за емитување на сателитска програма од другите субјекти.

Исто така, сакам да укажам на едно отворено прашање, кое за жал извештајот не го допира, а тоа е сеуште непокриеност на територијата на Република Македонија со ТВ сигнал од МРТВ. За жал, конкретно во мојот регион се гледа бугарска и српска радиотелевизија. За жал, тоа е реалноста. Исто така, националните концесионери А-1 и Сител сеуште ја покриваат територијата на Македонија со 70%, така да граѓаните од внатрешноста на Република Македонија остануваат обесправени во однос на граѓаните од поголемите центри и сето тоа мора сега да го компензира преку приватните концесионери, односно преку кабловската телевизија. Со ова се доближуваме до еден концепт со трансформација на јавниот сервис во здрава и дефинирана иднина на јавниот радиодифузен сервис кога треба да се демантира слободното претприемаштво но и конкуренција на пазарот која сега недостасува особено во сферата на рекламите. На овој начин конкуренцијата ќе биде вистинска, особено во сферата не на рекламирањето, каде сега нема правило на игра, а со тоа и преку проекти и директни донации средствата од радиодифузната такса ќе бидат делени поправично и во интерес на приватниот сектор мислам на 150 радиодифузни друштва во Македонија. Вкупната сфера на радиодифузијата сеуште е без потребните стандарди, освен што можеме да констатираме дека сме воспоставиле плурализам во сферата на електронските медиуми, но оваа е само рамка во која колажот не е комплетиран. Иако имаме Совет за радиодифузија како независно регулаторно тело, сакам да верувам дека е независно, кој ги претставува интересите на граѓаните во радиодифузната дејност, неговите надлежности не се во согласност со европските стандарди. Без разлика дали нам ни се допаѓал или не ни се допаѓал овој состав на Советот, сеуште тој

совет е со врзани раце према одредени ингеренции, особено во законодавната сфера за да може да учествува во судските постапки.

Од таква ситуација Советот за радиодифузија е ставен во улога на пасивен регистратор на прекршоците и проблемите во заштитата на интелектуалната сопственост која треба да се штити и не само според европските стандарди. Сите ингеренции сега се во рацете на Министерството за транспорт и врски и мислам дека во иднина треба да размислуваме кон тоа во кој обем треба да се пренесат одредени права на Советот за радиодифузија.

Исто така, тука има  едно отворено прашање кое мене ме загрижува, а тоа е статусот на 29-те јавни радиодифузни претпријатија на локално ниво, а особено статусот на постојните локални радио станици. Овој модел прецизно треба да биде дефиниран со новиот закон за радиодифузија.

Сакам да укажам и на некои други отворени проблеми што извештајот ги апострофира, кој треба да бидат предмет на законодавниот дом, а јас само такстативно ќе ги набројам заради времето, а тоа е даночни погодности за електронските медиуми, царински погодности при увоз на дигитална опрема за потребите на електронските медиуми, средствата што ги издвојуваат компаниите за рекламирање и спонзорство во електронските медиуми да се оданочуваат со повластена даночна стапка.

Исто така останува отворено прашањето за постојниот систем на наплата на радиодифузната такса по приватизацијата на ЕСМ. Ние сме социјална држава и ќе мора да изградиме дефиниција на каатегории на корисници кои ќе бидат ослободени во иднина од плаќање на радиодифузната такса а надоместокот веројатно ќе мораме да го покриваме од буџетот. Приходите од концесиите на радиодифузните субјекти секако е дека е потребно да се враќаат на корисниците на дејности. Отворено прашање за кабловските оператори кои ги интересираат нашите граѓани, различна такса во различни градови во Републиката, мало влијание на консулментите, кои ја гледаат програмата на кабловските телевизии, без никакво влијание во конституирањето на програмата и каналите кои сакаат да ги гледаат.

И да завршам со ова. На крајот сакам да кажам дека и покрај одредени забелешки кои можат да се стават на Советот за радиодифузија, за кој зборуваше и колегата Тромбев, мора високо да ја оцениме независната продукција која преку Советот за радиодифузија дава шанса на младите драматурзи, на младите филмаџии, кои во овие услови и во вакви услови во кои работиме имаат шанса да ги искажуваат своите креативно способности.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван директоре на Советот за радиодифузија,

Тука слушнавме едно исцрпно известување од господинот директор. Мислам дека овие дискусии и на Комисијата за транспорт и врски не беа токму по овој редослед, но без разлика, мислам дека можеме да проговориме за доста проблеми кој што ги има и Советот за радиодифузија, а преку нив и сите граѓани на Република Македонија кој што, едноставно стануваат зависници од нашите медиуми кој што ја пуштаат таа слика и таа емисија низ етерот во Република Македонија.

Јас би сакал уште на почетокот, гледајќи ги сите оние информации кој што ви се дадени од Советот за радиодифузија да кажам дека тука се работи за поздравување на голем број проекти кој што се сместени во тие 44 милиони денари, кои се поделени на овие приватни радио станици и телевизиски станици. Тоа се емисии од историјата, културата, на научни основи, на забавни основи, емисии, но сепак мислам дека оваа понуда е премногу мала за комплетно нашите гледачи и во однос на квалитетот и во однос на квантитетот. Се прават повеќе обиди секој да може да ја прави оваа програма, но сигурно дека и техничките можности на тие приватни радиостаници не се од квалитетот на Македонската телевизија, а и Македонската телевизија ги обезбедува некои програми за кои што подоцна ќе проговориме и за нив.

Тука се кажува во самото известување дека имало одредени неправилности и дека некои концесионери, добиле концесии врз основа на Советот за радиодифузија не на консенсуален начин, значи не со комплетно мнозинство, туку со прегласување. Јас мислам дека тоа е многу нормално и дека така треба да функционира. Ако сите луѓе мислат исто било да е Совет за радиодифузија, тогаш сите одлуки и закони што ќе се носат, каде што немаме консензус, значи не треба да функционира. Тука не би сакал воопшто да дискутирам. Исто директорот спомна дека учествувале во изготвувањето на овие програми, инаку да се поделат овие програми треба да се сними или дали треба да се сними, голем број на експерти, кои тука ги наведе, дали нивната политичка припадност, воопшто треба да биде мерило и критериум, дали некој треба да биде во тој експертски совет за радиодифузија, за

мене воопшто не е спорно. Спорно е кои емисии и што ќе се прифати како дел од она што треба да го гледаме. Тоа е најважно дали тие се и политички членови на некоја политичка партија, мислам тоа за мене не е спорно, затоа што како што е тој експертски тим, истото се случува и со граѓаните на Република Македонија еден дел од нив да се членови на политички партии, што е нормално.

Би сакал да кажам неколку збора за она што е во фаза на најголем развој на кабловската телевизија. Во моментот има 64 кабловски оператори кои дејствуваат во Република Македонија, со некаде 130 програми. Овие оператори, според нивните информации, имаат некаде околу 64 илјади или 80 илјади приклучоци, според некои незванични податоци и 100 илјади. Тоа се отприлика 400 лиѓе кои можат да ја следат оваа кабловска телевизија во која што се понудени 130 програми. Со тоа што нашиот граѓанин имал ваква понуда од 130 програми, во првиот момент изгледа дека тоа е сосема доволно, дека ги задоволува потребите и на секој избирлив гледач, не може да оддели што би гледал од оваа програма. Јас мислам дека кабловската телевизија што е предвидена и што би требало да се развива во некоја насока, голем дел од тие програми воопшто и не се плаќа некоја такса од каде што се превземаат, така да во иднина сигурно многу од нив ќе бидат исклучени, а и она што го гледаме оди без превод на македонски јазик, така да многу малку може од тоа да се искористи. Затоа кабелската програма и она што значи зрачење на македонските телевизии, ќе треба многу повеќе да се работи и да се вклучи тука комплетно Советот за радиодифузија и можеби е начинот во еден дел од тој нов закон за радиодифузија да се вклучи заеднички со Македонската телевизија да се работи и на ова со кабловската телевизија и во однос на наплатата и во однос на останатите активности, бидејќи на сите кабловски телевизии ги гледаме програмите на Македонската телевизија и голем дел од нашите концесионери на целата територија на Република Македонија, како што се А1 и Сител.

Друго за што би сакал да проговорам тоа е сателитската програма која што во моментот ја зрачи целата Македонска телевизија на еден кана. Јас тука гледам развојно и нашата држава да се вклучи ако треба и некои од приватните емитувачи на програма, едноставно, да се финансира да можат да се направат еден или два канала кои би зрачеле во етерот во светот за да можеме да ја промовираме се она што значи наша култура, историја, политика и традиција и се останато, а не да ни се случува ова што сега ни се случува, затоа што соседните држави, покрај тоа што кажа директорот дека кај нив не се регулирани овие закон со ингеренции за

ваквите радиодифузери, но тие веќе имат 5 до 6 канали кој што само една е државна другите се приватни телевизии кои што зрачат. Во Македонија некои од нив и пред српски канали, бугарски канали кој едноставно вршат пресија и притисок пред македонскиот гледач се поблиски од останатите затоа што на некој начин го разбираме нивниот јазик, но од друга страна примаме некои работи што не би смееле да бидат дел од оваа програмска понуда.

Значи, тука би инсистирал за развој на овие сателитски програми и покрај тоа што знам дека е најскапиот дел од сето ова, но кога се гледа интересот на државата, мислам дека треба да бидеме пофункционални.

Што се однесува за програмата, понудените програмски активности во моментот во Република Македонија има повеќе од 100 медиуми. Но сите се вадиме на едно дека сеуште не е донесен законот за радиодифузија и дека ние сите со донесувањето на законот за радиодифузиија ќе имаме едно сценарио за развој на оваа радиодифузија, ќе спроведеме дигитализација, ќе ги усогласиме нашите закони со законите на Европската унија и останатите европски стандарди. Значи тоа е тоа што ние зборуваме дека со тој закон за радиодифузија ќе го добиеме.

Но што се случува во моментот? Во моментот имаме постоечки 160 домашни ТВ и радио програми. Но за жал тие 160 програми не ја покриваат и оваа наша мала територија на Република Македонија и мислам дека повеќе од половината не е покриена, дали тоа е радио сигнал или телевизиски сигнал во некои рурални средини за кои многу пати зборувавме, а со ваквите решенија што ги нудиме во однос на наплаќањето на радиодифузната такса, ќе донесеме многу луѓе да плаќаат за нешто, што ниту слушаат, ниту гледаат.

Тука би предложил Советот за радиодифузија да инсистира и приватниот сектор во својот развој да добиваме информативни, спортски, забавни и други канали кои што ќе бидат специјализирани, како што тоа го гледаме на многу сваетски канали и тоа е напредокот кој што можеме да го добиеме со тие приватни телевизии. Ова што се случува во моментот зрачењето и работата на сите дали тоа се приватни телевизиски канали или Македонската телевизија, која за жал, еве помина и прослата од 100 години Илинденско востание.

Ако не беа снимените филмови пред 30 години со одамна починатите доаени на македонското глумиште како што се Ристо Шишков, Дарко Дамески, и останатите ќе останевме без ниедна програма која директно сега дали е игран филм, телевизиска серија ќе можеше да ја одбележи оваа прослава.

Но, не само тоа, за жал, македонскиот гледач се наведува и со државната телевизија и со сите приватни телевизии почнувајќи од 18,00 часот и тоа вестите на телевизија Сител, па 19,00 часот вестите на А1, па 20,00 часот вестите на македонската телевизија, па во 21,00 часот повторно ги гледаме истите вести, па нашиот гледач се доведува во заблуда дека се околу него е црно, дека секаде велилме дека има забрана за терор, за насилство од прикажување на такви сцени на телевизија, но, за жал, во тие вести можеме да видиме толку грозни слики што воопшто не би ги пуштил некој да се гледаат посебно во вестите во 18,00 часот кога многу од децата ги гледаат тие вести.

Тука треба да имаме голема контрола, а за релаксација од сите овие вести треба да бидеме среќни дека кај нас денеска само 2 загинале или бомбата експлодирала ама немало повредени само материјална штета. Не носи во една заблуда сите заедно затоа што сепак програмите кои треба да зрачат треба да бидат во интерес на граѓаните на Република Македонија. За релаксација се нудат колумбиски, перуански, мексикански и незнам какви серии повторувани по стоти пат и мислам дека со тоа понудата која што е дадена од македонската и од останатите телевизии е токму тоа и со тоа завршувме.

Се спомнува трансформацијата и локалните медиуми за кои што исто така ќе треба да се поведе сметка доколку тие не се предвидени во локалната самуправа затоа што досега извршиле големо дејство, но за мене постои и еден прашалник дали не е време да се формираат регионални центри, регионални центри кои што ќе обезбедат извештаи за сите граѓани во Република Македонија затоа што во моментот се случува дали се тоа приватни телевизии или македонската телевизија освен со телоп или некоја снимка стара пет години која што ќе оди до дотичниот град дали е Битола, дали е Прилеп, Охрид едноставно добиваме само информација по телефон како некои радио вести.Со регионалниот центар тоа би било многу поадекватно и можеме да добиеме информација од прва рака, во секој момент. За жал ни се случува да посебно спортскиот преглед кој многу гледачи не сакаат да го гледаат поради касниот почеток а тоа е 17,00 часот, до 22 ,00часот на македонската телевизија да нема информација поради тешките собраќајни врски, а веќе во 22,00 часот нашите граѓани и гледачи имаат можност да ги видат сите првенства од сите странски лиги во Европа. Значи тоа е еден голем проблем.

Се зборуваше за рекламниот колач кој достигнува од 30-50 милиони долари, тоа се замене големи пари, кои што еве кажуваме дека ни приватните претпријатија не ги претставуваат комерцијално колку се тие износи колку од тоа е внесено како

реклама, колку тоа можеме да го претставиме и колку тоа значи напредок во моментот, може тие приватни телевизиски станици да се и поопремени од македонската телевизија така да развојот може да биде во оваа насока, но рекламниот простор ќе треба како што стои во Законот за Европските телевизии да се контролира. Затоа што на ваков начин со тие нивни врски со трговски друштва и останати донации од Европа и од Светот може да се прават доста манипулации.

Би ја спомнал тука радиодифузната такса која веќе на мала врата по втор пат е донесена во нашиот Парламент да ја гласаме и ние како пратеници еве овој пат со 43 гласа повторно е донесена и мислам дека со тоа не правиме добро, затоа што веќе времето поминува, сите зборуваме за нов закон на законот за радиодифузија, тука не сме помрднати ни малку. Дикректорот ни спомнуваше некои временски рокови за три дена дека ќе бидат разрешени во Кичево некои станици, во Битола за 7 дена, 15 дена сите што немаат платено да немаат платено, јас години наназад не можеме да стигнеме ни до почетокот на тој закон за радиодиодифузија околу кој што се кршат сите копја.

Што се однесува за плаќањето на радиодифузната такса, јас мислам дека со ова што е поставена во електричната енергија за ангажирана моќност, кои пари треба да стигнат точно каде што се наменети мислам дека не правиме ништо подобро, ситуацијата може да биде уште полоша затоа што електродистрибуциите како што кажавте имаат сега обврски да собираат пари за електрична енергија, да собираат пари за градското осветление, кој што било задолжение на локалните самоуправи, кои што во моментот не функционираат и на крајот да ја собираат и оваа телевизиска такса а и самите кажавте дека Електростопанство со текот на времето оди кон приватизација и ние да го донесеме ова зборуваме дека тоа ќе биде една времена мерка, по се она што гледам, дека се нуди како трајно решение. И мислам дека треба сериозно да се размислува за овој проблем затоа што ова не е решение и мислам дека ќе донесе до тоа и да Електростопанство на Македонија, биде доведен во ситуација да не може едноставно да ги наплати своите долгови за потрошената електрична енергија.

Се сложувам со ова што беше изнесено од г-динот директор во однос на оние слаби страни кои што беа прикажани. Тука пред се би сакал да проговорам за тоа за измените и дополнувањата со тоа што сите оние приватни телевизии и радио станици кои што ќе понудаст сопствена продукција ќе бидат предуслов да дадат концесии и да работат. Мислам дека тоа е единствениот начин како тие понатаму да напредуваат.

Во однос на ова што значи дебата за протерување на насилството од телевизиите и од порнографијата, мислам дека тука може да се побара помош и од ова Собрание да се вклучиме и ние во забраната и регулацијата со законски проекти во однос на она што значи нивниот ангажман и во однос што значи на она што тие ги имаат обврските и првата некого да санкционираат.

Моите колеги кажаа доста работи што јас сакав да ги кажам, така да не би сакал да се повторувам, би кажал и тоа дека ние ќе го поддржиме извештајот за работата на Советот и му посакувам уште многу, многу проекти да бидат одобрени и да бидат реализирани и баш ме радува дека ако од сето она што беше предвидено реализирано е скоро се, тогаш да ја поддржиме таа работа на Советот, затоа што гледаме дека само еден филм во филмската продукција може да допринесе да се појават многу проблеми, многу енигми и да не знаеме каде е вистината.

Затоа уште еднаш ќе го поддржиме извештајот за работата на Советот за радиодифузија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Никој повеќе не бара збор.

Го заклучувам претресот.

Молам пратениците да влезат, ако има услови пред паузата да гласаме.

Ќе ве молам бројот на присутните да го утврдиме.

Во салата има 62 пратеника.

Благодарам.

Предлогот на заклучоците содржани во извештаите на Комисијата за транспорт врски и екологија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ги усвои предложените заклучоци.

Предлагам сега да одиме на пауза затоа што по наредната точка предпоставувам дека ќе има поголема дебата.

Продолжуваме во 15,00 часот.

Седницата прекина со работа во 13,50 часот.

(По пауза)

(Седницата продолжи со работа во 15,15 часот)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да продолжиме со работа.

Предлагам, бидејќи се останати три точки од дневниот ред прво да ги разгледаме точките 20 и 21 со оглед дека сум информиран за усогласеноста и нема да има расправа по нив.

Молам дали се согласувате? (Се согласуваат)

Минуваме на точката 20-Предлог за именување на членови на Советот на Народната банка на Република Македонија од редот на вицегувернерите.

Предлогот ви е поделен.

Отворам претрес по предлогот Емилија Нацевска да биде избрана за член на Советот на Народна банка на Република Македонија од редот на вицегувернерите.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Емилија Нацевска да биде именувана за член на Советот на Народна банка на Република Македонија од редот на вицегувернерите го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 61 за, 3 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Емилија Нацевска е именувана за член на Советот на Народна банка на Република Македонија од редот на вицегувернерите.

Отворам претрес по предлогот Фатмир Бесими,да биде избран за член на Советот на Народна банка на Република Македонија од редот на вицегувернерите.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Фатмир Бесими да биде именуван за член на Советот на Народна банка на Република Македонија од редот на вицегувернерите го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 63 за, 3 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Фатмир Бесими е именуван за член на Советот на Народна банка на Република Македонија од редот на вицегувернерите.

Минуваме на точката 21 - Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Советот за статистика на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 64 за, 5 воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Советот за статистика на Република Македонија.

Минуваме на точката 19 - Избор на членови на Републичкиот судски совет.

Согласно член 110 став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието избира членови на Републичкиот судски совет од кои 2 членови по предлог на Претседателот на Република Македонија и 5 членови по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Тројца од членовите се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Значи, да направиме една динкстинција. Од седумте кандидати тројца се избираат со мнозинство од сите и мнозинство од малцинските заедници, а другите четири се избираат со обично, значи од 40 нагоре.

Има разлика во Уставот, па кога ќе гласаме да не направиме забуна, односно да не предизвика забуна кај вас ако има различни резултати при изборот на поединечни членови.

Комисијата за прашања на изборите и именувњата предлага петте кандидати за членови на Републички судски совет двајца да бидат избрани со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Претседателот на Република Македонија поднесе предлог за избор на двајца членови на Републичкиот судски совет, кој Ви е поделено.

Едниот од нив се избира со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Преминуваме на избор на членовите на Републички судски совет, кои се избираат со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку со една третина од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по предлозите од Комисијата за избори и именувања.

Отворам претрес по предлогот Ленче Софрониевска да биде избрана за член на Републичкиот судски совет.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Чедомир Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Веднаш да кажам дека мојата дискусија не е директно упатена кон прво назначениот кандидат на листата за избор, туку повеќе се работи за некои мои општи ставови и согледувања во однос на начинот на предлагање и на избор на актуелните кандидати за Републички судски совет.

Почитувани колеги,

Целта кон која треба да се стреми секоја политичар при водењето на кадровската политика, се разбира во рамките на сопствените уставни и законски надлежности е воспоставување на висок професионализам, стручност и компетенција во институциите на системот во државата.

Од друга страна секоја политичка партија, или структура кога има прилика за тоа е исправена пред искушението при креирањето и спроведувањето на кадровската политика да отстапи од принципите на квалитет, професионализам, стручност и компентенција за сметка на потполнување на институциите со кадри блиски до партијата по било кој основ, притоа занемарувајќи го фактот дека релативитетот кој е присутен во општественото живеење како бумеранг негативно ќе се одрази кон таквите креатори, но има негативни консеквенции и кон сите недолжни граѓани на државата.

Таквата практика, која би ја нарекол практика на екстремизам во водењето на кадровската политика за прв пат во политичкиот живот на Република Македонија ја промовира СДСМ кога во 1996 година ги избра сите судии во Република Македонија според тогаш донесениот закон за судовите кога мандатот на судиите се поклопи со работниот век на судијата.Добро се сеќаваме дека судиите кои конкурфираа, а не беа блиски до СДСМ немаа шанса да бидат предложени од тогашниот судски совет и уште помалку да бидат избрани од тогашниот состав на Собранието.

Се разбира така воспоставениот дисбаланс на кадри во рамките на судската власт предизвикува реакција од опозицијата во смисол да го намали тој негативен соодност. Простата математика кажува дека ако се земат во предвид годините на владеењето на Социјалдемократскиот сојуз во однос на годините на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ тогаш можноста и праксата за поставување кадри блиски до сопствената партија е двапати поголема на страна на СДСМ што значи дека и

дисбалансот на кадрите во судството е многукратно поголем во корист на Социјалдемократскиот сојуз.

Убреден сум дека најдобро решение за елиминирање на оваа појавана поставување на кадри блиски до партијата на власт во независнаната судска власт е менување на самиот Устав и давање таквата надлежност на едно независно високо професионално стручно кадровско тело каде и предлагањето и изборот на судиите ќе бидат исклучиво во негова целосна ингеренција.

И токму затоа ја користам оваа прилика да ги потсетам актуелните кадровски креатори на можните последици од изгласувањето на вака понудената листа на идни членови на Републичкиот судски совет од страна на позицијата на власт. Притоа ќе ја потсетам јавноста на изјавата на претседателот на Комисијата за избори и именувања дека во оваа прилика не и било дадено на опозицијата да предложи кандидат за член на Републички судски совет бидејќи бил мал бројот на местата за членови на Републичкиот судски совет односно тие места се само 5. За мене почитувани колеги лова е признание за чиста партизација во предлагањето, односно конституирањето на Републичкиот судски совет и уште еден атак и упад во независната судска власт како продолжение на помпезната запретувачка изјава на премиерот Бранко Црвенковски дадена за Радио Слободна Европа дека МВР добро работело, дека добро работи Обвинителството а само судовите во Република Македонија не работат добро. На тој начин премиерот и претседателот на СДСМ беше буревесник за кадровската чистка што ќе следи во судството, се разбира по изборот на Републичкиот судски совет кој апсолутно ќе е по мерка на актуелната власт.

Овдека не би се осврнал врз ликот и делото на секој од предложените кандидати, бидејќи ценам дека е тоа неумесно, и на крајот на краиштата во поголем дел не треба да им сеземе за зло на самите кандидати, туку тоа повеќе лежи на товар на предлагачите на кандидатите.

Впрочем за некој од кадидатите тоа го стори еден од независните печатени неделници но очигледно тоа не оставило впечаток врз предлагачите на листата. Оттука и моето залагање за  принципот на стручност, професионализам и компетенција при креирањето на кадровската политика, немешање на политиката и некористење на актуелната позиција на власт. И ако ве веќе таква законската и уставната регулатива како што е тогаш давањето на опозицијата право на предлагање соодветен број на кандидати. Сето тоа заради намалување на постоечкиот дисбаланс на кадри во корист на актуелната позиција како и во интерес

на јакнењето на демократијата во Република Македонија, воспоставување на висок професионализам на институциите, јакнење на независноста на судството и во крајна линија тоа е целосно во интерес на сите нејзини граѓани.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Јордановски вие сте предлагач. Се јавувате како дискутант, или како предлагач?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Како дискутант.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Во ред,ако се јавувате како предлагач имате право веднаш да добиете збор.

Има збор господинот Џевдет Насуфи..

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Почитувани пратеници, господине претседател,

Секоја држава која што претендира да биде демократска држава, во прв ред се обидува да направи  јасна дистинкција, прецизна меѓу владите, властите, како што тоа е законодавната власт, извршната власт и судската власт. За жал на мислење сум дека општеството во Македонија овој обид не го прави, дури и знаејќи дека без ваква дистинкција, јасна дистинкција неможе да има и приод кон меѓународните заедници како што е Европската Унија и тн. На сите ви е познато дека и самиот начин на избор на судијата опфаќајќи ги тука и Републичкиот судски совет е неадекватен бидејќи. ако извршната власт контролира преку Буџетот, државната,законодавната власт тоа го контролира ексклузивно тоа преку изборот и формирањето на органите. Ова е еден проблем кој што е голем проблем на ова општество.

Вториот проблем кој што е актуелен и е проблем на актуелната власт е дека на првиот проблем сега му го додава и вториот проблем. Значи ексклузивното партизирање на судиите.

Партизирањето се гледа во прв ред во тоа што има судир меѓу начинот на измена на Законот за судски совоет кој што се прави експресивно, на забрзан начин, на начин кој што е дури вулгарен, со намера да се елиминира некој елемент, евентуален елемент кој што би бил партиски, нешто што неможе да се исклучи, меѓутоа, на волку остар начин да се навлезе во овој орган, мислам дека не служи на честа и на ова мнозинство. Ние мислиме дека на крај судскиот совет е орган, основен орган кој што треба да води грижа за независноста на судството, за

изборот, именувањето, разрешувањето на судиите. Меѓутоа, ние ако правиме партизација на овој орган, како што сега се предлага со предлогот кој што го слушнавме, фактички ние фрламе сомнеж во независноста на судството, на судската власт во Македонија.

За жал јас имам и мои лични искуства за дејствувањата, делувањата во одредени случаи, меѓутоа мислам дека во овој случај мнозинството не покажа зрелост, демократска зрелост и при предлагањето да и понуди и на опозицијата дури и на куртуазен начин еден свој предлог за да има и на овој начин ќе неутрализираше и едно вакво партизирање кое што евидентно и неможе да се оспори. Затоа мислејќи дека чекорите на оваа власт ќе бидат во корист на тоа што повеќе се биде независно судството ние одиме во спротивни правци дури и знаете дека и меѓународната заедница не била за измените на законите и тн.

Нема сомнеж во стручните способности на кандидатите и тие нема да се стават под лупа на никој начин.На крај немаме причина да се оправдуваме пред никого, затоа што како Парламент имаме одговорност процесите на кои што им се даваат преднотст од интересите на партиите во споредба со тие на државата, со ред треба да им се даде крај.

Во овој првец јас ви апелирам повторно да ги разгледате вашите предлози, за кои што мислам дека остануваат тајни. На пример тајни кој ги предложи, кој ги донесе, затоа што членот кој што е во односната комисија во партијата во која што сум јас нема информации за начинот на кандидирање и тн.

Затоа уште еднаш апелирам повторно да работи свеста на демократскиот парламент, повторно да се разгледа предлогот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

На самиот почетот на мојата дискусија сакам да кажам дека оваа точка на дневен ред - Избор на судии на Републичкиот судски совет немаше да расправаме, а немаше ниту јас да учествувам во дискусијата, особено по оваа точка на дневен ред, или евентуално можеби ќе требаше да расправаме на некоја седница на Собранието во иднина, кога на актуелниот состав на членовите на Републичкиот судски совет ќе му истечеше мандатот за кој што беа избрани. Но, за изненадување и за ставање под хитно на оваа точка на дневенр ред се погрижи партијата на власт, т.е. СДСМ со нејзинот албански коалиционен партнер ДУИ и сето тоа поткрепено со

донесувањето на “уставната политичка одлука” на новокомпонирани и по терк избран Уставен суд на Република Макеоднија на чело со заслужената и со признати заслуги госпоѓа Лилјана Ингилизова.

Најпрво што особено иритира во работата на Собранието на Република Македонија, како  што е со дненешната точка на дневен ред, што скоро секогаш тоа стана пракса и правило за важни одлуки и решенија наместо редовна постапка и процедура да се практикува точката на дневниот ред да се стават на денот на самата седница без да се образложи итноста за ставањето на точката на дневен ред, или со надгласување се прифаќа точката од итен карактер игнорирајќи ја притоа постапката од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија и доставувајќи го материјалот по соодветната точка пред самата седница притоа недавајќи можност за негово аналитичко согедуавање заради донесување на правилна и релевантна одлука особено за нас во опозицијата.

Но, како и да е точката избор на судии во Републичкиот судски совет со силата на мнозинството и со силата на мнозинската застапеност во Парламентот и со кревањето на двата прста на коалиционите партнери е ставена на дневен ред, независно од волјата на останатите пратеници и независно од постапката за работа предвидена во Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За начинот и постапката за разрешувањето на членовите од актуелниот Репуглички судски совет не сакам многу да зборувам, затоа што по него многу елаборираме и ние во Парламентот, се поризнесоа и многу еминентни стручњаци од доменот на уставното право, разни експерти надвор од Република Македонија, укажувајќи при тоа за незаконитоста на предложениот, т.е. донесениот Закон за измени и дополнувања на Законот за Републички судски совет. Имено, беше донесен цитираниот закон за измени и дополнувања на Законот за републичкиот судски совет, исклучиво од коалицијата на власт, т.е. без учество на опозицијата истиот беше оспорен, а да потсетиме дека беше поведена иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста на цитираниот закон.

Основното образложение, заради што се бараше оценка на уставноста на Законот според нас, а и според други експерти, беше така да се каже присуството на еден правен исклучок т.е. правен нон сенс, каде со закон се изврши упад во Уставот на Република Македонија, односно со закон се променија одредбите од членот 104 од Уставот на Република Македонија, а со кои фактички е уредена материјата врзана за траењето на мандатот на членовите на Републичкиот судски совет. Меѓутоа, како што погоре кажав иницијативата за оценка на уставноста на овој закон

беше одбиена, т.е. “политички необоениот и партиски независниот Уставен суд на Република Македонија”, на чело со “независниот и партиски необоениот претседател на Уставниот суд”, донесе една политички пресметана одлука, па така неминовно беше по силата на потврдениот закон членовите на актуелниот Републички судски совет да бидат разрешени и ете денес да избираме нов состав на Републичкиот судски совет, а кој треба и мора да биде по мерка на СДСМ, т.е. партиски да биде подобен.

Исто така, најверојатно, како еден од аргументите на кои ќе се повика актуелната власт при донесувањето на одлуката за избор, секако. ќе е и спроведувањето и имплементацијата на веќе потпишаниот Охридски договор. Ова од причини што од понудениот состав за членови на Републичкиот судски совет, од седум члена само тројца се македонци, а останатите се од националностите. Кои се причините што коалицијата на власт токму денес ја стави точката на дневен ред, а материјалите, односно предлозите ги достави непосредно пред седницата, не се јасни, иако ние претпоставуваме зошто и каде е позадината на ваквата политика. Одговорот е едноставен, да не се даде простор и време т.е. можност на опозицијата да може благовремено да ги разгледа поднесените предлози и евентуално да се произнесе по нив односно да заземе став и да донесе релевантна одлука во зависност од сознанието за секој кандидат поединечно. Но, независно од ваквата ситуација ние ќе ги искажеме нашите видувања за актуелниот, т.е. предложениот состав на Републичкиот судски совет во целост и поединечно врз основа на она што е доставено од страна на Комисијата за прашања на изборите и именувањата во Собранието на Републлка Македонија, а и од некои други сознанија со кои што ние располагаме.

Прво, што можеме да забележиме е дека се работи за еден обичен или еден гол предлог со биографски податоци за секој кандидат поединечно, без притоа да се даде образложение зошто и кои се критериумите, т.е. зошто токму тие кандидати се предложени за членови на Републичкиот судски совет, а не некои други.

Втората работа која паѓа во очи е редоследот по кој се дадени автобиографиите, т.е. првиот предлог е госпоѓа Ленче Софрониевска, што индиректно упатува на тоа дека идниот претседател на Републички судски совет треба да го гледаме во ликот на оваа госпоѓа.

Трета работа која паѓа исто така во очи и посебно иритира, односно од која може да се види антимакедонската политика на господинот Бранко Црвенковски и неговата Влада, е составот на членовите на Републичкиот судски совет. Имено, од

предложената листа од седум членови само тројца се македонци, двајца албанци, еден србин и еден турчин. Значи, четири од националностите кои процентуално се некаде 35% и тројца македонци кои ги има 65% од вкупното население или популациа во Република Македонија. Ако е тоа политика за спроведување имплементација на Рамковниот договор од Охрид, тогаш и да ја прифатиме ваквата политика на СДСМ и на неговиот партнер и сите без исклучок и без разлика на партиската припадност истиот да го прифатиме и да го гласаме. Меѓутоа, апсолутно се сомневам дека е тоа договорено и ваквиот начин на практицирање, особено на судската власт ќе наиде на апсолутна осуда кај македонската популација. Значи, тоа се три работи кои веднаш паѓаат во очи при анализирањето на поднесениот предлог за новиот состав на членовите на Републичкиот судски совет од страна на надлежната комисија.

А, сега, би сакал да го искажам моето мислење за доставениот предлог во целост и поединечно за секој кандидат во саматга листа, како и причините за токму ваквата структура на Републичкиот судски совет. Имено, гледајќи го составот и предложените кандидати за членови на Републичкиот судски совет, веднаш може да се заклучи, да не кажам дека тоа се гледа и од авион, дека се работи за целосно партиски состав сочинет од лојални членови на СДС и неговите коалициони партнери, кои во иднина ќе треба во целост да ја спроведуваат политиката на партиите на власт, особено во овие моменти и во амбиент на политички прогон и пресметување со кадрите на опозицината ВМРО-ДПМНЕ. Значи, тотална партизација на еден орган, кој во иднина треба да биде коректор во спроведувањето и извршувањето на судската власт, т.е. орган кој во иднина треба преку неговиот претседател да ги забележи лојалните односно нелојалните судии, т.е. судии кои ќе го извршуваат налогот на партијата на власт и на нелојални, кои доколку сакаат да останат судии ќе мора да ја променат и бојата и однесувањето. Нормално, сето тоа преку претседателот на Републичкиот судски совет. Дека Републичкиот судски совет и неговите членови се партиски луѓе ќе го поткрепиме и со еден приер. Имено, на забелешките на опозицијата пред Комисијата за избори и именувања за составот на Републичкиот судски совет, претседателот на оваа комисија има речено дека не било можност да се даде шанса на опозицијата и таа да предложи свој член, од причини што е мал бројот на местата, само пет и не можат меѓу себе да ги распределат. Значи, ноторна и докажана партизација на овој државен орган, а за што пренесоа и медиумите.

Зошто беше потребна примената, зошто беше потребна, фактички промената на стариот состав на Републичкиот судски совет и избор на нов и партиски подобен, лежи во причината што денес сме сведоци на еден своевиден терор и притисок вр членовите на опозиционата ВМРО-ДПМНЕ, кој кулминира со притвори на раководните кадри на партијата и нормално за сето тоа да се добие судска разврска во насока како бара Социјалдемократскиот сојуз, т.е. истите да бидат осудени, а притворите оправдан. Исто така, не само што има најави, но одпочнаа и конкретни акции за отпуштање на многу работници од различни области со изговор за реформи, соочувајќи се со можноста и опасноста од заведување на работни спорови и губење на тие спорови, промената на Републичкито судски совет и поставувањето на свои лојални кадри, ќе треба да делуваат превентивно кон сите судии што ќе судат спротивно на зацртаната политика и ќе се соочат со можноста од нивно разрешување.

Веќе имаме сознанија дека кадрите,т.е. идниот претседател на Републичкиот судски совет, госпоѓа Ленче Софрониевска веќе прави списоци на подобни и неподобни судии и претседатели на судови. Имено, имајќи ја предвид уставната позиција на Републичкиот судски совет и неговото место и улога во правосудниот систем, може да се каже дека е таа многу заначајна. Во доменот на ингеренциите на Републичкиот судски совет, кои се од посебно значење е можноста за предлагање за именување, разрешување на судии, поведување на дисциплинска постапка, оценка на работата на судиите и друго, што значи една голема можност од страна на Републичкиот судски совет за злоупотреби и притисоци врз судовите.

Понатаму, прашањето на доприватизацијата на останатите претпријатија и ревизија на приватизацијата на претпријатијата која е извршена во периодот од 1992 година до 2002 година, а сето тоа нормално ќе може да се направи, доколу и третата власт е во апсолутен посед на сегашната власт.

Сегашниот состав на членовите на Републичкиот судски совет, веројатно, би биле пречка во реализацијата на оваа политика. Значи, тоа се според мене основните причини, заради што се посегна и во независноста на судството, кое е нешто нормално и ќе се постигне со промена на членовите, особено во Републичкиот судски совет.

Друго, што во овој момент сакам да го нагласам е фактот што од предложените седум кандидати, гледајќи ја нивната биографија и работне ангажман, имаме само еден судија. Другите се правници или адвокати, а кои по логиката на функцијата и надлежноста пред надлежностите на Републичкиот судски совет, треба

да ја оценуваат работата на судиите, во основните судови, но и на повисоките судови, т.е. на апелациони, па и на Врховниот суд. Затоа, се поставува прашањето и за компетентноста на членовите на овој состав на Републичкиот судски совет.

Во оваа прилика би спомнал и за појавата, сосема кратко, и тоа не во негови аргументирани форми, но во неговиот полн облик на она што значи тоталитаризам во повеќе сегменти и области, а кој е дефинитивно зациментиран со заземањето и на бастионот на независноста на судовите, т.е. Републичкиот судски совет. Морам да констатирам дека во Република Македонија случајно или не владее тоталитаризам од најцрн т.е. најпримитивен тип, политика која не дава можност за појава на нови и подемократски идеи и мисли, тка што секој кој поинаку мисли и размислува го чека нешто што можеби беше својствено на минатите режими, на стари и на другите источно европски режими.

Можеме да сфатиме дека СДС ја доби довербата на народот и тоа мораме да го почитуваме. Нормално е што ја има и законодавната и извршната власт. Меѓутоа, да се врши упад во судството, во единствениот коректив на беззаконието и девијантните дејствуања, мислам дека тоа е веќе надвор од памет и недозволиво. Повторно е присутно едноумието и е извршена целосна партизација, особено во правосудството.

Со назначувањето на Државниот јавен обвинител, кој е од редовите на СДС, изборот на судии по сопствен терк, на претседатели на основни и апелациони судови и нивни заменици, изборот на речи си целиот состав на судиите од составот на Уставниот суд на Република Македонија, која ја докажа лојалноста со одбивањето на иницијативата за оценка на уставноста на Законот за измени и дополнувања на Законот за Републички судски совет и дефинитивно со овој упад и избор во Републичкиот судски совет е преземена целата судска власт, така што се поставува прашасето дали воопшто има судови и дали треба да се верува во нивната независност и објективност.

Некоректно би било од предложената листа од седум судии во Републичкиот судски совет да ги именуваме поедниечно, но сепак, како пример морам да ја издвојам госпоѓа Ленче Софрониевска, за која од биографските податоци, како и од написите во пишаните медиуми, лесно и недвосмислено може да се утврди нејзината партиска припадност, иако условно судиите се независни. Нејзиниот избор ќе значи наплата на она што значи досегашен нејзин ангажман за потребите на СДС, како и купување на нејзината идна лојалност.

Од тие причини, почитувани пратеници, и господа од Владата јас нема да гласам за предлог листата на кандидатите за членови на Републичкиот судски совет.

НИКОЛА ПОПОВСИ:

Господин Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодарам господине претседател, почитувани колеги, претставници на Владата,

Би сакал да го кажам ставот на Демократската партија на албанците во однос на оваа точка на дневниот ред. Имајте разбирање, можеби во мојата дискусија малку ќе се осврнам и на Законот кој беше донесен за Судскиот совет, со оглед на фактот дека тогаш бевме под мораториум, само за неколку минути би сакал да најдам разбирање за мојата дискусија и малку ќе говорам за тоа.

Партите кои се во владината коалиција, еден од главните нивни аргументи во текот на нивната изборна кампања беше партизацијата, таканаречената партизација на владините органи и со голема увереност и убедливост кажаа дека ќе се борат против овој феномен и дека ќе го вратат професионализмот и нормалното оценување на работните места или формата, структурата на институциите во Република Македонија.

Сега, од оваа временска инстанца, после една година, доколку анализираме што се случи во текот на оваа година и доколку го анализираме тоа што го имаме денес пред очи, мислам дека партиите кои се на власт, навистина ја отстранија партизацијата на државните органи и сега воспоставија суперпартизација на државните органи. Врз основа на што го кажувам ова, врз основа на што тврдам дека има суперпартизација? Сите знаеме дека се направени многу експертизи од различни инстанци, посебно во однос на третата власт во Република Македонија односно судството и скоро сите проценки и анализи се дека во судството има многу проблеми, тоа е бавно, во него има корупција, непрофесионалност и тн. Јас очекував, интимно очекував дека оваа Влада ќе и објави едноставно војна на овие девијантни феномени во овој сектор на функционирањето на државата и ќе ги врати вредностите, респектирајќи политичката равнотежа и сите други равнотежи, за да се дојде до момент кога ќе можеме да кажеме дека навистина имаме реформи во судството. За жал, тоа не се случи. Дури, на флагрантен начин се докажа и се покажа во одредени случаи јасно како може да се партизираат целосно одредени

инстанци на судската власт. Се сеќавам тогаш кога се направи првиот обид да се донесе законот за Судски совет. Тогаш, сите експертски мислења кои се занимаваат со уставно право рекоа дека овој закон е против уставен, односно дека Уставот не дозволува целосно преземање на мандатот на Судскиот совет врз основа на оние норми кои се предвидени со закон. Сега, наместо владината коалиција да бара други начини, кои ќе бидат прифатливи и оправдани за експертите од уставно право, напротив се направи едно флагрантно газење на тие принципи, а и се воспостави еден таков Уставен суд и независно дека законот за поставување на судиите на Судскиот совет е против уставен, со новиот состав на Уставниот суд, значи, самото назначување на членовите на Уставниот суд ќе го определи и усвојувањето на овој противуставен закон. Пред да се донесе овој закон, ние тогаш бевме во мораториум, односно пред да се донесе законот за именување на членовите на Судскиот совет, лично се консултирав со експерти од Уставниот суд. Тогаш, сите едногласно рекоа дека овој закон кој е предложен е дефинитивно и за најголемите лаици е противуставен.

А следниот ден беше донесена Одлуката за уставноста на вкупното разрешување на составот на Судскиот совет, значи уставниот совет смета дека оваа Одлука донесена во Парламентот не е против уставна. И сега стигнуваме до другата фаза, тоа е фаза кога е разрешен целиот состав на Судскиот совет, сега треба да се именуваат новите членови на Судскиот совет. Во фазата, во процедурата на именувањето на овие кандидати кои ги имаме денес посебно од страна на Комисијата за именување и во оваа фаза сите предлози за членовите кои беа предложени од Комисијата, односно од Парламентот сите предлози се од владината коалиција. Сите ја знаеме значајноста на Судскиот совет доколку овој Судски совет се предлага во ваков состав без да се проценат, да се исслушаат критиките од страна на опозицијата, во медиумите дека предложените личности од страна на Комисијата за именување се еднострани и покрај сите тие критики предлозите останаа во процедура и не беа исслушани овие гласови од страна на опозицијата и денес сме на оваа седница каде има големи изгледи да помине еден ваков состав на Судскиот совет. Лично до следните избори кога и да бидат тиеја, јас лично сум уверен дека судовите ќе останат супер партизирани . Јас отворено Ви кажувам на овие предлози кои се даваат денес на еден таков лесен начин. Јас искрено кажувам дека јас нема да имам никаква доверба до идните избори и до донесувањето на некој иден закон, или нова реформа, јас нема да имам доверба во судскиот систем.

Ги следам политичките настани во целиот регион и ги гледам обидите кои се прават било при локални избори, или вакви избори, или пак избори на вакви институции дали во судството , или на други нивоа, гледам дека во сите држави се водат големи дебати, се отвараат големи дебати меѓу позицијата и опозицијата, во медиумите, во општеството со цел секогаш да се воспостави една рамнотежа меѓу власта и опозицијата во однос на овие прашања. Јас навистина и се восхитувам на една ваква дебата која се отвара и во другите држави. Јас мислам дека ова е единствен начин како треба да функционира демократијата. Кај нас нема нешто такво. Каде е проблемот? Зарем не можеше да чекаме и да овозможиме една таква квалитетна дебата било и таа да е остра, во најмала рака да се отвори една дебата за процедурата за предлагање на членовите од страна на Комисијата за именувања . Затоа што нормално Комисијата најверојатно ќе рече дека тие се професионалци, тие се докажале во својата професија и т.н. Меѓутоа, сите знаеме дека кога еден кандидат се предлага од една политичка партија било таа да е од власта, или опозицијата, дека таквиот професионализам на таа личност ќе биде ставена под прашање доколку не биде претходно воспоставен еден баланс меѓу власта и опозицијата во рамките на Комисијата при предлагањето на овие кандидати. Кога еден член има 100% поддршка од Владата, доколку тие бидат и најголемите професионалци, доколку во нивниот состав сепак немаат опозиција , тие сепак судскиот систем ќе ризикуваат да го претворат во авторитатизам. Нема сила која ќе ме убеди, кога ќе ми рече некој дека ние како мнозинство можеме да го направиме најдобриот избор на судии за судскиот совет. Јас дефинитивно не се согласувам со еден ваков пристап кој што го применува сегашната Влада и партиите кои се во коалиција.  Во однос на оваа област која што е исклучително чувствителна. Тоа нема врска со претходнит состав на Судскиот совет, затоа што што се однесува до претставувањето на албанците во судството, сепак и претходниот состав не направи којзнае што. Затоа тука немам намера да бранам некого. Меѓутоа, сепак се надевав интимно дека коалиционата Влада во однос на овие столови на општеството навистина сериозно ќе навлезат во реформите. Тука недостасува еден договор меѓу позицијата и опозицијата, во најмала рака во однос на начинот на предлагањето на кандидатите каде главниот услов ќе биде нивната компетентност, професионализам и т.н. Ова најверојатно ќе помине денес, овие предлози најверојатно ќе поминат, се гледа од самата атмосфера и текот на седницата. Меѓутоа, и покрај тоа мислам дека со овие чекори, односно прво,  денот кога беше изгласан составот на Уставниот суд и второ,  денешниот ден кога се составува Судскиот совет, претставуваат два  црни

денови за судството во Република Македонија во однос на борбата против корупцијата, едностраноста и корупцијата во судството. И верувам дека аферите по медиумите во овој сектор, многу чувствителен сектор и натаму ќе продолжат се до некои следни реформи. Ќе продолжат затоа што не може еден таков Судски совет да биде објективен, бидејќи е предложен само од мнозинството. Значи, вака разочарани дефинитивно ќе гласаме против предложениот состав на Судскиот совет. На овој начин сакав да се изјаснам во име на парламентарната група на ДПА.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Љупчо Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, членови на Влада, колеги пратеници, како претседател на Комисијата за избори и именувања можев да причекам да се произнесат повеќе парламентарци од опозицијата за да можеби со еден настап одговорам на одредени нивни тези каде што и мене ме спомнуваа. Но, мислам дека доволни беа два настапи за да заклучам дека слушнав се' што можеше да се слушне. Затоа и настапив како пратеник, а можеби во концептот што ќе го изложам ќе одговорам и на некои коментари во врска со работата на Комисијата за избори и именувања, баш по повод на избор на Републички судски совет. Секој некој кој што се спрема за настап, претпоставувам дека припрема концепт, има некоја водиља, некој лајт мотив. Тоа не е различно и со мене, и кога го припремав овој концепт за настап, не сакам да бранам никого, или да напаѓам, генерално мојот лајт мотив на овој мој настап е, изненадете ме, изненадете се самите себе, изненадете во позитивна смисла, во позитивна смисла опозицијата да не изненади нас. Имено, за што станува збор.? Концептот кој што го напишав беше пред два дена и гледам дека не треба ништо да менувам, бидејќи ништо и ново не слушнав, не затоа што сум многу умен, туку затоа што се знаеше кој ќе биде главна линија на критика од страна на опозицијата, а тоа е партизација на судството од страна на СДСМ преку изборот на новите членови на Републичкиот судски совет. Сосема е нормално денес кога изборот на новиот состав ја заокружуваме приказната за Републички судски совет, опозицијата да финишира со тој свој крунски аргумент, а тоа е партизација на Републичкиот судски совет, а преку него и партизација на судството. Она што не е нормално , а тоа е оваа теза се брани и докажува со одредени тези спомнати овде, што јас навистина морам не да заштитам одредена личност од мојата партија, туку

да ги заштитам граѓаните, или македонскито народ, а тоа е тезата дека заради тоа што има повеќе од други националности дека Бранко Црвенковски е анационален. Тоа е националистичка теза, а бидејки и опозицијата е претставник на народот , со тоа би сакал да се оградам од таа теза со цел да го заштитам народот, а не г-динот Бранко Црвенковски.

Но, да се вратам на крунскиот аргумент, партизацијата. Јас делумно и можам да го прифатам овој аргумент, но не дефиниран како партизација, затоа што партизацијата се користи да биде бомбасто. Реалниот проблем тука е фактот дека востановениот систем на избор на вршителите на судската власт е во рацете на мнозинството т.е. позицијата. Тоа е реалниот проблем. Партизација изгледа доста бомбастично и може некого да исплаши надвор, или да придобиете повеќе, или помалку симпатизери на ваша страна. Значи, поаѓаме од фактот дека членовите на Републичкиот судски совет се избираат, да употребам веќе слушната формулација, по мерка на владеачката партија, или коалиција. Вчера тоа беше ВМРО-ДПМНЕ со ДПА, денеска е СДСМ , ЛДП со ДУИ. Така ли е? Така е. Овие размисли оживотворени преку настапите на оваа говорница изгледаат вака, опозицијата обвинува, вие го партизирате судството, сегашната позиција одговара, не, вие го партизиравте веќе судството. Значи, вие, ние, вие, ние и така до бесконечност. Така 13 години во овој Парламент иста приказна, 13 години довербата во судството и неговата ефикасност паѓа, паѓа и паѓа. Сите анкети тоа го покажуваат, и опозицијата и позицијата тоа го констатираа. 13 години корупција, корупцијата и криминалот растат, растат и растат. Зарем почитувани пратеници не чувствуваме колку сето тоа е трагично и смешно, со еден збор бизарно. Полемичките стандарди кои ги поставивме во изминатите 13 години се такви што дури и една најобична маалска расправа има свој концепт и повеќе дигнитет.

Но, да се вратам на мојата теза, т.е. претпоставката дека Републичкиот судски совет се избира по мерка на владеачките партии, т.е позицијата што како што реков произлегува од самата процедура за избор. Ако сме свесни за тоа, кој е следниот чекот што треба позицијата да го направи, или оној што е во можност да предлага и да бира при предлагањето на кандидатите. Тука сите се согласуваме да се предложат компетентни, стручни луѓе, личности од професија, личности со интегритет. Барем ако ја имаме таа кривица дека мораме да гласаме и да дигаме рака и да избираме судии, барем да се обидеме да предложиме луѓе кои што се компетентни, стручни, личности со интегритет. Затоа почитувани пратеници она што е понудено од Комисијата, предлозите на парламентарното мнозинство сметаме

дека се такви тие луѓе. Но, дали се тоа компетентни, стручни  луѓе, личности од професија и со интегритет, нормално опозицијата ќе стави знак прашалник.Ние од позицијата тврдиме , да. Но, видовме од некои претходни дискусии опозицијата тврди , не. И повторно да, не, да, не, и повторно истиот стереотип на 13 годишна парламентарна работа т.е. полемичка традиција. Можеме ли еднаш да престанеме со тоа и доблестно да признаеме дека одредени предлози, кандидати од која партија да дојдат навистина се професионални и стручни. Јас мислам дека можеме, но не на начин позицијата да признае, па да се чувствува поразена, или опозицијата да признае, па да се чувствува поразена. Си  има логички методи. Бидејќи сме сега на позицијата, да, не, нормално е овој чвор некако да го разрешиме, како што рече некој овде дека би требало сите да застанеме и да има барем од сите парламентарци овој Републичкиот судски совет подршка. Но, не да го разрешиме на начин на кој што Александар Македонски го разрешил Гордиевиот чвор, бидејќи нашиот меч е јасен , кажано е овде , број на гласови, нема проблеми ќе го избереме овој Републичкиот судски совет. Јас сметам дека иако е тоа можеби наекономичен, најефикасен, да не трошиме ни време, ни пари, сметам дека  тоа не е најкорисен начин. Сепак, треба да се убедиме , затоа што искрено мислам, а и би сакал зад овие кандидати барем мнозинство од опозицијата да застане. И реално мислам дека поголем број од мнозинството, поголем број пратеници од опозицијата искрено мисли дека ова се квалитетни кандидати за Републичкиот судски совет. Ако подобро размислам, јас лично би бил задоволен и еден од опозицијата да застане зад овие кандидати. За излез од една ваква ситуација одговорот е едноставен. Имено, за да почнеме да се движиме кон некаков расплет треба да се потсетиме што всушност претставува Републичкиот судски совет и кои се неговите надлежности, права и задачи. Бидејќи  последниве неколку месеци Републичкиот судски совет беше доста присутен во овој Парламент. Сметам дека сите добро знаеме што е Републичкиот судски совет. Впрочем и сега се спомнаа одредени ингеренции, се продискутира за значењето на Републичкиот судски совет. А судството од ден на ден се полошо и полошо , неефикасно, неорганизирано и она што е најстрашно, корумпирано. Ова не е моја лична констатација, ова е констатација која што можете да ја соберете во било која анкета, во било кој весник, па и меѓу граѓаните. Судството е онакво се' она против што треба Републичкиот судски совет да се бори. Во што е тогаш проблемот. Имавме два состава на Републички судски совет. Секако проблемот не е во Републичкиот судски совет како институција, туку во неговито персонален состав. Значи, еве, прв критериум за да се донесе одлука како ќе се гласа.

Да ги спoредиме персоналните состави на претходниот Републички судски совет и овој кој се предлага, од аспект на стручност, професионалност и компетентност. Податоците се следните. Од седумте членови на претходниот Републички судски совет четворица се адвокати. Четворица се адвокати, не сакам да кажам беа, бидејќи тоа значи дека. Еден пензиониран судија и двајца судии и притоа најголем дел длабоко навлезени во среќното пензионерско доба. Од петте членови, бидејќи тука не ги вклучувам кандидатите на господинот Трајковски, туку она што ние го предлагаме, од петте членови од составот на Републичкиот судски совет, четворица се судии со над 20 годишно судиско искуство, не сте во право господине Тасев, каде што рече дека се само еден судија. Четворица се судии со над 20 годишно судско искуство. Еден бил судија, не бил судија, но цел досегашен работен ангажман работел со законска и уставна материја како советник во Уставниот суд. Дискрапанцата во корист на новиот состав на Републички судски совет е очигледна. Споредбата за покажаните професионални стручни перформанси во судството не може да стане збор, бидејќи мнозинството во стариот Републички судски совет и не работеле во судовите, додека сегашните четири кандидати работеле и вие можете да проверите кај нивните колеги кои се нивните професионални и стручни перформанси, ако сакаме да бидеме коректни. Да се потсетиме, за Републичкиот судски совет треба да одлучува стручноста, компетентноста и ефикасноста на судиите. И тука употребив една паралела на господинот Коце Трајановски, кој што еднаш направи добра паралела, тоа е исто да продавач за компјутери го ставите за шеф на некој информатички центар, бидејќи тој има контакти со компјутери. Нормално, се поставува прашање дали овој аргумент е толку битен. Бидејќи јас не сум истакнат правник, а најмалку експерт за судство, јас морав тоа да го проверам. Аргументот дека предложените членови за Републички судски совет треба да имаат судско искуство, јас не сум за тоа експерт и затоа се погрижив тоа да го проверам.

Во текот на изминатите денови, по објавување на имињата, се погрижив да соберам мислење од повеќе правници, адвокати, судии, пријатели, познаници кои не се само наклонети кон СДСМ, туку и кон ВМРО-ДПМНЕ и други партии, па дури ги прашав и колегите од опозицијата. Сите беа едногласни, потсетувам, едногласни: предлозите се добри и од нивна страна имаат полна поддршка. Друго е партискиот интерес. Ако сакаме да го гледаме интересот од фелата, тогаш од таму е пораката: предлозите се добри и имаат целосна поддршка од нас. За мене конечен и дефинитивен аргумент да гласам за понудените кандидати од страна на

Парламентот. Затоа велам доволен аргумент е и за опозицијата и за тоа велам изненадете се самите себе, изненадете не нас да гласате за овој предлог. Но, она што за мене беше најинтересно е дека фактот дека меѓу најважните аргументи за ваквиот став на судската фела е фактот дека мнозинството на кандидатите потекнуваат, работеле или работат во судската власт. Секој што го прашав тоа ми го кажа, тоа е најголемата вредност на овој состав предложен на Републичкиот судски овет. Со други зборови, овие предложени кандидати живеат, живееле и ги чувствувале проблемите на судството од сите аспекти. И, ако на тоа ја додадете оценката за нивна компетентност и професионалност, како и личен интегритет од страна на нивниот еснаф е највисока, тогаш не е за изненадување дека 99,9% од судската фела е задоволна со предложените кандидати. Тоа се факти. Можам да ви ги кажам имињата со кои конмуницирав, па вие проверете.

После овие додатни сознанија, сосема беше разбирлива нервозата, ако сакате ставот кај судскиот еснаф да не им се повтори сличен состав, претходен состав на Републичкиот судски совет, бидејќи и такви пораки имаше. Издржавме со она како Републички судски совет. Но исто така сега ни стана јасно зошто во првиот закон за Републички судски совет што е донесен стоеше дека двајца членови на Републички судски совет се избираат од редовите на судиите. Тој член Уставниот суд го укина. Колку биле далекувиди тогашните законодавци. Еве, самата фела е среќна што нема двајца туку четворица судии има сега во Републички судски совет, а тој член се укина. Но за ваша информација, тоа беше 1996 година, кога се донесе овој закон, а оваа година е доволна информација да знаете кој бил тогаш на власт и како размислувала тогаш власта кога подготвувала закони.

Затоа, почитувани пратеници, јас ќе гласам за новите кандидати, ќе гласа и нашата пратеничка група, предложени од страна на Парламентот, бидејќи барем еден услов толку битен за самата фела е задоволен. Фелата ги респектира.

Но, да продолжиме понатаму. Лично верувам дека извесен број, ако не и сите од опозицијата интимно се согласуваат со овие аргументи и ако се ослободат од тоа да излезат од партиските стеги, мислам дека во најмала рака воздржано ќе гласаат. Но сепак, тие сеуште имаат еден крунски аргумент и тоа е спомнато до сега, а тоа е: еден од членовите на Републички судски совет е партиски премногу препознатлив, или како што слушнав, ставен е за да заврши одредена задача. Потоа, да се ублажи таквата констатација, во меѓусебен разговор се додава: сте можеле да дадете и подобар предлог. Оваа забелешка всушност се состои од два дела. Првиот дел: еден од членовите партиски е премногу препознатлив со

определена задача што треба да ја сработи како член на Републички судски совет и вториот дел: се можело да се даде подобар предлог.

Што се однесува до првата забелешка, се враќаме на прикаската да - не, ние велиме не е така, вие велите така е и јас тука навистина не сум моќен, од ова не се испаѓа. Од оваа прикаска во овој случај не се испаѓа и затоа велам изненадете не, изненадете не, со таа разлика што ако навлеземе во анализите на стравот дека тука има одредена задача, тогаш сликата, прикаската може да биде сосема поинаква и да дебатираме со часови. Она што можам да го кажам ќе го кажам во форма на прашање. Имено, за каква личност треба да се смета личност која на 20 години макотрпно, постапно, со самооткажувања гради кариера на принципиелен, професионален начин и на сестручна личност, за кој колегите од фелата имаат најдобри зборови во секој поглед и потоа за еден миг од година - две, сето тоа да го фрли во ветер. Може има такви личности, но јас ви гарантирам лично дека во овој Републички судски совет такви личности нема без разлика што мислите дека некој ќе работи по партиски диктат.

Што се однесува до вториот дел од забелешката “сте можеле да дадете подобар предлог”, што за опозицијата би бил прифатлив, сосема се согласувам. Секогаш може да се предложи и подобар кандидат. Впрочем, граѓаните можеле да изберат и подобри пратеници од нас самите. Тоа е класика. И опозицијата можеше да укомпонира подобар Републички судски совет за време на нивниот мандат. И повторно истата прикаска - можевте, не можевте, можевме - не можевме. Но од овој круг лесно може да се излезе ако прашањето се преформулира. Имено, вистинското прашање е: колку подобри решенија можеше да се понудат. Одговорно тврдам во случај на новиот состав на Републички судски совет можеби 10-тина подобри решренија, додека во случајот на стариот Републички судски совет исто така одговорно тврдам 110 подобри решенија. Заклучок: новиот состав на Републички судски совет сепак е поблиску до врвот на најдобрите, ако гледаме на релативна база. А за утеха на стариот состав на Републички судски совет можам да кажам дека има и полоши примери. Имено, за местото на господинот Борис Трајковски Република Македонија има милион и 10 подобри решенија, а можеби и два милиони, ако така ги гледаме работите. И ова можеби е смешно, но оној што се занимава со психологија, ова е всушност е смеа на фрустрирани бидејќи сите ние сме фрустрирани што имаме ваков претседател.

Почитувани пратеници, втората теза е дека овој Републички судски совет нема легитимитет затоа што неуставно е сменет претходниот Републички

судски совет. На тој начин можеме се дас негираме, но факт е дека на Уставниот суд не падна таа смена. Ние и понатаму можеме да негираме, но јас мислам дека оваа теза е малку тактична, пософистицирана е од аспект на тоа да не се навредат сегашните членови кои се предлагаат, од тактичен карактер е, поточно би рекол од маневарски карактер е, затоа што претпоставувам дека утре без разлика дали сте гласале за или против, ќе се сретнете со нив, бидејќи тоа ќе биде, ќе се напиете кафе и убеден сум дека еден од опозицијата ќе рече, знаете, партиска директива, принципиелно неуставно е, ама ние сепак сметаме дека сте компетентни.

Затоа, почитувани пратеници од опозицијата, добро е да се признаат квалитетите на својот конкурент и таа доблест да се покаже преку гласањето. Затоа и почнав со тоа - почитувани пратеници од опозицијата изненадете не, изненадете не нас, но изнанадете се и самите себеси, со тоа што ќе ги подржите предлозите за новиот состав на Републички судски совет. И продолжите да не изненадувате во позитивна смисла, како што и ние сакаме да ве изненадуваме. Да излеземе од стереотипите и шаблоните на однесувањето кои ги етаблиравме во изминатите 13 години, заеднички да поработиме. Еве, за почеток, по ова гласање да побараме од Владата на Република Македонија да подготви закон со кој изборот на судската власт ќе се врши на друг посоодветен начин, да не бидеме ние кои ќе бираат и да ја носиме хипотеката дека го партизираме судството. Тоа е вистинскиот договор, да донесеме таков закон и можеби после тој закон повторно да менуваме Републички судски совет, односно други ќе ни го предлагаат, а ние можеме само да бираме. (Уфрлување на претседателот Никола Поповски со зборовите: “Тоа е прашање на Уставот”). Или е прашање на Устав, незнам. Јас сакам да кажам дека законски треба да се уреди. Во мое име се извинувам на сите оние судии кои можеби сум ги егзекутирал со мојот глас за или против. Затоа, одговорот на тоа зошто како претседател на Комисијата не сум предложил и опозицијата да даде предлог, тоа отворено го кажувам, бидејќи нема да играме фарса, ако вие дадете предлог тука се гласовите, тоа е она што се вика “бај дифолт”, по дефиниција и јас не сакам да работам со таква дефиниција. А тоа треба заеднички да го решиме за да тргнеме од овој момент.

И уште еднаш, би завршил со тоа, во моментот ве молам изненадете не, изненадете се самите себеси, затоа што знам дека господинот Трајковски не може да ме изненади. Тој не ме изненади ниту со своите предлози, ниту ќе ме изненади со поднесувањето оставка. Затоа и јас нема да го изненадам, и повторно ќе побарам од него да поднесе оставка, бидејќи ја злоупотреби функцијата

претседател и со аболицијата на госпоѓата Доста Димовска ги навредил граѓаните и ги погазил нивните фундаментални права.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Карацоски, реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван колега Јордановски, секогаш кога ве слушаме навистина со внимание ве слушаме и мораме дас слушнеме и по некој бисер. Денес бисерот е тезата "изненадете не и да се изненадиме самите себе". На таа теза има и контра теза па ние ќе ви одговориме дека ништо и никој не може да не изненади, а најмалку СДСМ, особено не вие. Зошто не вие? Затоа што иако бев убеден од цела дискусија како ја слушав, мислев дека конечно ќе завршите без да побарате оставка на господинот претседател Борис Трајковски, но не можете да не изненадите, па според тоа и денес го слушнавме истиот слоган. Само мислев дека тој слоган ќе го трансформирате и ќе кажете, покрај причината поради која треба да си даде оставка, заради аболицијата на госпоѓица Доста Димовска, дека овој пат ќе ја проширите со тоа затоа што е предложен господинот Трајко Вељаноски, од негова страна.

Инаку, господине Јордановски, цело време зборувате дека не станува збор за партизација, станува збор за кадри кои немаат врска и никаква допирна точка, особено не со СДСМ. На крајот можеби ќе излезе дека се поблиски до ВМРО-ДПМНЕ овие кандидати, но го потврдивте и го кажавте фактот дека парламентарното мнозинство бира и тоа е факт, тоа е така. Го крстивте тоа со зборовите да - не, не - да, па да не се случи можеби Неда Украден. Меѓутоа, сето тоа би било в ред, но заборавате еден факт. Прво, заборавате дека со еден противуставен закон го разрешивте и сменивте Републичкиот судски совет во постојниот состав. Не почекавте да му измине мандатот, одевте со претпоставки, бидејќи еднаш беше повлечен, па потоа повторно поднесен од Владата на Република Македонија, потоа со амандмани дополнет и тн., што јасно укажува на сомнежот кој денес го имаме. Ако тоа не беше така, ако мандатот на господата од Републички судски совет беше истечен, нормално како што требаше и денес да расправаме за нов избор, логички е да го сфатиме она што вие го зборувате. Меѓутоа, како го почнавте и како го завршувате, јасен е сомнежот, ајде да не речам партизација, меѓутоа, по волја на парламентарното мнозинство денес ќе се изберат оние кандидати што ги предлагате. Инаку, еве доказ дека правите тотална партизација, или ги бирате членовите на Републички судски совет според волјата на

парламентарното мнозинство. Јас сум длабоко убеден дека парламентарното мнозинство денес апсолутно нема да ги поддржи двата предлози од господинот претседател, за кои вие упорно барате оставка и тоа кажува господине Јордановски дека се е во игра, кога станува збор за партизација, се друго што не мириса и не е блиску до владеачкото мнозинство е по ваша волја.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Караџоски, ајде изненадете ме со реплика од три минути, ве молам. Веќе ви тече четвртата минута.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Уште една реченица. Значи, заниеден кандидат нема да кажам ништо. Мене ме радува што во биографијата на госпоѓата Ленче Софрониевска стои дека била член на Претседателството на ЦК на СКМ од 1986 година до 1989 година и тоа е навистина добар критериум врз основа на кои сите други што се предложени отпаѓаат и немаат шанси да влезат во Републичкиот судски совет, затоа што само таа била ..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ви благодарам за репликата, пет минути веќе минуваат.

Реплика за господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Слушајќи ја дискусијата на господинот Јордановски, мислам дека мене ме навреди, за разлика од господинот Караџоски и тоа што разговарал со сите правници и судии и од нив 99,9% го потврдиле ова дека овие предлози се оние вистинските. Јас ќе го изненадам и ќе го предложам господинот Јордановски за Републички судски совет, бидејќи ги знае сите правници и судии може и тој да ни помогне многу. Слушнав уште две тези.

Едната е дека криминалот во Република Македонија има 14 години.

Слушајќи ги досегашните дискусии во Парламентот се мислев дека само последниве 4 години поминале во корупција и криминал, а за овие претходните 9 досега немам слушнато од господинот Јордановски за сега на таква тема за која што ќе треба да разговараме. Уште една тема, не знам дали слушнав добро, предложи теза да го заштитиме народот од Бранко Црвенсковски. Мислам дека тоа му е

најдоброто што го кажа, а останува мојот предлог да го предложам за Републички судски совет.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Замир Дика, реплика.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам господине претседателе.

Мислам дека ситуацијата не е толку саркастична туку е исклучително значајна, значајно е ова што го правиме сега. Во ова дискусија ме плаши и репликата, ме плаши начинот како се размислува за овие предлози и за овој феномен. Цело време “јас мислам вака”, “јас сум прашал”, “мене ме изненадувате”, значи приодот е катастрофален, според мени и застрашувачки. Мислам дека претседателот на Комисијата најдобро да оди да разговара за тоа дали има можност да се направи механизам во комисијата што ќе обезбедеше баланс при предлагањето. Тоа е многу едноставно, меѓутоа има недостиг од волја за независност на судството. Повеќе се гледа желбата и тенденцијата ние да имаме се во свои раце и да контролираме се.

Поставете критериуми. Многу едноставно. Сакаме млади луѓе, нови луѓе кои биле судии, имале искуство со години. Поставете критериуми и не мора да значе дека само вие знаете да ги изберете компетентите и професионални луѓе кои ги исполнуваат тие критериуми, туку и ние можеби знаеме да одбереме. Зарем не сте размислувале дека и ние можеме да предложиме во таа комисија луѓе компетентни и стручни. Меѓутоа, не ни се даде можност.

За ова треба да дискутирате и да дадете сметка овде, затоа што треба да има баланс при изборот на овие професионалци.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Љупчо Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само коментар да одговорам на г. Дика, дека неговиот предлог тука да се разговара за да тие дадат свој прилог, е убаво и коректно, само јас дадов подобар предлог да донесеме нов закон каде што Собранието ќе се трегне од изборите или

разрешувањето на судии. Тоа е многу подобар предлог, меѓутоа изгледа не го слушнавте или не сакате да го слушнете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Коце Трајановски, реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Реплика, со оглед на тоа што бев спомнат, независно и во позитивна конотација, со оглед на тоа што во информатиката си има начин на напредување, се надевавме дека и во судството да се надеваме дека и во блиска иднина, да не речам во далечна тука ќе настане некоја логика во именувањето на кадри и изборот, именувањето, дека тие треба да поминат во основни, апелациони, Врховниот суд па да стасаат до Републичкиот судски совет. Меѓутоа, изгледа ќе причекаат многу доста време.

Меѓутоа, тоа што г. Јордановски вели “даги изненадиме”, ние мислам дека ги изненадивме, ја изненадивме позицијата кога кажавме, можеше да се примети во блиско време, со прифаќањето на многуте закони и со гласањето на јавните обвинители, сметавме дека тие луѓе сепак не се толку партиски експонирани. Меѓутоа ако г. Јордановски мисли дека ќе ја изненадиме позицијата и да прифатиме да владее едноумие тука, ќе го разочараме, бидејќи нон стоп се вели “размислувајте како нас”, у ствари “вие размислувате ама не смеете да кажете”. Еве, нека не изненади, нека предложи еден закон, за една политичка партија во Република Македонија, па да бидеме изненадени.

Второ, како позиција, вие г. Јордановски ги изненадивте луѓето од 15 септември па наваму, но не би сакал да зборувам во што се ги изненадивте, меѓутоа ги изненадивте многу. И тоа негативно.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Нема веќе реплика?

Збор има господинот Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Мислам дека овој предлог на претседателот малце провоцираше затоа што мнозинството тргнува од крајот а не од почетокот. Вистина е и правило е дека што повеќе се говори за судството по политичките институции, толку е полошо за

судството, за самото него и толку полошо е за самото право. За жал, тоа претставуваше реалност во текот на еднопартискиот систем кога дури и судските одлуки се донесуваа преку политиката. Затоа што секогаш и правото и судството замолчуваа пред политиката.

Мислам дека ние продолжуваме по истиот пат. Но, на малку пософистициран начин. Затоа и јас го поддржувам овој предлог, меѓутоа претходно требаше да го направиме законот во таа насока, со цел Парламентот да нема надлежности за избор на судии, а после тој закон да се создадат услови за избор на нов судски совет.

Ова беше мојата забелешка.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали можеме да продолжиме со дискусиите?

Има збор г. Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, колеги пратеници,

Се надевав дека најпрво ќе имавме чест да го донесеме законот во кој што ќе биде утврдена постапката и критериумите за избор на кандидати кои ќе бидат оние кои ќе одлучуваат за идните судии и за работата на постојните судии. Меѓутоа, немав чест да бидам пријатно изненаден и од тие причини морам да дискутирам на начин на кој што ќе дискутирам и сега, а тоа е, кога се работи за кандидати, за критериуми, секогаш треба да се имаат предвид работи што веќе се случиле. А, тоа не е така одамна.

Имено, истото ова парламентарно мнозинство што сега треба да го бира овој Републички судски совет го избра Иџет Мемети, актуелниот министер за правда, против кого има поднесено кривична пријава, за судија на Уставниот суд, а сега доставува предлог за член на Републичкиот судски совет за човек кој има 17 годишно искуство во Уставниот суд. Ако ова претставува некаков критериум, тогаш повелете, убедете не сите.

Аргументите со кој настапуваше парламентарното мнозинство кога се менуваше законот за Републичкиот судски совет и се однесоа во старосна пензија членовите на Републичкиот судски совет, се доведовме во ситуација сега да избираме нови членови на Републичкиот судски совет, беше овде аргументиран како реализација на Рамковниот договор. Ако овие предлози претставуваат реализација

на Рамковниот договор, тогаш навистина не знам што претставува реално содржината на тој договор.

Оваа точка на дневен ред претставува логична последица на стратегијата за обезбедување силно влијание врз судството, подготвено од страна на СДС и неговите коалициони партнери и што ја опишав уште при моето излагање по повод неуставното изменување на Законот за Републички судски совет и сега само сакам да ја повторам.

Првата фаза од оваа стратегија за ставање во полтронска позиција судската во однос на извршната власт започна со создавањето услови да не биде укинат идниот закон што требаше да бидат неуставно разрешени досегашните членови на Републичкиот судски совет кои не беа по волја на СДС и ДУИ. Тоа можеше да се оствари само со именување членови на Уставниот суд кои ќе бидат послушни и нема ниту да најдат причина за покренување постапка за оценување уставноста на измените на Законот за Републички судски совет. Тоа и се оствари. Уставниот суд не успеа да најде ниту една причина да ја оцени неуставноста на измените на Законот за Републичкиот судски совет а со тоа да разреши многу дилеми што беа поставени при расправата по Предлогот на законот во ова Собрание. Со тоа ќе беше надмината и опасноста секое идно мнозинство да може било која функција, вклучувајќи ја и функцијата на Уставниот суд да ја третира како работен однос или поинаку, зависно од потребите на моментот.

Втората фаза беше неизгласувањето на судии кои беа предложени во Републичкиот судски совет за пополнување на испразнетите места во основните и апелациони судови. Тие испразнети места не функционираат или функционираат со “ВД” веќе неколку месеци. Се чекаше да помине денешната точка на дневен ред, да се именуваат членови на Републичкиот судски совет по волја на СДС и ДУИ, кои потоа до Собранието ќе предложат и судии што се по волја на парламентарното мнозинство.

Со тоа и со заканата што како “Дамаклов меч” виси над главите на сите останати судии за нивно разрешување, ќе се постави судството во целосна зависност од владеачките партии, со што ќе се овозможи негова целосна инструментализација во политички цели.

Овие предложи се само дел од реализацијата на крајната цел, ставање на судскиот систем под капа на извршната власт. Ова ќе се покаже и при самото гласање за предлозите на Претседателот на Државата кои не можат да бидат контролирани како личности и под влијание на владеачките партии. Оттука, со ова

што се прави се создава уште поголема недоверба во судството и ние тука и сите македонски граѓани ќе останеме само со надеж дека еден ден во Македонија ќе се создаде позиција на независност на судската власт. Но тој ден ќе се оддалечи уште повеќе со ова што се случува денеска.

Македонија и понатаму ќе се движи во правец што никако не води кон вистински демократски односи во државата, бидејќи без целосно почитување на принципот на поделба на власта на законодавна, извршна и судска не можеме да зборуваме за демократски поставена власт и за демократија во која што секој граѓанин ќе има целосна доверба во институциите на системот.

Доколку се сакаше да се почитува стручната јавност, тогаш комисијата ќе најдеше сили да побара предлози од апелационите судови и од Врховнит суд на Република Македонија. Ќе се консултираше за предлозите со опозиционите претставници, ќе овозможеше јавна дебата за приоритетот и квалитетот на предложените кандидати. И, после целата таа процедура ќе извршеше избор што немаше да предизвика никакви сомнежи. Но, тоа не се случи. А, и самата теза наведена од претседателот на Комисијата за тоа дека тој што е на власт одлучува, бидејќи има мнозинство не треба да се примени и врз судската власт ако сакаме да имаме зголемена доверба во судството, ако сакаме вистинска негова независна позиција.

А, со овие предлози и со целите што со овој избор треба да се постигнат, не може да се каже ништо друго освен потреба за влијание на судството од страна на власта.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Мавровски.

Се извинувам, ако имате преголема дискусија можеме да продолжиме во вторник, бидејќи во 17,00 часот треба да прекинеме.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г. претседателе.

На ред доаѓа изборот на судии на Републичкиот судски совет. Сите досегашни ситуации покажуваат дека СДС се бори се да стави под свои ингеренции, под своја капа. Сега, на ред стаса последното судство, а тоа е Републичкиот судски совет. Тука, како пратеници го избравме Јавниот обвинител за кого имаше многу

дискусии, па на крајот со гласање се избра. После тоа биравме 124 судии. Многу ми е жал што тие 124 ние како пратеници не избравме само 5. Но, зошто не избравме само 5, сето тоа се случи без ниту едно објаснување. Колегите пратеници од позицијата гласаа како што гласаа и мислам дека за тие луѓе сигурно не е пријатно да бидат одбиени без ниту еден факт или аргумент, а пред тоа да бидат предложени од вашата фела, како што милува да каже г. Јордановски. Но, тоа се заврши.

Со судот и судството СДС ги започна овие активности уште во 1996 година при првото бирање на судии и кои од нив се бирани доживотно, а после тоа предлогот на Владата, СДС го бираше еднопартискиот Парламент и тука се направија првите дисквалификации на судството и нивната независност. Мислам дека тоа и денеска има последици и сето ова што се случува денеска е само продолжение на тогашните работи.

Ова што се случуваше со Републичкиот судски совет, повлекувањето, па повторно ставање точка на дневен ред, мислам дека незаконското пензионирање на судиите од Републичкиот судски совет со што повредени правата на судиите, тогаш што треба да очекуваат обичните граѓани. Но, некои од сегашните предложени кандидати се обиде на граѓаните на Република Македонија да им објасни колку е тоа во ред. Мислам дека не ги убедив ниту нив, а уште помалку се убеди самата себе си.

При донесувањето и кажувањето за промената на Републичкиот судски совет многу често беше спомнуван Охридскиот договор, но сега не знам на кој договор би можеле да се повикаме ние. Добро кажа еден колега дека во моментот од 7 членови на составот на Републичкиот судски совет само 3 се македонци, 2 албанци 1 турчин и 1 србин. Сето тоа воопшто не би било проблем, но претходниот Републички судски совет, господата од опозицијата едноставно немаа доверба во квалитетот и стручноста на тој судски совет, сега како ќе имаме доверба кога некој повторно ќе бара кои проценти. За жал, тука не зборуваме ниту за квалитет, ниту за компетенстност, туку зборуваме колку се процентите и од која националност кој судија доаѓа.

Мислам дека предлогот на опозицијата што го кажа г. Краљевски, тоа е дека најдобро решение за минимирање на оваа негативна појава, поставување кадри блиски до партијата на власт во независната судска власт е менувањето на Уставот и давање на таква надлежност на едно независно, високопрофесионално, стручно, кадровско тело каде и предлагањето и изборот на судии ќе биде исклучиво

во целосна негова ингеренција. Мислам дека токму за тоа требаше да зборуваме пред да ги определуваме овие судии на Републичкиот судски совет за кои во основа зборуваме дека биле стручни и компетентни.

Тука многу пати слушнав во оваа година дена за стручност и компетентност. Но, кога станувашe збор и ги гледавме биографиите на тие луѓе, кога стасавме до нивната стручност, да имаат возачка дозвола Б категорија или да се од некои бенифицирано место на живеење во Македонија или поради нивната националност. Мислам дека посебно за судството, како трета власт, не смее да се случи.

Конкретно би кажал, бидејќи на дневен ред беше г-ѓата Ленче Софрониевска, добро кажа г. Јордановски, немаме пиено кафе, лично не се познаваме, но како за секој судија и секој од нас нè гледа јавноста, исто така како јавни личности ги гледа и овие судии, поставени се на тапет и се проучуваат многу работи. Од оваа говорница многу пати се слушна за некои цели и криминали, за некои мауси и компјутери, за пижами и не знам уште што. Оваа госпоѓа е таа госпоѓа поради која што основната причина за негативниот извештај на Стејт департментот и Европската унија, во кој извештај се оценуваше реформскиот дострел на Република Македонија во судството како трета власт и таа, во Владата што е и сега на власт, добивме негативна оценка. Тоа е првото.

Второ, беше поставена за претседател на Апелациониот суд во Скопје. Пред тоа се случи реформа на судовите и се укинаа сите гранкови судови. Токму во екот на приватизацијата. Сите жалби и тужби завршија како што завршија. Некој од тие луѓе кои тогаш ги добија претпријатијата денеска се големи бизнисмени, богаташи, а работниците од тие фирми денеска се наоѓаат на улица. За жал, во тоа време во Битола имаше 10 илјади невработени, а со завршувањето на приватизацијата нивната бројка се покачи на 20 илјади.

Сега, во текот на оваа седница разговаравме за формирање на некоја Агенција за директни инвестиции. Во времето на госпоѓата Ленче Софрониевска беше приватизирано повеќе од 75% на македонското стопанство, продадено за без цени, а тогаш се внесени само 51 милион долари во Македонија. За останатите 4 години, од 1999 - 2002 година 729 милиони долари, а сега, последнава година, кога повторно бараме странски инвестиции, само 13 милиони долари. За жал. Тоа е она што оваа партија секогаш бара со законски проекти да покрива работи за кои што и самата знае дека не ги бива, дека нема да биде ништо од тоа. Но затоа сега ќе го има под контрола Републичкиот судски совет што требаше да биде независен.

Што е уште почудно, заедно со г-ѓата Ленче Софрониевска во пакет доаѓа и г.  Ангел Солев кој тогаш, 1996 година заедносо неа беше избран за тогашен претседател на Основниот суд Скопје И. Во тие времиња се донесени сите одлуки предложени од Владата, потврдени од еднопартиското Собранието, со што се укинаа некои одлични закони за санкционирање на злоупотребата на службена должност на која што сега толку се повикува СДС. Но, за жал ја укина.

Тоа е тој двоен морал што цело време го гледаме и го слушаме од нивна страна и токму поради тоа мислам дека ниту мене, ниту граѓаните на Република Македонија не ги убедија дека овие членови што се предложени за Републичкиот судски совет се токму партиски војници што ги извршуваат задачите на својот шеф.

Затоа, јас ќе гласам против и нема да го изненадам г. Јордановски, против оваа одлука за членови на Републичкиот судски совет.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на г. Мавровски.

Господин Томиќ, реплика на господинот Мавровски.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Се извинувам, зборувам пред се во интерес на јавноста и правилно запознавање на фактите..

Прифаќам да се критикува некој, меѓутоа пред фактите и боговите молчат. А, фактите се следни:

Во моментот на презенање функцијата претседател на Апелациониот суд во Скопје, а не во Битола, господине Мавровски, во Апелациониот суд Скопје се наоѓале нерешени 13.300 предмети. Кога 1999 година госпоѓа Ленче Софрониевска беше разрешена од оваа функција, останати беа само 770 нерешени предмети. Затоа, ве молам кога зборуваме или дискутираме, навистина да дискутираме со факти.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господин Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас мислам дека воопшто не е проблем да видиме колку тогаш биле во судот, колку се решени и како се решени. Се работеше точно во Апелациониот суд каде што во тоа време се вршеше приватизацијата и продажбата на целокупниот капитал на Република Македонија, 85% е тој капитал и таквото брзо решавање на тие ситуации е уште потрагично затоа што огромен број на, веќе 8000 илјади предмети биле заостанати, застарени, тие се поништени, а другото што се случувало, тоа биле жалбите на работниците кои и понатаму останале на улица. Значи, ништо не добиле од она што значеше приватизација.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека има голем број пријавени дискутанти, претходно ви реков вторник, меѓутоа известен сум дека огромен број на пратеници се во Брисел на семинари и по други обврски, седницата ќе ја закажам накнадно. Продолжуваме во среда со седницата што е веќе писмено закажана.

Благодарам.

(Седницата со работа прекина во17,00 часот).